УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# Српската надворешна политика во време на кнезот Михајло Обреновиќ (1860-1868 год.)

(МАГИСТЕРСКИ ТРУД)

МЕНТОР:
Проф. Др. Далибор Јовановски

КАНДИДАТ:
Магдалена Илиоска Трајковска

Скопје 2012

# Содржина

Предговор........................................3

Вовед........................................5

**Глава Прва:** ***Србија и Османлиската Империја од (1860-1868 год.)***

I.1. Српско-османлиските односи и првите обиди за решавање на спорните прашања........................................11

I.2. Криза во српско-османлиските односи во текот на мај-ноември 1862 г.....18

I.3. Српско-османлиските преговори до 1866 год........................................31

I.4. Српско- османлиските односи (1866-1868 год.)........................................38

**Глава Втора:** ***Србија и Балканските народи (1860-1868 год.)***

II.1. *Србија и балканските народи (1860-1866 год.)*

II.1.1 Српско-грчките преговори (1861-1862 год.)........................................53

II.1.2. Обидите на Србија за балканска соработка (1861-1863 год.).........58

II.1.3.Односите на Србија со балканските народи (1864-1865 год.)..........74

II.2. *Србија и балканската соработа (1866-1868 год.)*

II. 2.1. Српско-црногорските односи (1866-1868 год.)........................................77

II.2.2. Српско-бугарските односи (1866-1868 год.)........................................83

II.2.3. Српско-хрватските односи (1866-1868 год.)........................................88

II.2.4. Српско-грчките односи (1866-1868 год.)........................................92

II.2.5. Српско-романските односи (1866-1868 год.)........................................104

II.2.6. Српско- албанските односи (1866-1868 год.)........................................108

II.2.7. Српско-австро-унгарските односи (1866-1868 год.)..........................113

# Предговор

Постојната историографија која се занимава со проучување на историјата на балканските народи во XIX век а во тие рамки и односите меѓу балканските држави, во одредени граници зафаќа и сегменти од надворешната политика на Србија во 60-те год. на XIX век. Проучувањето на српската надворешна политика од 1860 год. до 1868 год. е од посебен интерес за балканската историја, а потребата од што попотполна разработка на оваа проблематика се наметнува како неизбежна.

Политичката акција на Србија за време на владеењето на кнезот Михајло Обреновиќ несомнено е дека оставила длабока идејна трага во подоцнежните балкански превирања од почетокот на XX век, што ја објаснува и причината за определбата за српската надворешна политика од 1860-1868 год., како предмет на моето проучување. Изворот на нестабилноста на Балканот лежи длабоко во процесот на градење на нациите, нивните национални политики кои се обликуваат во средината на XIX век и во експанзионизмот кој бил во фокусот на тие политики.

Одделни моменти и прашања од српската надворешна политика во време на Михајло Обреновиќ, претставуваат тема за научно истражувачка работа на доста српски историчари. Покрај изворните податоци кои ни ги даваат Ј. Ристиќ, М. Пирочанац, И. Гарашанин, со српската надворешна политика во 60-те год. на XIX век претежно или делумно се занимаваат С. Јовановиќ, Г. Јакшиќ, В. Вучковиќ, и др.

Во македонската историографија не постои комплетно и систематско дело кое ја разработува оваа проблематика. Некои моменти од српската надворешна политика од 1860 год. до 1868 год. се дел од проучувањата на др. Љубиша Доклестиќ и неговиот научен труд „Српско-македонските односи во 19 век". Договорите за сојузите меѓу балканските држави во периодот 1860-1868 год., воените конвенции, се дел од објавените документи во редакција на др. Михајло Миноски. Во недостиг на дело кое во целина ке ја разработува споменатата проблематика, произлегува идејата за овој труд и предметот на негово проучување. При проучувањето и изработката на трудот критички се пристапи кон сета достапна литература, извори, документи. При нивната анализа посебно се внимаваше на субјективноста и тенденциозните констатации и заклучоци на српските историчари.

Надворешната политика на кнезот Михајло Обреновиќ главно се движи во два правци а тоа е борбата против зависноста од Османлиската Империја и развивањето на балканската соработка т.е. создавањето на Балканскиот сојуз. Во зависност од

тоа е извршена и поделбата на главите во трудот. Посебно место и е отстапено на Македонија во надворешно политичките планови на кнезот Михајло Обреновиќ.

Се надевам дека идејата да се направи една систематизација на сѐ она што е досега пронајдено, објавено, надградено со новите сознанија, а сѐ со цел да се добие еден целосен преглед и анализа на српската надворешна политика од 1860 год. до 1868 год. со посебен осврт кон местото на Македонија во таа политика, ќе придонесе за дополнување на балканската историографија.

# Вовед

Создавањето на балканските држави претставува збир од меѓусебното делување на три фактори: будење на национализмот, опаѓањето на Османлиската Империја и спротивставените интереси на Големите сили. Фактот дека создавањето на независните држави делумно се должел на напорите на самите балкански народи кои со своите востанија допринеле да се разниша и така слабата османлиска власт, а напорите би биле неуспешни доколку во нивна корист не интервенирале Големите сили, го потврдува испреплетувањето и меѓусебната зависност на трите фактори.

Создавањето на српската држава започнува со избувнување на првото српско востание во 1804 год. Оваа побуна во Белградскиот пашалак, многу далеку од побуна за независност на една силна национална група против туѓиот завојувач, започнува како бунт против локалната османлиска власт. На османлиската држава и требале цели девет години да ја добие малата војна против слабо вооружените и неорганизирани селани, кои во 1806 год. ќе побараат помош од Русија. Избувнувањето на Руско-османлиската војна ке го стави овој регионален спор во вртлогот на Наполеоновите војни, па неуспехот делумно ќе се должи на борбите на Големите сили во Европа.[1] Две години подоцна српскиот водач Милош Обреновиќ го кренал Второто српско востание. Овојпат Србите избрале поповолно време. Имено, поразот на Наполеон кај Ватерло, им дозволил на Русите слободно да се свртат кон Балканот, а со тоа и започнување на османлиско-српските преговори. Дипломатската игра на Милош, која се состоела од искажување лојалност кон султанот и одржување добри врски со Русија, му ја гарантирале неговата превласт во Србија. Истовремено го гарантира и патот на Србија кон добивање автономија. Наградата за српската лојалност доаѓа во 1828-1829 год. кога втората Руско-османлиска војна ќе им донесе нови отстапки на Србите. Со хатишерифот од 1830 год. Србија добива целосна внатрешна автономија, а Милош е прогласен за наследен кнез.

Стекнувањето на автономија не ја преобразило Србија во модерна држава од западен тип. Кнезот Милош, во суштина, останал паша кој со своето кнежевство владеел како со свој личен посед.[2] Неговата автократска управа наоѓа поткрепа во потребата од разбивање на регионалниот партикуларизам и селската анархичност. Незадоволството од апсолутистичкото владеење кулминира со донесување на т.н. Турски устав, во декември 1838 год. Со согласност од Русија и Портата, уставот

[1] Miša Gleni, Balkan 1804-1999: nacionalizam, rat i velike sile, Beograd, 2001, стр. 31
[2] L.S. Stavrianos, The Balkans 1815-1914, Bershire, 1963, стр. 238

предвидувал образување на Совет од седумнаесет члена со широки овластувања а со тоа и ограничување на кнежевската власт.[3] Како резултат на Милошевата неспремност да ја дели власта со незадоволните великодостојници, сега групирани во уставобранители, во 1839 год. абдицирал во корист на својот син Милан (1839-1842 год.), кој после три години поминати со разни сплетки и интриги, бил протеран од престолот во корист на Александар Караѓорѓевиќ (1842-1858 год.).

Српското општество почнало полека да чекори кон својот политички и економски развој. Уставните отстапки кои ги добиле уставобранителите, со одобрување на Големите сили, ги поставиле темелите на партискиот систем и уставниот развиток. Тој систем имал многу недостатоци и бил исполнет со чести династички судири меѓу Караѓорѓевиќи и Обреновиќи.[4] Тоа било надополнето и со напредок на корумпираноста, сложен судски систем и суров полициско-бирократски режим, кој предизвикувал жалење по „старите времиња". И покрај тоа Србија бележи напредок во однос на примитивните стандарди кои постоеле на почетокот на векот и почнало да се чувствува навлегување на западното влијание.

Иако автономно кнежевство со скромен меѓународен профил, Србија можела со право да тврди дека има надворешна политика.[5] Преку дејноста и делото на Илија Гарашанин, министер за внатрешни работи(1843-1852 год.) и претседател на владата и министер за надворешни работи( 1852-1853 год., 1861-1867 год.), Србија развила долгорочна политичка стратегија за експанзија.[6] Со Начертанието од 1844 год., се утврдува основата на српската национална програма. Во политичкото обликување на оваа програма големо влијание имала полската емиграција, чија активност била во согласност со борбата на западните сили, пред се Англија и Франција, за потиснување на руското влијание на Балканот. Српската држава требало да биде пречка за ширењето на руското влијание.[7] Основната идеја на Начертанието е замислата за создавање силна српска држава, заснована на принципот на историското право и длабоките корени на српското царство од XIII и XIV век, доволно силна да се спротивстави на Австрија и Русија и фактор за зачувување на

---

[3]Исто, стр. 240.

[4]M.Gleni, Balkan 1804-1999..., стр.132.

[5]Еден од триумфите на кнезот Милош е и издејствувањето во Белград да се отворат европски конзулати. Исто, стр.132.

[6]Дејвид Мекензи, Илија Гарашанин, српски народни вођ, 1843-1867, Илија Гарашанин: (1812-1874): зборник радова са Међународног научног скупа одржаног 9 и 10.12.1987, Београд, САНУ, 1991, стр. 188-206

[7]Во текот на 1843 год.водачот на полската емиграција Адам Чарториски, напишал „Совети до кои треба да држи Србија", убедувајќи ги Србите дека треба да ги обединат јужнословенските народи во федерација, и да развијат долгорочен план за својата иднина. Фрањо Зах, чешки емигрант, често бил во контакт со Гарашанин, кој го замолил да состави план за српската политика. Двата документа послужиле како основа за Начертанието( Исто, стр.189).

европската рамнотежа по пропаста на Османлиската Империја.[8] За Гарашанин оживувањето на царските традиции на Стефан Душан и старата српска слава биле врховна цел.[9] Со националната акција на Србија требало да се опфатат во прв ред Босна, Херцеговина, Црна Гора и Северна Албанија а потоа Срем, Банат и Бачка како и Славонија, Хрватска и Далмација.[10] Косово (Стара Србија) и Македонија не се споменуваат во Начертанието. Меѓутоа со самото тоа што говори за создавање на српска држава настаната на основа на Душановото средновековно царство, се претпоставува дека во рамките на новата држава ја гледа и Македонија.

Надворешното влијание иако имало голема улога сепак не било пресудно во создавањето на националната програма. Малата, несигурна Србија била бледа сенка на големата визија за обновено Душаново Царство. Сонот за надминување на тесните граници и територијалната експанзија ја предводеле мисијата за ослободување на „неослободените браќа" или враќање на териториите во духот на историскиот легитимизам. Меѓутоа остварувањето на програмата од 1844 год. неизбежно доведува до судир меѓу двата основни принципа при легитимирањето на територијалните барања, „природното право" односно правото на самоопределување на народите од една страна и повикувањето на „историското право", од друга страна. Воспоставувањето на Душановото царство вклучува територии на кои Србите не можеле да полагаат право врз основа на принципот на „природно право". Повикувањето на историскиот легитимизам, претставата за територијалниот простор на идната држава и прашањето дали и како „сите Срби" треба да бидат обединети, биле спорните прашања кои и се наметнувале на српската програма.

Својот став околу територијалниот простор на српската држава како и определување на националниот идентитет на Србите, уште пред создавањето на Начертанието, го изнесува втемелувачот на српскиот романтизам, Вук Караџиќ (1787-1864 год.).[11] Не земајќи ги во предвид историскиот легитимизам или вероисповедта како критериуми во дефинирањето на идентитетот на Србите, Караџиќ ги означува како Срби сите кои зборуваат на штокавско наречје, односно што живеат во Источна Херцеговина, Босна, Србија и поголемите делови на Хрватска, Славонија и

---

[8] Начертаније Илија Гарашанина, програм спољашње и националне политике Србије на концу 1844. године, Београд, 1991, стр. 17-20; Холм Зундхаусен, Историја Србије од 19. до 20. века,(превео с немачког Томислав Бекић), Clio, 2009, стр.128

[9] Д.Мекензи, Илија Гарашанин,... стр.189

[10] Начертаније Илија Гарашанина ..., стр.30-40; Х. Зундхаусен, Историја Србије.., стр.128

[11] Michael Boro Petrovich, Karadzic and Nacionalism, Serbian Studies, v.4, n.3, 1988, p.41-56; Х. Зундхаусен, Историја Србије..., стр.98

Далмација.[12] Иако наликува дека неговиот јазичен национализам ги претставува корените на големосрпските експанзионистички планови, треба да се земе во предвид дека триесетите години односно времето во кое Караџиќ го изнел својот став, сè уште било прилично нејасно кој е српски народ и кој му припаѓа.

За јавноста во тајност до почетокот на XX век, Гарашаниновото Начертание им служело на владетелите како збир на упатства за територијалната експанзија на Србија. Својот план за политичка пропаганда Гарашанин започнал веднаш да го спроведува. Бидејќи Начеранието препорачувало собирање на детални податоци за ситуацијата и расположението во другите „српски земји", како и за тамошната воена сила на непријателот, тој создал и раководел со организација за систематска пропаганда и агитирање во Османлиската и Хабсбуршката Монархија.[13] Заедно со своите помошници, Јован Мариновиќ, Матија Бан и Тома Ковачевиќ, во март 1849 год., составиле „Нацрт за спроведување политичка пропаганда во словенско-османлиските земји."[14] Во март 1853 год., под притисок на Русија, Гарашанин бил сменет од функцијата претседател на владата и министер за надворешни работи.

Политичката криза која следните години ја зафатила Србија, предизвикана од судирите меѓу кнезот Александар и Државниот Совет, ја оневозможувале надворешно- политичка активност. Внатрешните превирања ги забрзала и Кримската војна (1853-1856 год.) и Парискиот Мировен Договор (30.03.1856 год.), ставајќи ја Србија во широко поле на меѓународни односи.[15] Според одредбите од Договорот, наместо под дотогашната руска заштита, Србија е ставена под заедничка гаранција на Големите сили потписнички на Договорот, Англија, Франција, Австрија, Русија, Сардинија и Прусија. Од австрофилската политика на кнезот Александар се повеќе биле незадоволни мнозинството членови на Државниот совет, како и младата либерална интелегенција. Под нејзино водство, на 23 декември 1858 год., на Светоандрејското собрание, Александар бил симнат од власт и за нов кнез бил

---

[12]Исто (Х. Зундхаусен), стр.102; Во 1836 год. Караџиќ го создал делото „Срби сви и свуда", објавено во 1849 год. Своите тези ги дополнил во 1861 год. со делото „Срби и Хрвати". Во него сите кои говореле на штокавско наречје биле означени како Срби. (M.B. Petrovich, Karadzic and Nacionalism..., p.53,54)

[13]Д. Мекензи, Илија Гарапанин..., стр.191

[14]Гарашанин раководел со српската тајна пропаганда надвор од земјата. Негови соработници биле Јован Мариновиќ, помошник за пропагандата, Лазар Арсенијевиќ, член на Советот во Србија, Матија Бан, писател од Дубровник, Тома Ковачевиќ, соработник од Босна, и двајца австриски Срби, Атанасиј Николиќ и Антониј Орешковиќ. Под надзор на Гарашанин, Бан и Ковачевиќ изработиле неколку посебни планови засновани на Начертанието. Земјите каде требало да ја рашират пропагандата биле поделени на јужна и северна зона, каде Бан и Ковачевиќ имале задача повремено да вршат обиколки, да даваат упатства на агентите и да собираат извештаи.Според тие планови до февруари 1851 год. требало да бидат собрани сите потребни известувања и во март да се доврши со планот за општо востание. (Исто, стр. 190-192).

[15]Славенко Терзић, Србија и Грчка: (1856-1903): борба за Балкан, Београд, 1992, стр.87

прогласен 76-годишниот Милош Обреновиќ.[16]

Враќањето на династијата Обреновиќ требало да означува и нов правец во надворешната политика. Тој нов правец би се движел во насока на исполнување на амбициозната национална програма за борба против Османлиите и „ослободување и обединување на „српскиот народ" на Балканот.[17] Од Милош се очекувало да издејствува коренити промени во однос на присуството на Османлиите во Србија. Не признавањето на наследноста на кнежевското достоинство на неговата династија од страна на Портата биле главен повод за затегнатоста на османлиско-српските односи од самиот почеток на неговото владеење. Барањето за признавање на наследност на неговата династија, како и барањето за иселување на муслиманите од Србија и можноста Србија сама да може да донесе Устав, биле прашањата за кои Милош се борел до крајот на својот живот.[18] Османлискиот одговор на овие прашања, кои во февруари 1860 год. српска делегација ги предала на Портата, уште повеќе ги заострил српско-османлиските односи. Имено, Османлиите го прифатиле барањето за иселување на муслиманите под услов посебна комисија да го реши тоа прашање, додека во однос на уставното барање, Портата го задржала правото на пропишување на внатрешното уставно уредување на Србија.[19] Понатамошната активност на Милош околу овие прашања ја прекинала неговата смрт на 27 септември 1860 год.[20]

Второто владеење на Милош е во време на бурни европски случувања. Во средиштето на европската политика се наоѓало италијанското прашање и италијанско-австриската војна, која била на повидок. Кај Милош постоела некоја надеж дека во ваква напната европска ситуација и за Србија би можело да има нешто „корисно".[21] Затоа било потребно да се испита ставот на Големите сили кон источното прашање и можноста за негово отворање во време на Италијанско-австриската војна. Со таа цел, во пролетта 1859 год., кнезот Милош го пратил својот син Михајло на европска „обиколка", притоа посетувајќи ги Виена, Париз, Лондон и Берлин.

Надевајќи се на помош и „разбирање" за српските барања од страна на Наполеон III, за време на престојот во Париз, Михајло му предал однапред подготвен

---

[16]Милорад Екмечић, Дуго кретање између клања и орања Историја Срба у Новом веку (1492-1992), (друго, допуњено издање), Београд, 2008, стр.268

[17]С. Терзић, Србија и Грчка..., стр.88.

[18]Владимир Стојанчевић, Историја српског народа, кн.5,том 1, Од првог устанка до Берлинског конгреса: 1804-1878, Београд, 1981, стр.289.

[19]Илија Пржић, Спољашна политика Србије, Београд, 1991, стр.78.

[20]В. Стојанчевић, Историја српског народа.., стр.289

[21]Гргур Јакшић, Војислав Ј. Вучковић, Спољна политика Србије за владе кнеза Михаила (први балкански савез), Београд, 1963,стр.22

Меморандум. Меморандумот претставувал жалба против османлиската власт за непризнавањето на српските барања, истите наведени во документот. Во завршниот дел од Меморандумот, пак, Србија излегла со понуда за воен сојуз со Франција против Австрија и Османлиската Империја.[22] Меѓутоа, уште пред да го предаде Меморандумот, на Михајло му било посочено дека Наполеон III нема намера да го покрене Источното прашање. Паралелно со тоа, францускиот конзул Дезесар во Белград требало да објасни дека е пожелно Србија да избегнува ситуации кои би можеле да ги нарушат односите со Портата и да создадат нови компликации во општите прилики во Европа и со тоа да предизвикаат незадоволство кај потписничките на Парискиот договор.[23]

Од Париз Михајло отишол во Лондон, каде енергично биле одбиени сите барања кои биле оценети како нарушување на османлискиот суверенитет.[24] Во Лондон дошло од средба меѓу Михајло и Лајош Кошут, водачот на унгарската емиграција. За нивните разговори се дознава само од Кошутовите спомени, што не може да се земе како релевантен извор.[25]

Михајловата обиколка по Европа требало да заврши со посета на Петроград, меѓутоа поради опасноста од проширување на воените дејства и Милошевата здравствена состојба, посетата била откажана. Делегацијата се вратила во Србија при крајот на летото и го затекнала Милош тешко болен.

Иако Милошевата надворешна политика не довела до некои поконкретни резултати, сепак е значајна како почеток на една поенергична политика, која ќе донесе плод за време на владеењето на неговиот наследник, кнезот Михајло.

---

[22]Исто, стр..28.

[23]Ова било потребно и поради гласините кои проструиле за „божемното"испраќање на француски бродови со оружје и муниција за Србија и за воените подготовки во Србија. (Исто, стр.28)

[24]Дека не треба да се надева на англиска поддршка, му било навестено и со одбивањето на неговото барање за посета на кралицата Викторија т.е. известувањето дека ке биде примен само со присуство на османлиски пратеник. (Исто, стр. 28-29)

[25] Во своите спомени, Кошут го наведува Наполеон III како иницијатор за средбата со Михајло, со цел Кошут да го изнесе пред него унгарскиот план за востание. Според тој план на Србија и е дадена улога да посредува меѓу Унгарците и Хрватите за склучување сојуз и да помага на Унгарците во востанието. (И. Пржић, Спољашна политика..., стр.78) Но, надвор од Кошутовите спомени нема потврда дека е склучен српско-унгарски договор за помош. Исто така, горенаведеното тврдење не се согласува и со советите и упатствата на Наполеон III и француската влада за немешање на Србија во настаните. Пред да замине Михајло во Европа, сардинскиот конзул Франческо Астенго покренал разговори во Белград за воспоставување на унгарско-српска соработка. Од Србија се барало да помогне во кревање на востание на Унгарците и австриските Срби. Во духот на протоколарната учтивост, кнезот Милош излегол со резервиран став, додека Михајло му дал јасна изјава на Астенго дека Србија не е способна да учествува поради недостаток на оружје. Ваквата акција без претходен договор со Франција и Сардинија, ја изложувала Србија на опасност од одмазда на Австрија и Османлиската Империја. Астенговата дејност во Белград била прекината со склучување на мирот во Цирих на 11 ноември 1859 год. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика ..., стр. 20-36)

## Глава Прва: *Србија и Османлиската Империја од 1860-1868 год.*

### I.1. Српско-османлиските односи и првите обиди за решавање на спорните прашања

Кнез Михајло дошол на престолот на 26 септември 1860 год, објавувајќи дека ја прима власта како наследен српски кнез, како според царскиот хатишериф така и по законот за наследство.[26] Со доаѓањето на власт издал прокламација во која се ограничил на изнесување на главните црти од внатрешната политика која планирал да ја спроведува. За Ристиќ, вазалната положба на Србија ја исклучувала секоја манифестација на надворешните погледи на кнезот и потребата да не открива прерано никаква замисла за реализација на „народните идеи".[27]

Смирувањето на внатрешните несогласувања, а со тоа и создавањето на силна и цврста власт неопходна за престојната национална политика, биле главните и првите проблеми кои ги изнел во Прокламацијата.[28] Имено, од враќањето на кнезот Милош на политичката сцена политичките несогласувања никако не престанувале. Гонењето на привржаниците на Караѓорѓевиќи набрзо се претворило во гонење на сите противници на самоволието на кнез Милош и неговите советници. Ваквата ситуација се одржала и во почетокот на владеењето на Михајло иако тој, како што навестил и во Прокламацијата, доста направил за да се смират внатрешните превирања, преку воведување на либералите во владата, враќање во служба на многу отпуштени чиновници и доделување пензии. Уште веднаш по доаѓањето на престолот, кнезот Михајло мислел дека ќе ги смири политичките страсти ако во владата воведе претставници од сите политички групи, и конзервативци и либерали. Меѓутоа, неговите напори за обединување на политичките противници биле безуспешни.[29] Можноста за заедничка работа била минимална, па постојаната подвоеност во владата и во Советот го отежнувала водењето на државните работи.[30] Од друга страна, ограничувањето на власта на

---

[26]Јован Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II (1860-1868), Београд, 1887, стр.3

[27]Исто

[28]Исто, стр.4; Јовановић Слободан, Друга влада Милоша и Михаила, Београд, 1933, стр.148-149

[29] Alex N. Dragnich, Leadership and Politics: Nineteenth Century Serbia, The Journal of Politics, v.37, n.2 (maj1975), p.353

[30]На 27 октомври 1860 год. кнезот Михајло ја составил владата и тоа: за министер за надворешни работи и претседател на владата бил избран Филип Христиќ, привремен министер за внатрешни работи Никола Христиќ,

кнезот од страна на Државниот совет, што недозволувало негово јакнење и јакнење на неговата надворешна политика, ја предизвикувала неопходноста од реформи во државата. Согласно тоа, меѓу првите задачи на српскиот кнез било и промена на Уставот од 1838 год.

Од кнезот Михајло се очекувале многу промени, не само најавените, на внатрешен план, туку и на надворешен. Од него се очекувало да поведе порешителна политика кон Портата. Па така, уште од првите денови на своето владеење, кнезот Михајло ја манифестирал својата намера да го менува односот кон османлиската држава. Ја искористил свеченоста за приемот на османлискиот берат за потврда на неговиот избор за кнез, за измена на дотогашната вообичаена церемонија. Со цел да прикаже дека му придава мало значење на бератот, свеченоста не била изведена како во претходните прогласувања, на отворени места со големо присуство на војска и народ, туку предавањето на бератот било извршено во кнежевскиот дворец со мало задоцнување на кнезот.[31] Намерно допуштајќи собраните српски и османлиски великодостојници и странски конзули да го причекаат, Михајло „ладно" го примил бератот од османлискиот пратеник Енвер бег, притоа изјавувајќи дека ќе владеел како лојален вазал на султанот, но и како кнез кој ќе ги чувал и бранел правата и институциите на Србија.[32] Според Јован Ристиќ, ваквото однесување на српскиот кнез ја изненадило Портата која во него гледала европски дипломат и очекувала поголема резервираност.[33]

За Големите сили, султановиот берат бил обична формалност.[34] Стапувањето на кнез Михајло на кнежевскиот престол било одлична можност да се дојде во контакт со владетелите на Големите сили. Укажување на внимание и нивно известување за доаѓањето на Михајло за српски кнез, требало да биде официјалната причина на мисијата доверена на членот на Советот, Јован Мариновиќ, во ноември 1860.[35] Всушност, вистинската цел на мисијата била да се испита расположението

---

министер за правда и просвета Јеврем Груиќ, министер за финансии Јован Гавриловиќ. Според Јован Ристиќ, ова било влада која ја сочинувале така разноврсни, завојувани меѓу себе елементи, кои не се ни поздравиле на првиот состанок. (Ј. Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II..., стр. 79; С.Јовановић, Друга влада Милоша.., стр. 156-159)

[31] Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр.10; Живан Живановић, Политичка историја Србије у другој половини XIX века,књ.II ( 1858-1878), Београд,1924, стр. 67

[32] Исто (Ристић)

[33] Исто, стр.10-11

[34] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр. 52

[35] Јован Мариновиќ во време на владеењето на кнезот Михајло бил употребуван во разни дипломатски мисии во странство при што поголем дел од времето го поминал во Париз. (David Meckenzie, Jovan Marinović, Serbia's Outstanding European Diplomat 1821-93, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian Studies, v.20 n.1, 2006, p.17)

на силите кон српските барања до Портата, главно околу иселувањето на муслиманското население и промената на Уставот од 1838 год.[36] Имајќи лошо искуство во преговорите со Портата водени во време на кнез Милош, кнезот Михајло овојпат сакал да ги заобиколи преговорите со Портата и без нејзина согласност да изврши внатрешни промени во Србија. Затоа требало прво да провери на каков прием би наишле ваквите негови чекори кај Големите сили.[37]

Во периодот од ноември 1860 год. до јануари 1861 год., Мариновиќ ги посетил Виена, Петроград, Берлин и Париз.[38] Во разговорите кои биле водени во Петроград, Мариновиќ и Горчаков, главно разговарале околу промената на Уставот, иселувањето на муслиманите од Србија, програмата на српската национална политика и финансиските средства потребни за нејзино реализирање.[39] Нечувствувајќи се доволно силна за да игра поодлучувачка улога во решавањето на судбината на османлиската држава, што го повлекува и ставот дека се уште не е време за отворање на Источното прашање, руската влада со извесни резерви и под одредени услови ветувала поддршка за сите српски барања. Од друга страна пак, и Србија не сакала да се доведе во ситуација која би можела да предизвика поголема зависност од Русија, со што би се лишила од поддршката на останатите држави. Околу промената на Уставот, односно промената на одредбите кои се однесувале на Државниот совет, а во смисла на ограничувањето на неговата власт и проширувањето на кнежевската власт, Горчаков го советувал Мариновиќ да се почека попогодно време како би се избегнале судирите со Портата и интервенцијата на Големите сили.[40] Прашањето за иселувањето на муслиманите од Србија, руската влада сметала дека треба да се реши само на мирен начин преку преговори. Во однос на побараниот заем од триста илјади австриски дукати, Мариновиќ добил ветување дека руската влада ќе настојува кај банкарите со кои соработува да и го одобрат под што поповолни услови.[41] Големите подготовки кои и следеле на Србија, како јадро околу кое ќе се соберат сите потчинети народи во османлиската држава, според Горчаков, би биле изложени на опасност доколку Србија веднаш би се впуштила во некои помали востанија и заговори. Рушењето на Империјата требало

---

[36]Писма Илије Гарашанина Јовану Мариновићу, књ.II ( 1859-1874 године), средио Ст. Ловчевић, Београд, 1931, стр.78

[37]Алексић Лилјана, Став Француске према Србији за време друге владе кнеза Милоша и Михаила (1858-1868), Београд, 1957, стр. 43; D. Meckenzie, Jovan Marinović ..., p.16-17

[38]Планирана била и посета на Торино, но била откажана со цел да се избегнат непријатности со Австрија.( Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољашна политика...,стр. 52)

[39]Исто, стр.55

[40]Исто

[41]Исто, стр.56

да се остави за подоцна, кога ќе било можно општо востание на христијанските народи од Балканот.[42]

Крајот на февруари 1861 год. Мариновиќ стигнал во Париз, каде имал средба со министерот за надворешни работи Тувнел.[43] Во својот Меморандум од 28 февруари 1861 год. Мариновиќ му ја понудил на Тувнел српската лојалност и обврската дека Србија ќе се приврзе за „великодушната и покровителската политика" на Франција.[44] Изнесувајќи ги најважните проблеми на Србија, Мариновиќ барал совети, со цел својата политика, Србија да ја води во согласност со ставовите на француската влада. Исто така биле наведени и предлози за начинот на решавање на спорните прашања со Портата. На прашањето кое се однесувало за независна внатрешна управа што повлекува иселување на муслиманското население надвор од градовите, во Меморандумот бил изнесен предлогот за воспоставување српска јурисдикција над нив, доколку самите доброволно не се иселат.[45] Според Ристиќ, кнезот Михајло му дал посовремен облик на ова прашање, на тој начин што тој не барал нивните муслимански сограѓани да ја напушат Србија туку да останат во своите домови но да се потчинат на српската јурисдикција.[46] Во врска со Уставот од 1838 год., Мариновиќ барал француска поддршка т.е. признавање на правото на Србија да го промени, а сè со цел да не применува „застарени и непрактични одредби".[47] Во Меморандумот било начнато и прашањето околу давањето засолниште на бегалците од другите османлиски области и српската решеност истите да не ги враќа на османлиските власти. За Лилјана Алексиќ ова било, во суштина, најважно прашање иако во Меморандумот било последно поставено.[48] Францускиот одговор на српските предлози и прашања, не ги исполнил српските очекувања. Понудата околу лојалноста на српската влада кон Франција не била прифатена, поткрепувајќи ја Тувнел ваквата француска реакција со несогласувањето со односите на Србија со Црна Гора што произлегло од гласините за нивниот меѓусебен сојуз и ветувањето за испраќање на оружје од Србија за Црна Гора.[49] Тувнел ја нагласил потребата на Србија за одржување добри односи со сите соседи, без вмешување во некои судири, зашто во спротивно ќе била лишена од било каква

[42]Исто, стр. 56-57
[43]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр. 43
[44]Исто
[45]Исто, стр. 44
[46]Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр. 50
[47]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр. 44
[48]Исто
[49]Исто, стр. 45

морална поддршка од Франција.[50] Што се однесува до српските барања пред Портата, Тувнел ветил поддршка околу прашањето за иселување на муслиманите населени надвор од градовите. Согласувајќи се со српскиот став дека постоењето на две власти над исто население може да предизвика нереди, Тувнел и препорачал на српската влада да започне преговори со Портата и истите да се водат со повеќе умереност, без поголеми настојувања, како што тоа го направила Милошевата делегација од 1860 год. Тувнел бил против тоа Србија сама да го менува Уставот дозволувајќи единствено оправдани измени настанати во договор и согласност од Портата.[51] Во врска со прифаќањето на бегалците, Тувнел сметал дека тоа е неспорно право на Србија, со исклучок на оние кои претходно направиле некаков злочин.[52]

И Тувнел и сите државници со кои Мариновиќ разговарал стоеле на ставот дека Србија во своите барања би постигнала резултати, многу подобри отколку што било која европска дипломатија би и ги ветила, само ако лично преговара со Портата, без посредство на европските сили. Со исклучок на уставното прашања, за кое сите европски влади биле на мислење дека не треба да се покренува, Мариновиќ заклучил дека српската влада може да очекува, пред сѐ руска и француска поддршка околу прашањето за иселување на муслиманите при повторни преговори со Портата. Како резултат на тоа во март 1861 год., кнезот Михајло донел одлука за започнување на преговори со Портата, околу иселување на муслиманите населени надвор од утврдувањата. За преговарач бил назначен Илија Гарашанин.[53] Тој бил во добри односи со кнез Михајло, на кого секако, му требало политичар од таков тип.[54] Важел за човек кој се залагал до крајни граници да се исцрпат сите мирољубиви средства, уживал доверба кај француската влада, додека пак Портата го вбројувала во редовите на умерени српски политичари.[55] Кога и руската влада, во текот на мисијата на Мариновиќ побарала негово враќање во државните работи, Гарашанин бил оценет како најсоодветна личност за водење на преговорите.

---

[50]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.58

[51]Исто

[52]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр. 45

[53]Записи Јеврема Грујића, књ.III, Београд, 1923, стр.103

[54]Гарашанин учествувал во прогонувањето на привrзаниците на Обреновиќите, во задушувањето на нивните буни и заговори, бил против изборот на Милош за кнез на Светоандрејското собрание, па дури кружеле и гласови дека и тој бил кандидат за престолот. Според Лилјана Алексиќ, францускиот конзул Дезесар ја поддржувал неговата кандидатура, но немал австриска и руска поддршка. (Л. Алексић, Став Француске према Србији...,стр.30-31); Милош неможел да му ја прости ваквата негова политика, па затоа до почетокот на Михајловото владеење е надвор од политичката сцена.

[55]И самиот Гарашанин во едно од своите писма до Мариновић, вели дека Османлиите само со него можеле најдобро да ги решат работите. (Писма Илије Гарашанина.., стр.86)

Меѓутоа, идејата за преговори, поаѓајќи од мислата дека Русија ќе ги диктира а Франција ќе ги поддржува српските барања, наишла на отпор и несогласување кај Англија и Австрија, посебно околу прашањето за иселување на муслиманите од Белград.[56]

На 13 април Гарашанин стигнал во Цариград, а на почетокот на мај на османлискиот министер за надворешни работи Али-паша му го предал Меморот, со кој претходно ги запознал и амбасадорите на Големите сили.[57] Доста умерени и ограничени на едно барање, воспоставување српска јурисдикција над муслиманските жители надвор од утврдувањата, кнезот Михајло и Гарашанин очекувале дека овој пат ќе наидат на позитивен одзив кај Портата. Прашањето за наследноста на престолот и измената на Уставот не биле опфатени, од причина што првото веќе не било актуелно а другото Михајло планирал да го регулира по пат на нови внатрешни закони. Во умерена конотација, Мемоарот на Гарашанин го насочувал вниманието на Портата кон честите судири меѓу муслиманите и Србите и опасноста од постоење на двовластие во Србија. Со цел да се спречи тоа кнезот Михајло во Мемоарот предлагал муслиманите „да се потчинат на српските закони", искажувајќи ја надежта дека истото ќе го направат и белградските муслимани.[58] Србија не се откажувала од правата добиени со Хатишерифот од 1830 год., кој според Портата содржел „непромислено" ветување за иселување на муслиманите, неизземајќи ги и оние населени во Белград. За српската влада овој бил полноважен договор потпишан од двете страни, за разлика од Хатишерифот од 1833 год. кој Портата еднострано го донела, а во кој Белград бил изземен од наредбата за иселување на муслиманите.

Преговорите во Цариград се одвивале многу бавно. Постојаното османлиско одолговлекување било потпомогнато и со ситуацијата околу промена на престолот, односно османлиското незадоволство од српската реакција по тој повод. Имено, кнезот Михајло напишал поздравно писмо до новиот султан, Абдул Азис I, избегнувајќи притоа да го именува како свој суверен, како и секаков израз кој би можел да потсетува на потчинетоста на српскиот кнез кон султанот.[59] Незадоволство кај Портата предизвикала и самата форма на писмото, т.е. непосредното обраќање до султанот преку Гарашанин, а не преку Великиот везир.[60]

---

[56]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.66
[57]Исто
[58]Во Мемоарот било наведено дека српската влада можела да бара примена на Хатишерифот од 1830 год. и целосно иселување на муслиманите од Србија, но од хуманост кон тие семејства, предлага нивно останување во Србија под услов да се потчинат на српските закони. (Исто, стр.67)
[59]Исто, стр. 68
[60]Бидејќи постоела опасност од прекинување на преговорите, инцидентот со кнежевското писмо бил решен на

После многу одлагања, при крајот на јули, османлискиот одговор бил предаден на Гарашанин. Во него се ветувало иселување на муслиманите населени околу тврдините Соко и Ужице и замена на башибозукот со регуларна османлиска војска.[61] Портата барала и формирање на една мешовита комисија која ќе биде надлежна да го реши прашањето за обештетување на муслиманите кои требало да се иселат, но и на оние кои веќе се иселиле. Во однос на прашањето за белградските муслимани, Портата се држела до почитување на Хатишерифот од 1833 год.[62]

Незадоволна од ваквиот османлиски одговор, на 18 август, Србија испратила уште еден мемоар до Гарашанин. Во него им се оспорувало правото на оштета на муслиманите кои веќе се иселиле од Србија, а меѓу другото се потсетувала Портата дека не се во прашање само муслиманите кои живееле во Соко и Ужице, туку и околу Смедерево, Шабац, Фетислам, Мал Зворник и Кастела.[63] Што се однесувало до белградските муслимани, повторно била наведена опасноста од постоење на двовластие во Белград, како и правото Портата да го почитува Хатишерифот од 1830 год.[64] Портата останала непопустлива во своите ставови и во мемоарот предаден на Гарашанин во почетокот на септември, се ограничила на предлогот да се формира мешовит суд за решавање на кривичните дела кои би ги направиле Србите или муслиманите во Белград, а кој ќе суди по османлискиот кривичен закон.[65] Со писмо од 1 октомври, Гарашанин одговорил дека ваквата мерка би претставувала озаконување на постоечкиот неред и кршење на српските права и привилегии дадени на Србите со Хатишерифот од 1830 год.[66]

Во овие бесплодни преговори, Портата не само што не сакала да попушти, туку не видела и потреба за попустлива политика, пред сè поради слабиот интерес на Големите сили. Потпирајќи се на англиска и австриска поддршка, Портата останала на истиот став како на почетокот на преговорите. Според Алексиќ, францускиот конзул Лавалет, најмногу се вознемирил од неуспехот на преговорите.[67] Бидејќи не сакал ова прашање да добие европски размери, што би предизвикало

---

тој начин што кнезот Михајло напишал ново писмо во кое ја исправил неправилноста односно го именувал султанот као суверен а писмото го наменил до Великиот везир, без да го именува Гарашанин како директен носител на писмото. Бидејќи Гарашанин не сакал да оди кај султанот без првото писмо, не побарал аудиенција, наведувајќи ја болеста за причина.(Исто, стр.68-70)

[61]Исто

[62]Исто

[63]Исто, стр.69

[64]Исто

[65]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр.50

[66]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр. 70

[67]Лавалет бил најмногу вознемирен од реакцијата на Гарашанин и неговата констатација дека ситуацијата во Белград немало за долго да остане непроменета а бидејќи неможела да се измени со меѓусебна спогодба ќе се сменела на друг начин. (Л. Алексић , Став Француске према Србији.., стр.48-50)

подвоеност и затегнатост во односите меѓу европските претставници, настојувал Портата и Србија максимално да ги искористат сите можни средства за директен договор.[68]

## I.2. Криза во српско-османлиските односи во текот на мај-ноември 1862 год.

Неуспехот на преговорите, донекаде очекуван во Србија, бил одлучувачки за кнезот Михајло да го преземе следниот чекор а тоа е донесување закони за измена на внатрешното уредување на Србија. Уште додека Гарашанин престојувал во Цариград, во Крагуевац на 18 август 1861 год., започнало со работа т.н. Преображенско собрание.[69] На народните претставници им биле поднесени неколку законски предлози, со кои всушност се менувал Уставот од 1838 год.[70] Станува збор за четири основни закони кои собранието без многу дискусија ги усвоило: Законот за Народно собрание, за Државниот совет, за народна војска и данок по имот. [71]

Со Законот за Државниот совет, советниците биле поставени во положба на обични чиновници, кои ги поставувал кнезот и не поседувале никакви привилегии.[72] Еден ваков чиновнички состав не можел да ја ограничува власта на кнезот ниту да врши министерски надзор, а била оневозможена и било каква опозиција на кнежевската волја. Со овој закон кнезот Михајло добил скоро неограничена власт во управувањето со државните работи и се прогласил за единствен претставник на српскиот народ во односите со другите држави.[73]

На Преображенското собрание бил донесен закон за воспоставување на народна војска, институција која во однос на решавањето на војничкото прашање

---

[68]Исто
[69]Ј. Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II..., стр. 81
[70]Според Ристиќ, на Мариновиќ од страна на Русија, меѓу другото му било советувано, да не се менува целиот Устав, туку да се пристапи со посебни закони. Бидејќи кнезот Михајло сакал да ги подобри односите со Русија го прифатил советот на рускиот кабинет и наредил да се подготват проекти за некои закони. (Исто, стр. 80-81)
[71]Исто; Ж.Живановић, Политичка историја Србије ..., стр. 69
[72] С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михаила..., стр.168-180; A. N. Dragnich, Leadership and Politics..., p.353
[73]Ј. Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II.., стр. 91

сметале дека најмногу одговарала на потребите на земјоделскиот српски народ.[74] Покрај постојаната војска од околу три илјади луѓе, со овој закон било предвидено за краток рок, обука и вооружување на педесет илјади војници, кои би се повикале по потреба. Србија имала луѓе, селани, за таква формација, но и недостасувале старешински т.е. офицерски кадри за обука, технички средства и оружје. Францускиот мајор Хиполит Монден бил задолжен за организирање на српската војска и таа функција ја имал од септември 1861год. до април 1865 год.[75] Најмногу тешкотии на Србија и создавала набавката на оружје, главно поради потребната дозвола за пренос која требало да ја добие од двете ненаклонети држави, Австрија и османлиската држава.

Како што и се предвидувало, собраниските одлуки ја вознемириле Портата. Од страна на великиот везир Али-паша, донесените закони биле протолкувани како нов доказ за непријателските намери на Србија кон Портата.[76] Во неговиот протест против одлуките на Собранието се велело дека Портата немало да ги признае се додека истите не подлегнат на преиспитување и одобрување, како од Портата така и од Големите сили.[77] Дознавајќи за протестот како и за австриското и англиското незадоволство од донесените закони, претседателот на српската влада Филип Христиќ преку посебно писмо кое српскиот претставник во Цариград, Петронијевиќ требало да го прочита на османлискиот министер за надворешни работи и на претставниците на европските држави, се обидел да ги оправда собраниските одлуки. Истакнувајќи ја српската намера за ненарушување на врските кои ја соединуваат Србија со Портата, основањето на народната војска било објаснето со потребата од одржување на подобар ред во земјата.[78] Обидите на српската влада да ги оправда собраниските одлуки биле отфрлени од Портата, Англија и Австрија. Крајот на ноември 1861 год., Портата укажувајќи на повредите нанесени на Хатишерифите и Уставот, повторно протестирала кај Големите сили, сакајќи да добие мислење од нив пред да одлучи за мерките кои ќе ги преземе. Франција,

---

[74]С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михаила.., стр. 280-281

[75]Исто, стр. 290

[76]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.82

[77]Исто,стр.83; За да не се избегне меѓународна дискусија по ова прашање, Портата го поставила на Конференцијата на големите сили на која се расправало за Дунавските кнежевства. Ристиќ смета дека со овој чекор Али-паша сакал да испита дали било можно ако на Конференцијата добие право на вооружена интервенција во Влашка и Молдавија, истото да го прошири и на Србија. Иако не успела во својата намера, сигурна во австриско-англиската подршка, не се откажала од намерата да протестира пред српската влада. (J. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II..., стр. 89)

[78]Во писмото меѓу другото, се обвинувала Портата за неизвршување на одредбите од хатишерифот од 1830 год., како и за нередите кои османлискиот башибозук ги предизвикувал на српската граница. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,, стр.82)

Русија, Италија и Прусија одбиле да и дадат поддршка.[79] Австрија и Англија пак, преку своите конзули во Белград испратиле вербална нота до српската влада, во која протестирале на работата на Собранието, пред се на член десет од Законот за Државен совет, каде Србија „јасно ја покажала својата намера за независна држава".[80]

Во средината на декември 1861 год., српската влада претрпела значајни измени, преку поставувањето на Илија Гарашанин за нејзин шеф и министер за надворешни работи.[81] Неговиот избор, според многу дипломати и европски држави, бил најдобриот кој можел да се направи. Неговата способност и искуство во водењето на државните работи, биле надополнети со поддршката и симпатиите кои ги уживал кај повеќе европски влади, пред се руската. Од изборот на Гарашанин бил задоволен и великиот везир Али-паша.[82] Наклонетиот став кон Гарашанин единствено можел да ја олесни неговата задача да ги брани српските одлуки и да се спротивставува на австриските и англиските протести. Но, притисок на српската влада и понатаму бил вршен.

Општата ситуација на Балканот, па и во Европа, тие месеци, дава објаснување за ставот на Големите сили околу српското прашање. Немирите во Херцеговина, со опасност да ја зафатат и Црна Гора, вознемиреноста во Албанија и Бугарија, го окупирале вниманието на европската диломатија.[83] Ако не се сакало отварање на Источното прашање во поголеми размери не било во интерес ни на Портата, ни на Европа премногу заострување на односите со Србија. Од друга страна, иако доста заострени српско-османлиските односи, Србија ниту очекувала ниту сакала вооружен судир во средината на 1861 год. Србија била и војнички и дипломатски неспремна. Со голем дефицит во буџетот, без добро обучена војска и без оружје, без цврсто воспоставени врски со соседните области, без обезбедена поддршка од европските сили, Србија не била способна за вооружена акција. Поради добиените

[79] Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II...,стр.93-94

[80] Австрија била најзагрижена од сите бидејќи одлуките од Преображенското собрание ги поврзувала со гласините за Гарибалдиевите револуционерни планови на Балканот. (Исто, стр. 91-94); Во српскиот одговор на оваа нота, предаден на 24 јануари 1862 год., било изразено уверување дека работата на српската влада а во склад со тоа и Собраниските одлуки, немале никаква агресивна намера. Со новите закони надлежноста на Советот била само појасно одредена; кнежевската надлежност што се однесува на односите со странските сили и понатаму останувала во границите во кои Србија имала право на воспоставување такви односи; со законот на народна војска било само внесено ред во една категорија која веќе постоела во Србија.( Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.100-101). Во средината на март 1862 год., австрискиот и англискиот конзул, повторно презеле протесни чекори кај српската влада. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II...,стр.97)

[81] Исто, стр. 92

[82] Исто

[83] Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр. 53

ветувања дека нема да се вмеша во балканските немири, главно во Црна Гора, притисокот врз српската влада околу Преображенските одлуки престанал. Несомнено е дека и Франција интервенирала кај европските влади, главно во Лондон, за попуштање на затегнатоста и понатамошното заострување на тоа прашање.[84] Уште од почетокот на српско-османлискиот спор, најблагонаклонета на Србија се покажала Франција.[85] Со поставувањето на Монден за прв човек во српското воено министерство, Франција требало да помогне во организирањето на народната војска, меѓудругото и околу набавката на оружје. За таа цел во Париз бил испратен Манојло Јокиќ, потпретседател на Преображенското собрание, кој после двомесечни преговори се вратил со празни раце.[86]

Дипломатската активност на Портата околу собраниските одлуки, од почетокот на 1862 год., се префрлаат во друга димензија. Имено, Портата предизвикана од организирањето на народната војска, почнала да презема „одбранбени мерки" на границата со Србија. Османлиските воени манифестации кои започнуваат со прибирање воени групи, главно башибозук, долж српската граница, создале опасна ситуација.[87] Самото присуство на околу дванаесет илјади муслимани во Србија, повеќе години било извор на српско-османлиски инциденти, чија зачестеност од почетокот на 1862 год. се зголемила и станале секојдневна појава. Најзачестени биле инцидентите во околината на тврдините Соко и Ужице.[88] Српската влада, безуспешно, подолго време испраќала барања до Портата за испраќање на

[84]Исто, стр. 53-55

[85]Водена од своите интереси и планови во поглед на Источното прашање, нејзиниот став во текот на 1861/1862 год. бил доста колеблив и недоволно одреден. Во почетокот ја охрабрувала Србија на умереност и помирлива политика, за подоцна со појавата на новиот Наполеонов план околу европските т.е. италијанските случувања, ја поттикнува Србија на поактивна политика. Тоа бил периодот октомври-декември 1861 год. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,стр. 85-90); Според некои податоци Франција имала намера италијанското прашање да го реши на Исток т.е. да предизвика интервенција на Австрија во Херцеговина и притоа како компензација за Херцеговина да ја отстапи Венеција на Италија. Во француската политика постоел и период кој се движел во прилог на создавање на низа национални држави.( Исто; Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр.55); Во интерес на Франција било и зацврстувањето на внатрешното уредување на Србија. Без разлика дали Франција ќе се одлучела за отворање на Источното прашање или не, силна и средена Србија би било неоходна. Во моментите околу протестите на Преображенските одлуки, компилицирањето на Источното прашање што би се предизвикало со влегувањето на Србија во судир со Портата, не било пожелно за Франција. (Исто)

[86]Според Ристиќ преговорите неуспеале зашто Франција не сакала да се изложи на осуда и замерки од страна на Портата. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II...,стр.176-178); Франција и предлагала на Србија да набави оружје од англиски фирми, бидејќи кога би се дознало за потеклото на оружјето, туркофилската политика на англиската влада, би бил јак аргумент во одбрана пред Портата. (Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.75-76)

[87]С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михаила.., стр.338; Османлиите ширеле и лажни гласини за упади на српски чети и повикување на босанските христијани на бунт. Според Ристиќ, османлиските војници се преоблекувале во српско одело и во име на кнез Михајло ги повикувале христијаните во Босна на востание. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II..., стр. 99)

[88]Исто, стр.102-103; Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.107-109; Според Ристиќ, петнаесет илјади а според Јакшиќ, кои ги користи извештаите на конзулите, дванаесет илјади муслимани живееле во Србија.

комесарот задолжен за формирање на ветената мешовита комисија за иселување на муслиманите.[89]

Српско-османлиските односи се повеќе се влошувале, за што сведочи и зголемениот број на вооружени судири во Белград, во текот на мај 1862 год. [90] Еден таков судир, предизвикан на 24 мај, ја принудиле српската влада да испрати известување до странските конзули, кое се однесувало на воспоставување на еден сегмент на српска јурисдикција над муслиманите.[91] Во ваков контекст бил и упатениот Мемоар од 24 мај до Портата, и изјавите на Јован Ристиќ, српскиот претставник во Цариград, дека ако комесарот набрзо не дошол, владата ќе била принудена да прогласи српска јурисдикција над муслиманите населени надвор од тврдините а ќе им бил оставен и доволен рок да можат да ги продадат своите имоти и да ја напуштат Србија, ако би го сакале тоа.[92] Ваквата Ристиќева постапка Али-паша ја сметал како „крвава навреда" и објавување непријателство.[93] Поради сѐ почестите вооружени судири, за што побрзо заминување на османлискиот комесар во Србија, кај Али-паша реагирале и претставниците на Големите сили во Цариград. Меѓутоа Али-паша не покажувал волја за започнување преговори, па како што и се очекувало , во текот на јуни, кризата во која западнале српско-османлиските односи се претвора во судир од големи размери.

Убиството на едно српско момче во Белград, на 15 јуни, од страна на турските низами, го означило почетокот на вооружената борба во Белград.[94] Во текот на ноќта, со посредство на англискиот конзул биле водени преговори меѓу Гарашанин и мухафизот на белградската тврдина Ашир-паша. Според постигнатиот договор, Ашир-паша се согласил да ја повлече стражата од капиите и од зградата на османлиската полиција додека Гарашанин гарантирал нивно непречено повлекување и безбедност на оние муслимани кои остануваат надвор од тврдините.[95] Два дена по потпишувањето на примирјето, на 17 јуни, утрото, одеднаш и без никакви предупредувања, започнало четириипол часовно бомбардирање на Белград.[96] Бомбардирањето предизвикало паника кај населението, а ја збунило и европската

[89]Преписка између Кнеза Михаила Обреновића III и српскога заступника у Цариграду Јов.Ристића 1861-1867, са уводом и једним додатком од Јов.Ристића, Београд, 1897, стр.12,13
[90]Ј.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр. 102
[91]Српската влада ги известила конзулите дека во иднина српските судови ќе бидат надлежни да судат на муслиманите кои ќе бидат фатени надвор од својот кварт. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.109)
[92]Ј .Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр. 103-104
[93]Исто
[94]Исто, стр.106-107
[95]Исто
[96]Исто, 108

дипломатија. Конзулите кои пред самиот почеток на бомбардирањето тргнале на состанок со Гарашанин и Ашир-паша, огорчени од ваквата повреда на потпишаната спогодба, одлучиле да не одат на состанокот и со заедничка декларација да изразат протест и осуда на Ашир-пашината постапка.[97] Единствено австрискиот вицеконзул Васиќ одбил да се потпише на декларацијата, предизвикувајќи сомнеж кај неговите колеги и српската влада, околу неговото учество во пашината одлука за бомбардирањето.[98] Неговото однесување во сето случување, односно гласините дека пред самото бомбардирање австриските државјани биле повикани да се повлечат од Белград и дека Австријците ги снабдиле Османлиите со муницијата потребна за бомбардирањето, како и одбивањето да учествува во општата осуда на настанот, дало повод да се поверува во неговото соучесништво.[99]

Пред европските дипломати, Али-паша и останатите османлиски министри, се покажале изненадени од случувањата во Белград.[100] Веднаш било наредено прекин на непријателствата, смена на белградскиот мухафиз и бил наименувам специјален пратеник, Ахмед Вефик-ефендија, кој требало да поведе истрага за белградските случувања. За Белград требало да замине и претходно наименуваниот комесар Али-бег, за да ја започне својата мисија околу решавањето на проблемот со иселувањето на муслиманите населени надвор од градовите.[101] На веста за неговото заминување во Белград, Тувнел предложил во водењето на истрагата да учествуваат и конзулите а резултатите да се поднесат на разгледување на една конференција на претставниците на гарантните сили во Цариград, со присуство и на османлиски

[97] Vladislav B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations for the creation of the first Balkan Alliance, 1861-64, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian studies, v.22, n.1, 2008, p. 72

[98] Исто,pp.73

[99] Меѓу европските дипломати проструила идејата за окупација на Белград од австриските трупи, со цел прекин на судирот. Станува збор за англиски предлог, амбасадорите на гарантните сили во Виена да испратат делегати во Земун кои заедно со австрискиот делегат ќе наредат австриските трупи да навлезат во Белград и да воспостават примирје. (Л.Алексић, Став Француске према Србији..,стр.56); Јован Ристиќ фрла сомнеж врз Портата како иницијатор за предлогот. (Ј.Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II..,стр115) Целта на Раселовиот предлог бил да спречи Русија да го искористи бомбардирањето, охрабрувајќи ги Србите да започнат војна за независност. Поради негативниот став на француската и руската влада, англиската влада морала да го повлече својот предлог. Францускиот министер за надворешни работи, незадоволен од постапката на белградскиот заповедник, оценувајќи ја како спротивна на секое меѓународно право и крајно безобразно кон конзуларното тело во Белград, му наложил на својот амбасадор во Цариград, сам или со своите колеги да направи се што е можно за да го запре бомбардирањето и да ја опоменат Портата на член 29 од Парискиот Договор, со кој се забранувала вооружена интервенција во Србија без претходен договор на гарантните сили. (Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.56)

[100] Ристиќ смета дека бомбардирањето можело да се изврши само по заповед од Цариград каде, според него, „можеби се помислило дека е добра прилика со еден удар Србија да се направи засекогаш безопасна". Али-паша му изјавил на Ристиќ дека на белградскиот мухафиз му бил издаден налог да го нападне Белград, само доколку Србите „ги нападнат османлиските куќи или градот". (Ј.Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II..., стр.110)

[101] Исто, стр.111, Đorđevič Života, Čukur-česma 1862: studija o odlasku Turaka iz Srbije, Beograd, 1983, стр.220-221

делегати.[102]

Додека европските конзули работеле на добивање османлиска согласност за конференција, Србија се обидувала да ги искористи случувањата за што подлабока ревизија на своите односи со Портата. Веднаш после бомбардирањето, кнезот Михајло прогласил воена состојба во Белград и околината и наредил да се префрлат одреди народна војска.[103] Крајот на јуни, српските сили околу Белград броеле околу тринаесет илјади војници.[104] Со цел да ја спречат обновата на непријателствата, конзулите се поделиле во три групи, од кои секоја контролирала по една страна. Францускиот конзул останал во белградските тврдини, англискиот и рускиот во шаторите на Калимегдан, меѓу тврдините и српските барикади, а австрискиот и прускиот останале во градот.[105] Во текот на овие случувања се смета дека од Белград се иселиле околу две третини од неговите жители.[106]

Кнезот Михајло и српските министри веднаш почнале да ги проучуваат можностите, како да ја искористат ситуацијата во корист на добивање на старите српски барања, за целосно иселување на муслиманите од Србија. Се надевале дека белградското бомбардирање ќе ги увери големите сили во оправданоста на барањето за иселување на муслиманите. Неможејќи да си дозволи после извршеното бомбардирање, враќање на старата состојба во Србија, што би значело удар на неговиот углед и место на престолот, кнезот Михајло настојувал да се употреби поостар тон кон Портата и воено разрешување на кризата.[107] Меѓутоа, неговите министри, пред се Гарашанин, водени од воената и финансиската неспремност на Србија, како и опасноста од австриска интервенција, се залагале за усвојување умерено држење и дипломатски средства.[108] Кога српската влада видела дека Вефик ефендината истрага оди во насока на префрлање на одговорноста за бомбардирањето на Србија, и пред се кога дознала дека со поддршка на Австрија и Англија Портата немала намера да ги напушта тврдините, решила да испрати апел за помош до францускиот и рускиот цар и лорд Расел.[109] Српското гледиште било

---

[102]Л. Алексиħ, Став Француске према Србији..., стр.57

[103]J.Ристиħ, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II., стр.111-112; Писма Илија Гарашанина...,стр.97

[104]T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:I, The Slavonic and East European Review, v.12, n.34 (jul.1933), p. 145

[105]Исто

[106]Исто, p.146; V. B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations.., p.74

[107]Во писмото до J. Ристиќ од 30 јуни 1862 год., кнезот Михајло го изведува заклучокот дека „додека има турски градови во Србија, ниту за неа ќе има напредок, ниту за мене во неа опстанок". (Преписка између Кнеза Михаила Обреновиħа..., стр.14)

[108]Исто

[109]Ž. Đorđevič, Čukur-česma 1862..., стр. 226

изнесено и во Гарашаниновото писмо до конзулите од 30 јуни, и во мемоарот наменет до Портата и гарантните сили.[110] Повикувајќи се на својата мирољубивост и османлиско „безумие“, српската влада акцентот во документите го става на белградските случувања и стравот од можните последици од иден инцидент.[111] Со цел да ја добие очекуваната поддршка од Франција и Русија на претстојната конференција, го задржува умерениот тон и барањата не ги поставува директно туку во завиена форма.

Иницијативата за свикување на конференција за решавање на српско-османлискиот судир и припаѓала на Франција. Со идејата се сложиле сите гарантни сили, но не можеле да се сложат околу формата во која требало да се упати повикот за конференција до Портата, односно според австро-англискиот предлог требало да се свика конференција на која ќе се расправало за виновноста на Србија, а според француско-руското гледиште требало да се разгледаат белградските случувања без предвреме Србија да се означува за виновник.[112] Освен тоа, постоеле и несогласувања меѓу австрискиот и англискиот претставник околу прашањето за учество на италијанскиот делегат на конференцијата, за што Австрија била голем противник.[113] Османлиската влада, која требало да го одреди датумот на конференцијата, се обидела да го искористи ова прашање за да го осуети нејзиното свикување. Така, на 13 јули, Али-паша им упатил нота на силите во која изнесол три предлози: 1. барал силите да гарантираат статус кво во Србија до започнувањето на конференцијата; 2. се додека не се решело италијанското прашање, Портата не можела да испрати покана до италијанскиот претставник, а со тоа и конференцијата не можела да започне. Ако се покажело дека е невозможно да се свика конференција, да се воспоставело некое „привремено уредување“ во Белград, до конечното решение; 3. Портата да има одврзани раце ако Србите ја нападнат.[114] Очигледно е дека со овие предлози, Портата се обидувала да ја одложи конференцијата на неодредено време. Но под притисок на Големите сили морала да попушти и на 22 јули била свикана конференцијата.[115]

На 8 јули, бил склучен договор во вид на меморандум помеѓу францускиот

---

[110] Исто

[111] Исто

[112] Ј.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, кн.II. , стр.116

[113] Исто. Како потписничка на Парискиот договор од 1856 год., Сардинија била една од гарантните сили. Но нејзиното прераснување во кралство Италија, не било признато од Австрија. Австрискиот претставник бил против присуството на Италијанците на конференцијата. (T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:I, .., p.148)

[114] Ј.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, кн.II.., стр.117

[115] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.119; Ž. Đorđevič, Čukur-česma 1862.., стр.241

министер за надворешни работи, Тувнел и рускиот пратеник во Париз, Будберг, за заедничко, согласно настапување и меѓусебна поддршка на престојната конференција.[116] Француската и руската дипломатија, знаејќи ја османлиската одлучност и непопустливост околу прашањето за повлекувањето на воените гарнизони од белградската тврдина, во својот договор предвидувале заеднички притисок врз Портата за решавање на прашањата како: рушење на османлиските објекти во внатрешноста на Белград, повлекување на османлиските гарнизони од внатрешноста, укинување на стражарската војска во белградската населба, српска јурисдикција над муслиманските жители во Србија и да не се дозволи забрана на зголемувањето на воената моќ на Србија, неопходна за одржување ред и сигурност.[117]

Со цел идните случувања да не ја затекнат неспремна, како и да добие поддршка од европските сили на престојната конференција, Србија презела извесни дипломатски активности. Посебно било важно да се дознае што може да се очекува од Франција. Па, во таа насока во Париз бил испратен Милоје Лешјанин, началник на министерството за надворешни работи, кој во првите денови на јули пристигнал во Париз.[118] Во разговорите кои ги водел со Тувнел, му било предочено за големите тешкотии кои би се појавиле на конференцијата посебно околу прашањето за напуштање на белградската тврдина.[119] Ветувајќи единствено морална поддршка, Тувнел му советувал дека со оглед на општата ситуација, вклучувајќи ја и неподготвеноста на Франција за отворање на Источното прашање, и состојбата во српската војска, српската влада да не почнува војна за чиј успешен исход нема изгледи, туку да ги прифати одлуките на конференцијата.[120]

После неколку обиди за одолговлекување од страна на Портата, најпосле на 22 јули 1862 год. во цариградското предградие Канлици, започнува конференција на претставниците на европските сили во Цариград. На конференцијата Портата ја претставувал големиот везир Фуад-паша и министерот за надворешни работи Али-паша. Спорната Италија била исто претставена, со дозвола од австрискиот

---

[116] Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.58-59; V. B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations ..., p.73

[117] Спогодбата не предвидувала напуштање или рушење на белградската тврдина, бидејќи сметале дека претераното залагање по тоа прашање можело да го попречи успехот во остварувањето на останатите, погоренаведени барања. После потпишувањето на договорот, Тувнел во Лондон разговарал со Расел, кој сметајќи ја Србија за прекршувач на односите утврдени со договорите и со тоа одговорна за бомбардирањето, се согласил само со дел од претходно наведените барања, како укинување на османлиските стражи надвор од белградската тврдина, напуштање на тврдините во внатрешноста и српска јурисдикција над муслиманите. (Исто Алексић)

[118] Србија и ослободилачки покрети.., док.217; Ž. Đorđević, Čukur-česma 1862.., стр.227-229

[119] Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.59

[120] Исто

амбасадор Прокеш, нејзиниот претставник да учествува на конференцијата само во својство на претставник на Сардинското Кралство.[121] Тргнувајќи првенствено од интересите на големите сили, пред се Англија и Франција, во рамките на борбата за престиж во Цариград, од самиот почеток па се до крајот, конференцијата поминала во знакот на двете спротивставени гледишта, француско-руското и англиско-австриското. Спротивностите меѓу Булвер и Прокеш, од една и Мутије и Лобанов од друга страна, избиле уште на самиот почеток при упатувањето на нотата до конзулите во Белград, со цел да влијаат на кнезот Михајло да не дозволи нови непријателства додека е во тек конференцијата.[122]

После долги спогодувања и измени, како основа за дискусија на конференцијата бил усвоен предлогот на англискиот претставник Булвер. Поаѓајќи од виновноста на Србија во случувањата и потребата да се преземат превентивни мерки против неа, во Булверовиот предлог се предвидувало: иселување на муслиманското население со надомест кој Србите требало да го платат; воспоставување српска јурисдикција; обврска на Портата дека во иднина нема ги бомбардира градовите без претходно да го извести конзуларното тело; проширување на одбранбениот појас околу белградската тврдина; рушење само на тврдините во внатрешноста, Соко и Ужице, а не и другите со образложение дека влегуваат во одбранбениот систем на османлиската држава; рушење на српските барикади и намалување на српската војска на дванаесет илјади војници.[123] Предлогот во целост бил поддржан од австрискиот претставник, рускиот и францускиот се спротивставиле, додека пак, италијанскиот и прускиот претставник биле доста воздржани во своите изјави.[124] Французинот Мутије бил против примена на било какви превентивни мерки против Србите, како рушење на барикадите или прекин со вооружувањето, од причина што на тој начин се признавала вината на Србија и би се предизвикале нови нереди.[125] Отстапките кои требало да ги направи Србија, според него, требало да зависат од отстапките кои ќе ги направи Портата и сето тоа

[121] J.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.121
[122] Исто, стр.124-125
[123] Исто, стр. 130-132
[124] Исто, стр.133; Во текот на конференцијата најнаклонет кон српските барања бил францускиот претставник. Причините поради кои Франција ја поддржувала Србија се во склад со тогашната нејзина источна политика т.е. потребата судирите на Исток да се локализираат и да се затвори источното прашање. Тактизирањето на францускиот претставник што ќе се види понатаму, е согласно со потребата на Франција да се одложи распаѓањето на Османлиската Империја за попогодни моменти кога ќе може да го искористи. Па врз основа на тоа, во текот на коференцијата Франција ќе го поддржува интегритетот на Портата, ќе и помага на Србија во остварување на своите желби и спогодбено ќе истапува со Русија. На тој начин, истовремено ќе го зацврсти своето влијание во Србија и нема да дозволи заслугите за подобрување на положбата да и припаднат само на Русија. Од друга страна, во тие моменти, Русија била слаба за било каква поагресивна акција.
[125] Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.62

прифатено од јавното мислење во Србија, зашто во спротивен случај кнез Михајло би абдицирал, а Србија би паднала на „товар на силите“.[126] Неговите обиди да ја разубеди Портата во полезноста од напуштање на белградската тврдина, останале безуспешни.[127] Поради одлучниот став на Портата дека тврдините на Сава и Дунав се неопходни за одбрана на границата, без резултат останале и Мутијеовите настојувања за нивно рушење. Повикувајќи се на хатишерифите кои не предвидувале ништо за бројната состојба на српската војска, како и на инструкциите од својата влада во кои немало овластување за покренување на тоа прашање, Мутије се спротивставил не само на нејзиното ограничување туку воопшто и на дискусија по тоа прашање. [128]

Во почетокот на преговорите, Мутије имал иако молчалива но полна поддршка од прускиот делегат, важна за добивање мнозинство гласови на француска страна. Сметајќи на таа поддршка со сигурност, Мутије решил да не инсистира на напуштање на белградската тврдина, каде француското мислење повеќемина не го поддржувале, туку да изврши поголем притисок во однос на другите барања за постигнување што подобри услови за Србија, избегнувајќи притоа заострување на судирите. Мутије и Лобанов имале инструкции да не потпишуваат спогодба т.е. да ја прекинат работата на конференцијата ако не се договорат за напуштање на сите тврдини, но само ако обезбедат поддршка од прускиот и италијанскиот претставник.[129] Меѓутоа прускиот претставник кој на почетокот му ветувал поддршка, во последен момент ја откажал, изјавувајќи дека немал овластување да одобри прекин на конференцијата и непотпишување на спогодбата.[130] Со ова значајно се изменила положбата на Мутије и Лобанов во текот на преговорите а постоела и опасност понатамошниот притисок врз Портата да ја ослабне положбата на Франција во Цариград. Затоа Мутије добил нови инструкции од својата влада, според кои требало да се задоволи со веќе добиените отстапки за Србија и да ги ограничи барањата. Истовремено францускиот конзул во Белград, чие што мислење и влијание, според Алексиќ било пресудно за српската влада, имал тешка задача да ја убеди во невозможноста од остварување на сите нивни барања и потребата од

---

[126]Исто

[127]Мутије се обидел да и докаже на Портата дека во е нејзин интерес и во интерес на големите сили, белградската тврдина да остане во српски раце, истовремено прашувајќи се дали истата има некоја вредност, зашто доколку била насочена против Србите тоа би било спротивно на Договорот и одржувањето на меѓународната доверба. (Исто, стр.62,63)

[128]J. Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II.., стр.132-133

[129]Исто, стр.134-144

[130]Л.Алексић, Став Француске према Србији.., стр.64-66

прифаќање на одлуките од Конференцијата, колку и да биле неповолни.[131]

Компликациите кои би настанале во спротивна ситуација, како абдикација на кнезот, како што се заканувал кнезот Михајло или воено заострување на ситуацијата, не биле ни најмалку пожелни за Франција.[132] Во согласност со тоа е и француската реакција на Михајловата изјава на седницата на владата од 9 август. Имено, кнезот Михајло изјавил дека не можело многу да се очекува од конференцијата, ниту на мирен начин нешто да се добие од Портата.[133] Како реакција на ваквата изјава, Тувнел предупредил на опасноста од секакво пренагласување на ситуацијата, истовремено забранувајќи му на Монден учество во било какви непријателства и истапување од српската служба.[134]

Одолговлекувањето на Конференцијата ги заморило сите учесници. Дискусијата била сведена на прашањата за напуштање на малите градови, проширување на реонот на белградската тврдина, ограничување на српската војска и османлискиот гарнизон, давање гаранција од Портата против ново бомбардирање и надомест на штетата.[135] Барањето на компромис се чувствувало во ставовите на сите делегати, со исклучок на османлиските претставници, кои охрабрени од успехот во војната против Црна Гора, постојано давале отпор на предлозите за попуштање.[136] Најпосле, на последниот состанок од 4 септември, после седумчасовно заседавање, била постигната согласност за Протоколот на Конференцијата кој на 8 септември, во француската амбасада, бил потпишан од претставниците на Големите сили.[137]

Придобивките од Канлицкиот протокол биле далеку под барањата на Србите. Било предвидено рушење на тврдините во внатрешноста, Соко и Ужице; иселување на муслиманите населени надвор од тврдините, што Србите не го сметале за нова

---

[131]Исто, стр.66,67; Во писмото до Ристиќ од 2 август 1862 год., кнезот Михајло го опишува разговорот кој го имал со францускиот конзул Тувнел, кој го убедувал да се согласи на договор кој би предвидувал иселување на муслиманите од сите градови освен Белград. Иако Србите со тоа немало да бидат успокоени, истакнал кнезот Михајло, сепак ќе го примел ваквиот предлог како минимум и тоа единствено затоа што Тувнел тоа му го предложил. (Преписка између Кнеза Михаила Обреновића..., стр.15-16)

[132]Ако кнез Михајло абдицирал, Франција се плашела дека на негово место не било невозможно да дојде австриски човек или австриски трупи да го окупираат Белград, како што претходно се зборувало.

[133]Записи седница Министарског савета Србије, 1862-1868, приредио Никола Шкеровић, Београд, 1952, стр.3-4; За разлика од него дел од неговите министри на чело со Гарашанин, стоеле на ставот да се прифатат одлуките на конференцијата. Исто. Неколку дена пред седницата, кнезот Михајло му испратил писмо на Ристиќ во кое велел дека војната со Османлите била неизбежна и му советува на српскиот претставник во Цариград, да настојува кај гарантните сили за одолговлекување на конференцијата, со цел Србија да има повеќе време за воени подготвки. (Преписка између Кнеза Михаила Обреновића..., стр.18)

[134]Л.Алексић, Став Француске према Србији.., стр.67-68

[135]J. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр.142-153

[136]Преписка између Кнеза Михаила Обреновића..., стр. 17

[137]J.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр.153; Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.152

добивка туку како потврда на придобивките од пред триесет години; оштета за претрпената штета на муслиманските жители што требало да ја плати Србија а Портата била изземена од ваквата обврска; Портата требало да се спогоди со српската влада и сопствениците на домовите предвидени за рушење, во врска со проширување на белградската тврдина, чии граници требало да ги одреди меѓународна воена комисија; Србија добила гаранција против ново бомбардирање вметнато во текстот приложен кон Протоколот.[138] Било предвидено да се создадат три комисии. Првата би била составена од европски воени стручњаци за да ги одредат границите на белградската тврдина, додека другите две би биле цивилни, српско-османлиски со задача да ја утврдат штетата од бомбардирањето и да го спроведат иселувањето на Османлиите од Србија.[139]

Кнезот Михајло толкувајќи го Протоколот како штетен на интересите на Србија, пред се преку одредбите кои се однесувале на исплатата на оштета и проширувањето на белградската тврдина како еден вид награда на Портата, се до крајот на септември се двоумел околу неговото прифаќање. Претставниците на Големите сили, пак сметале дека Србија треба да биде задоволна со Протоколот зашто добила многу повеќе од она што барал Гарашанин во 1861 год.[140] За да ја разјаснат недоумицата на Михајло т.е. да го убедат да го прифати Протоколот, кај него интервенирале францускиот конзул, но и англискиот амбасадор во Цариград. Ветувајќи поддршка на српската влада за сите барања кои не би претставувале повреда на интегритетот на османлиската држава, Булвер стравувајќи за опстанокот на своето дипломатско дело, во разговорот со српските министри и кнезот се покажал доста наклонет кон српскиот народ, признавајќи го за оправдано нивното незадоволство.[141] Оваа, ако може да се нарече тактика на Булвер за да се придобие кнезот Михајло да го прифати Протоколот, или како што некои српски историчари сметаат, за да го поправи негативниот впечаток кој го оставил во Србија со својот став на Конференцијата, сепак влијаела на кнезот да попушти. Српскиот кнез не ни имал друг избор освен да ги прифати одредбите бидејќи отфрлањето на Протоколот би значел војна а ниту финансиски ниту воено Србија не била подготвена за војна, ниту пак ситуацијата на Балканот и кај Портата ветувале успех во некаков вооружен судир, а од друга страна пак, самото неприфаќање на Протоколот би значел и

---

[138]Исто (Ристић), стр.154-155; T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:III, The Slavonic and East European Review, v.12, n.36 (apr., 1934), p.646
[139]Исто (Ристић), стр. 249-250
[140]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр.72
[141]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,стр.153-155

непочитување на одлуките на Големите сили и лишување од нивната понатамошна поддршка, посебно од Франција и Русија. Кнезот Михајло, со писмо до големиот везир од 3 октомври, го потврдил прифаќањето на Протоколот.[142]

## I.3. Српско-османлиските односи до 1866 год.

По завршувањето на Канлицката конференција како резултат на српското вооружување, повторно дошло до нарушување на српско-османлиските односи. После бомбардирањето на Белград, во Русија бил испратен Атанасиј Николиќ, кој требало да го прими и пренесе оружјето ветено од руската влада, во текот на мисијата на Милан Петронијевиќ во февруари 1862 год.[143] Истовремено, во Букурешт Коста Магазиновиќ издејствувал ветување од романскиот кнез Куза дека ќе дозволи пренос на оружјето.[144] Во ноември 1862 год., започнало пренесувањето на оружјето преку Романија кон Србија, предизвикувајќи вознемиреност во Цариград.[145] Вознемирени биле и европските сили, пред се Англија и Австрија, чии конзули веднаш протестирале кај кнезот Куза, кој пак, охрабрен од вестите за француската и руската поддршка на Србија го избегнувал одговорот, велејќи дека ќе ја испита целата работа.[146]Во меѓувреме османлиската влада испратила апел до Големите сили, после кој на 10 декември 1862 год. конзулите на сите гарантни сили, со исклучок на Русија, испратиле заедничка нота до романската влада, во која барале да го заплени оружјето и да го задржи под надзор на конзулите додека истрагата не го утврдела неговото потекло а Големите сили не одлучеле што ќе се прави со

[142]Исто, стр.154

[143] После неуспехот во преговорите за набавка на оружје од Франција, српската влада се обратила за помош на Русија. Руската влада ветила дека ќе и продаде оружје на Србија и за таа цел во Петроград, во почетокот на февруари 1862 год., бил испратен помошник министерот за правда Милан Петронијевиќ. (Србија и ослободилачки покрети.., док.204, 212, 222); Во таа прилика руската влада му ветила на Петронијевиќ дека ќе им продаде триесет илјади пушки и дека ќе биде склучен договор за заем од триста илјади австриски дукати. (Исто, док.212)

[144]Исто, док. 210

[145]Во средината на ноември 1862 год. избувнал инцидент со рускиот брод „Работник", кој преку Дунав пренесувал олово и шалитра, испратени од француска фирма. Товарот го задржал Видинскиот паша под изговор дека било „воена муниција". Во текот на решавањето на овој инцидент, стигнала веста за преносот на оружјето. (J.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II... стр.175,176)

[146]Исто, стр.180,181

него.[147] Овој чекор на силите, како и писмото од големиот везир до кнезот Михајло со кое барал објаснување од него, го навеле српскиот кнез да преземе поконкретен чекор, со кој не само што ќе му ја олеснел положбата на романскиот кнез туку ќе добиел и во време за што поголема количина оружје да се префрли во Србија.[148] Кнезот Михајло на 16 декември, упатил телеграми до големиот везир и министрите на гарантните сили, каде набавката на оружје ја објаснил како нужна потреба за организирање на внатрешниот ред и безбедност.[149] Францускиот одговор на телеграмата, кој стигнал наредниот ден, за српската влада бил од големо значење, меѓудругото и затоа што го оневозможувал заедничкото истапување на силите. Во него, протестното настапување на Франција во Букурешт било објаснето со желбата да се добие точно известување за количината и намената на оружјето со напомена дека ваквото француско држење не значело промена во наклонетоста и пријателското расположение на францускиот цар кон српскиот кнез.[150] Ваквиот тон на францускиот одговор бил во директна спротивност со австрискиот предлог за испраќање строга опомена во вид на заедничка нота до кнезот Михајло, во која би се повикала Србија да го прекине своето вооружување и согласно одредбите од Канлицкиот протокол да пристапи кон преговори со Портата за ограничување на бројноста на народната војска.[151] Не сакајќи потполно да се одвои од Виена и Лондон а да се поведе со Русија, Франција се сложила да направи посебен чекор во Белград, но одбила да биде во тонот кој Австрија го предлагала.[152]За својот предлог Австрија не успеала да ги придобие и другите сили, чии одговори, посебно рускиот и прускиот биле напишани во поблаг, наклонет тон кон Србија.[153]

На 20 јануари 1863 год. во Цариград започнала конференција на амбасадорите со цел да расправа по ова прашање. После долги дискусии, било решено да се испрати предлог до романскиот кнез да испрати свој претставник во Цариград, кој ќе и ги даде сите објаснувања на Портата и воедно со тоа „ќе ја смири недовербата кај Османлиите".[154] Булвер и Прокеш предложиле истиот чекор да го направел и кнезот Михајло, но поради спротивставувањето од рускиот претставник

---

[147]Непријатно изненадување во Белград предизвикало француското учество во протестот. Ристиќ наведува дека францускиот конзул се приклучил на другите сили со цел да го отфрли сомнежот за вмешаноста на Франција, заштo романскиот кнез Куза во објаснувањето го означил оружјето како француско-руско. (Исто, стр.182,183)
[148]Исто
[149]Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.79
[150]J.Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II..., стр.188,189
[151]Исто, стр. 196
[152]Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.80
[153]J.Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II.., стр.178-188
[154]Исто, стр. 209

одлуката за тоа била одложена.[155]

Канлиџката конференција ја спречила Српско-османлиската војна, како што би рекле во патриотски и преамбиционистички дух српските историчари, но не ги решиле српско-османлиските несогласувања. Протоколот на конференцијата само формално го затворил прашањето за османлиските тврдини во Србија, кое всушност уште долго време останало актуелно во српско-османлиските односи. Спорните прашања, како одредувањето на границата на белградската тврдина, оштетата за имотите на иселените муслимани, прашањето за Мал Зворник и Кастел и одредувањето на бројната состојба на српската народна војска, иако требало да се решат со одредбите од конференцијата, нивното спроведување постојано се одолговлекувало. Меѓународната воена комисија, со задача да ги утврди границите на белградската тврдина се состанала во Белград на 5 февруари 1863 год.[156] Истата подвоеност во гледиштата која постоела на конференцијата, само во поумерена форма, се појавила и во работата на комисијата. Австрискиот и англискиот делегат ги поддржувале османлиските барања, а рускиот и францускиот, српските. Но, несогласувањата се движеле само околу некои помали објекти, така што на 9 април 1863 год. комисијата го потпишала извештајот до Портата за границите на новиот реон.[157] Незадоволство од страна на Србија се појавило кога големиот везир Фуад паша му соопштил на кнезот Михајло дека Портата ја усвоила новата граница и без да ја чека согласноста од српската влада и нејзините забелешки на комисискиот извештај, го повикал да работат на извршување на комисиските заклучоци.[158] Гарашанин му ги испратил на Мариновиќ копиите од везировите писма со цел да ги запознае европските дипломати во Париз, со како што Гарашанин пишува, османлиското самоволие.[159] Нешто подоцна српската влада и предложила на Портата помали исправки на границата кои се однесувале на земјиштето во близина на савското пристаниште, важно за развитокот на Белград како трговски центар и на јужниот дел од тврдината, познат како „полумесец“, чие рушење за Србија не само што било важно за трговскиот развиток туку имало и морално значење. Крајот на декември 1863 год., Али-паша ги одбил овие српски предлози со образложение дека наведените објекти се важни за одбранбените потреби на тврдините а причината поради која Портата веднаш, без српска согласност, го прифатила предлогот е и

---

[155]Исто
[156]Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II...,стр.251
[157]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,стр.182-183
[158]Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр. 260
[159]Писма Илије Гарашанина..., стр.98,99

избегнувањето на дискусија, посебно околу рушење на „полумесецот".[160]

Мешовитата српско-османлиска комисија која била задолжена да ја одреди висината на оштетата на иселените муслимани, ја започнала својата работа во почетокот на мај 1863 год., но без забележителен успех.[161] И двете страни имале свои причини да ја одолговлекуваат спогодбата. Српската влада, пред сè од финансиски причини не брзала во преговорите. Имено, Портата барала оштета од Србија не само за муслиманите кои ја напуштиле Србија после 1862 год. туку и за оние кои тоа го направиле во 1833 год. Сепак, српскиот став дека комисијата била надлежна само за експропријација и оштета при последното иселување бил конечно усвоен, благодарејќи на благонаклонетоста на сите сили околу ова прашање.[162] Истотака, голема тешкотија во преговорите се појавила и при проценката на имотите односно разликата во проценката на вредноста на имотите меѓу српската и османлиската страна.[163]

Друга причина поради која Србија ги одолговлекувала преговорите била што после прашањето за оштетата требало да се решава прашањето за военото уредување на Србија, кое српската влада сакала да го избегне. Портата пак, сакала да го избегне прашањето за Мал Зворник, за неа многу поважно, па од своја страна и таа не покажувала интерес да ги забрза преговорите. Српско-османлиската комисија за иселување на муслиманите, застанала со својата работа кај Мал Зворник. Тоа било село на десниот брег на р. Дрина кое според Хатишерифот од 1833 год. било означено како граница на српското кнежевство а поради својата местоположба било наречено „прозор кон Босна". Поради важното стратешко значење, Османлиите, одбивале да го напуштат.[164] Српската влада побарала напуштање и на едно мало утврдување на р.Дунав, спроти тврдината Адакале, наречено Кастел и на кулата изградена над неа, која всушност доминирала со водениот и сувоземниот пат покрај Дунав.[165] Портата веднаш го одбила барањето со образложение дека споменатите утврдувања се составен дел од османлиската тврдина Адакале.[166] На барањето за напуштање на Мал Зворник, Портата избегнувала јасен одговор цели осум месеци,

---

[160] Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.263
[161] Л.Алексић, Став Француске према Србији.., стр.89
[162] Исто
[163] Османлиската подкомисија, земајќи ја како основа за процена вредноста на имотите пред 1862 год., ја утврдила нивната вредност на осумнаесет милиони гроша, додека пак српската подкомисија, замајќи ја за основа моменталната вредност на имотите, која постојано опаѓала поради нивната напуштеност и пропаднатост, ги проценила на четири и пол милиони гроша. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.269)
[164] Исто, стр.281-291
[165] Исто, стр.292-293
[166] Исто

за потоа да истапи со свое, неочекувано за Србите, барање како одговор на српското. Имено, османлиската комисија пред Гарашанин излегла со предлог за договор за отстранување на тешкотиите при реализирањето на планот за проширување на тврдината во Шабац.[167] Ова барање го засновале на одредбите од Канлиџкиот протокол, односно правото за проширување на реонот на белградската тврдина, подразбирајќи го истото и за останатите тврдини. Меѓутоа, ваквото барање не било сериозно поставено туку Портата сакала да одговори со едно уценувачко неприфатливо барање на, не помалку за неа, неприфатливото барање во поглед на стратешки важниот Мал Зворник.

Српската влада незадоволна од текот на спроведувањето на Канлиџкиот протокол, на 1 јули 1863 год., до претставниците на Големите сили испратила мемоар во кој било критикувано османлиското одолговлекување и спротивставување на признатите права на Србија.[168] Но моменталната меѓународна ситуација не дозволувала започнување на поголеми преговори околу српско-османлиските односи. Во европската политика на дневен ред било полското прашање, што ја оправдува незаинтересираноста за Балканот. Истовремено поради нарушување на односите меѓу Франција и Русија, Србија не можела да очекува спогодбено истапување и поддршка за своите барања.[169] На овој начин, ослободена од притисокот на Русија и Франција, а сигурна во поддршката од Англија и Австрија, Портата си дозволила да се служи со уценување, како со случајот со реонот околу Шабац, и испраќање тужби против Србија за организирање востанички движења.[170] Постојаните османлиски напади против кнезот Михајло пред претставниците на гарантните сили, како и гласините за француската понуда на Србија на Австрија, како компензација за Венеција, биле причина во средината на јуни 1863 год. српската влада да го испрати во Париз, претседателот на Советот Јован Мариновиќ, со задача да ги дознае вистинските намери на Големите сили.[171] Истовремено требало да ги негира гласовите за српските востанички планови и да побара поддршка во решавањето на спорните прашања со Портата.

---

[167] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,стр.185,186

[168] Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.294, 295

[169] Кон крајот на јануари 1863 год., избувнало второто полско востание против Русија. Симпатиите на западните сили, поточно на Англија и Франција, биле на страна на полските востаници уште од време на првото востание од 1831 год. Австрија и Прусија кои биле руски сојузници и во поделбата на Полска, плашејќи се од проширување на востанието и во нивните области, ја поддржувале Русија. На овој начин дојде до влошување на француско-руските односи. Францускиот император Наполеон, правел и некои политички комбинации за прекројување на картата на светот, на штета на Русија. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољашна политика..,стр.172-192)

[170] Исто, стр. 186,187

[171] Исто, стр.189

Во почетокот на јули 1863 год., Али-паша испратил писмена нота до гарантните сили со обвинување против Србија.[172] Во нотата покрај некои ситни жалби против Србија, биле изнесени и обвинувања дека Србија воено се подготвувала, вооружувала војска, присилно мобилизирала војници, подигнувала утврдувања долж границата и сл. Била обвинета и за ширење на пропаганда против Портата, во домашните и странските весници.[173]

Српско-османлиска недоверба и обвинувања се појавуваат и во текот на 1864 и 1865 год. Имено, во Цариград пристигнал извештај за српска револуционерна акција во Босна, поднесен од бившиот австриски офицер Александар Вукобратиќ, кој како помошник на Антонио Орешковиќ бил упатен во плановите и некои акции од 1862-1864 год.[174] Преминувајќи во османлиска служба, Вукобратиќ предал многу тајни за српската политика, што било причина Али паша да почне да го обвинува Гарашанин за предизвикување немири во османлиската држава.

Османлиската држава почнала да презема разни мерки за зацврстување на својата одбрана, посебно мерки кои се однесувале на јакнење на османлискиот авторитет во периферните области. Така, од почетокот на 1864 год. била забележана поголема концентрација на османлиска војска во Бугарија, Босна, Косово, Посавина, на Дунав и реонот меѓу Ниш и Битола.[175] Друга мерка била населувањето на Татари и Черкези во Бугарија околу српско-бугарската граница.[176] Било предвидено до почетокот на 1865 год. околу сто илјади Черкези да дојдат во османлиската држава и да се населат на поважните точки за поткрепа на муслиманското население како и да се зајакне османлиската војска преку создавање граничен воен кордон.[177]

---

[172]Исто, стр.190 Османлиската нота била испратена кратко време после повикот на Англија, Франција и Австрија до Русија за прекин на борбата во Полска и свикување на конференција. Портата плашејќи се од конгреси и конференции и од можните последици, преку вакви тужби против Србија каде ќе ја претстави како причинител на немири, сакала да одземе секаков повод за нарушување на нејзините суверени права врз Србија. Нешто подоцна во средината на ноември, Портата повторно испратила нота до големите сили, со обвинување за Србија, со слична содржина. И овој пат, како и претходниот, нотата е реакција на стравот на Портата од можниот конгрес, предложен од Наполеон а по повод решавањето на полското прашање, кој христијанските народи на Балканот би можеле да го искористат за остварување на своите барања.

[173]Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.318; Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..,стр.190; Србија меѓу другото била обвинета и за склучување на сојузи со Романија, Унгарија, Црна Гора како и дека е дел од Гарибалдиевите планови на Балканот. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II..., стр.321-322)

[174] Вучковић Ј. Воислав, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама Хабсбуршке Монархије (1859-1874), Београд, 1965, док.72

[175]Според Ристић на просторот меѓу Црно Море и Дунав имало околу шеесет илјади војска, а на границата меѓу Србија и Босна, не повеќе од дваесет и пет илјади башибозук. (Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.315-320). Османлиите, воените демонстрации ги објаснувале со потребата од пополнување на испразнетите редови во царската војска. ( Исто, стр.315)

[176]Исто, стр.365; Протерани од Русија, овие воинствени народи би и послужиле на Портата како моќно средство против христијаните.

[177]Исто, стр.366

Османлиските воени подготовки, резултат на тогашните европски случувања, биле прекинати со интервенција, главно на францускиот амбасадор кај Али-паша.

Во текот на април 1864 год., на иницијатива на францускиот конзул, повторно биле направени напори за обновување на српско-османлиските преговори околу спорните прашања. Имено, тој понудил заедно со англискиот конзул да посредува во преговорите, поточно околу определувањето на износот на сумата за оштета. Гарашанин се согласил меѓутоа Али-паша побарал време да размисли и со тоа повторно разговорите биле одложени.

Предлог за решавање на спорните прашања имал и Булвер. Поттикнат од успехот од решавањето на романско-османлиските односи, постигнат со Кузината посета на Цариград, дошол на мисла слична постапка да направи и кнезот Михајло. Во тој контекст се водел разговор меѓу Ристиќ и Булвер во Цариград, каде Булвер предлагал и советувал, кнезот Михајло да го посети Цариград притоа ветувајќи исполнување на сите српски барања од Портата освен барањето за предавање на градовите.[178] Меѓутоа кнезот Михајло, заминувањето во Цариград го условил со предавање на сите османлиски тврдини, што било преголема отстапка за Портата, па предлогот веднаш бил одбиен.[179] Во тоа време кнезот Михајло, вознемирен од слабото француско заземање за Србија и гласовите за политичките комбинации во француската политика и местото на Србија во нив, се носел со мисла да го посети Париз и да ги расветли француските намери кон Србија.[180] Но одговорот на кнежевската понуда за посета дошол по еден месец и бил негативен, со образложение дека предложената посета би можела погрешно да биде протолкувана од гарантните сили и Портата и да дојде до поголемо влошување на состојбата.[181]

Српско-османлиските разговори околу износот на оштетата биле продолжени летото 1864 год. во Цариград, на иницијатива на англискиот амбасадор. Англискиот и францускиот конзул успеале да го убедат Али-паша да го намали барањето од осумнаесет милиони на девет милиони пијастери под услов и Србија да се согласи

---

[178]*Исто*, стр.339-347

[179]За Гарашанин, Булверовиот предлог бил за потсмев и во своите писма пренесува дека кога кнезот го прочитал барањето во шала одговорил да му телефонираат на Ристиќ и да му кажат дека кнезот е готов во секое време да оди во Цариград и не бара ништо повеќе освен градовите. (Писма Илија Гарашанина..., стр. 111)

[180]Исто, стр. 117; Со таа цел е писмото на Гарашанин до Мариновиħ, од 14 јуни 1865 год., кој требало да го испита француското расположение за евентуална посета на српскиот кнез. Инаку Мариновиќ поголем дел од 1865 год. поминал во Париз и Лондон.

[181]Во преписката меѓу Гарашанин и Мариновиќ, последниов му навестил на Гарашанин дека францускиот цар немало да биде среќен ако го види кнезот Михајло во Париз. Од друга страна и Гарашанин, барајќи оправдување за одлагањето на патувањето на кнезот, во неколку наврати споменува дека и кнезот се двоумел околу посетата на Париз, наведувајќи ги како причина османлискиот одговор во однос на оштетата на муслиманите и неговите семејни проблеми ( разводот со кнегињата Јулија). (Исто, стр. 128, 132)

со таа сума.[182] Францускиот конзул го советувал Гарашанин дека Србија требало да се обиде по дипломатски пат со прифаќање на нова политика, попопустлива во однос на Портата и со придобивање на нејзината благонаклонетост да се обиде да ги решава спорните прашања, сѐ до остварување на својата крајна цел.[183] Во согласност со тоа, на 20 септември, Гарашанин му испратил писмо на Али-паша, во кое му соопштил дека Србија немало да се согласи на сума поголема од девет милиони.[184] Дури во јуни 1865 год. Портата решила да ја прифати српската понуда од девет милиони вкупна оштета.[185]

## I.4. Српско- османлиските односи (1866-1868 год.)

Меѓународната ситуација од почетокот на 1866 год. ќе стане предуслов за развојот на српско-османлиските односи во тој период. Заострувањето на односите меѓу Австрија од една страна и Прусија и Италија од друга страна, што ќе кулминира со избувнување на Австро-пруска војна, го окупирала вниманието на европската дипломатија. Во европските политички кругови повторно оживеале идеите за компензација на Австрија за истапувањето на Венеција на Италија. Најчесто спомнувани „надоместоци" на Австрија биле Романија, Србија и Босна и Херцеговина.[186] Најмногу преовладувала последната комбинација, посебно во политичките игри на Наполеон.

Ситуацијата во Европа настаната со австро-пруската војна ја предизвикале Франција да стане противник на поактивна политика на српската влада.[187] Нејзиното залагање за истапување на Босна и Херцеговина на Австрија значело спротивставување на српските аспирации и осуетување на секоја акција во правец

---

[182] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика.., стр.198
[183] Исто
[184] Писма Илија Гарашанина..., стр. 120. Везировиот одговор стигнал дури на почетокот на ноември, и во него бараниот износ, само за недвижниот имот изнесувал осум милиони а износот за покуќнината во почетокот бил два милиони, па се намалил на еден и пол па на еден милион и четвртина. На тој начин повторно се одолговлекуваат српско-османлиските односи по ова прашање. (Ј.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..,стр. 278, 279)
[185] Писма Илија Гарашанина..., стр. 129,130.
[186] Ј.Ристић, Спољни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр. 380-381
[187] Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр. 117-118

на создавање на балкански сојуз. Причината за ова произлегува од фактот што со губењето на Босна и Херцеговина Србија би ги пренасочила своите интереси на југ т.е. Македонија, за каде се покажало дека е потешко да се дојде до спогодба.

Што се однесува до руската политика во овој период, таа го застапувала ставот за одржување на статус-кво на Балканот.[188] Се додека траела економската преобразба на Русија, истакнал Игњатиев во писмото до Горчаков од април 1866 год., таа би била против секаква војна во Европа која би можела да се реши на нејзина штета.[189] Во таа насока, Русија ја одвраќала Србија од секаква дипломатска и воена акција, па дури бил направен и обид за средување на српско-османлиските односи.[190] Ваквиот рускиот став бил условен и од отворањето на романското прашање каде биле засегнати руските интереси. Имено, крајот на февруари 1866 год. кнезот Куза абдицирал со што романскиот престол останал празен и настанале дискусии околу неговото пополнување. За решавање на романското прашање била свикана конференција во Париз.[191]

Српската влада решила да ја искористи оваа дипломатска средба за повторно разгледување на српските барања од Портата, посебно барањето за напуштање на тврдините. Всушност уште пред романските настани, поради се поголемата заостреност на австро-пруските односи и гласовите за можни компензации на сметка на српските интереси, српската влада планирала да испрати еден делегат кај западните сили. Неговото испраќање било забрзано со свикувањето на конференцијата во Париз.[192] За мисија кај западните сили бил избран Јован Мариновиќ. Во таа прилика, Мариновиќ требало да го дознае англиското и француското расположение за потребите на српската влада.[193] За вистинската цел на мисијата странските конзули не биле официјално известени. Гарашанин, мисијата ја објаснил со потребата на владите во Лондон и Париз непосредно да им се објаснат српските барања бидејќи нивните делегати во Белград ги претставувале Србите во негативно светло.[194] Во Париз Мариновиќ имал две средби со министерот за надворешни работи Друен де Лис.[195] Ладниот прием на кој наишол ја покажала

---

[188]Србија и ослободилачки покрети..., док.248

[189]Исто

[190]Ј.Ристић, Спољни односаји Србије новијега времена, књ.II.,стр. 389-399; Рускиот конзул во Белград Шишкин му советувал на Гарашанин, кнезот Михајло да го посети Цариград а за возврат Србија би ги добила Мал Зворник и Кастела. Меѓутоа без добивање на сите тврдини, кнезот Михајло не сакал да преземе никаква посета. (Исто)

[191]Писма Илија Гарашанина..., стр. 141

[192]Исто, стр. 140

[193]Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.408

[194]Писма Илија Гарашанина..., стр.144

[195]Исто, стр.147

француската незаинтересираност за српските барања од Портата. Францускиот министер во разговорите се задржувал на неважни прашања, како на пример околу прашањето за рудникот Мајданпек, обвинувајќи ја Србија дека не им пружала доволно заштита на француските државјани.[196] За српско-османлиските односи се зборувало многу малку, „заобиколено" а на српското стравување за можноста Австрија да ја анектира Романија, Друен де Лис одговорил дека таков план за анексија нема, што Гарашанин го прифатил со недоверба.[197] Францускиот министер и препорачал на српската влада во односите со Портата да се држела до постоечките договори и да се посветела на напредокот на земјата.[198] На овој начин на Србија и било јасно ставено до знаење дека не можела да се надева на француска подршка во односите со османлиската држава, ниту пак да и верува на француската политика.[199]

После ладниот прием во Париз, Мариновиќ отпатувал за Лондон. Со оглед на туркофилската политика на англиската влада, приемот и разговорите со министерот Кларендон биле неочекувани за Гарашанин и ги оценил како позитивни.[200] Охрабрен од пријатниот однос во Лондон, Мариновиќ и предал на англиската влада еден мемоар во кој ги изложил српските предлози до Портата.[201] Во мемоарот кој според Гарашанин, Мариновиќ сам го напишал, биле наведени придобивките кои би ги имала Портата доколку ги повлечела своите гарнизоните од српските градови.[202] Мемоарот го прифатиле и Гарашанин и кнезот Михајло. Единствено на што, според Гарашанин кнезот нашол забелешка била обврската дека Србија немала да бара одвојување од османлиската држава и да се прогласи за независна.[203] Меѓутоа, Гарашанин овој документ не го сметал за формален, додека пак, за Англичаните, истакнал Гарашанин ова фраза би можела многу да значи и да ги заврти работите во српска корист.[204] Сепак, ваквата изјава на англиската влада не и значела толку колку

---

[196]Исто, стр.149-150
[197]Исто, стр.151, 157
[198]Исто, стр.165-166
[199]Исто, стр.167
[200]Исто, стр.172
[201]J.Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..,стр.409-412; М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња балканских народа, Београд, 1895,стр.60-61
[202]Писма Илија Гарашанина..., стр.173; Мариновиќ укажувал на незначителната воена вредност на тврдините, на големиот финансиски терет за нивното одржување и на опасноста од српско-османлискиот судир. Доколку се ослободела од присуството на османлиските посади Србија ветувала дека ќе се одречела од иселување на муслиманите од нејзина територија, дека српскиот кнез ќе го посетел Цариград а истото ќе го правеле и идните српски кнезови, ќе ја ограничеле српската војска и ако било потребно кнезот Михајло ќе изјавел дека Србија немало да се одвои од Османлиската Империја ниту да се прогласи за независна. (J. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.409-412)
[203]Писма Илија Гарашанина..,стр.173
[204]Исто

што настојувала да спречи судири на Балканот, па во таа насока може да се протолкува и позадината на изјавата на лорд Кларендон. Имено, тој и ништо конкретно не и ветил на српската влада, но за неа била доста значајна изјавата дека владата во Лондон немала да се спротивстави ако Османлиите и ги предадат градовите на Србија, но немало да ја преземат иницијативата околу тоа прашање.[205] На Маринови́к, кој по посетата на Лондон се вратил во Париз, Гарашанин му препорачал да не го предава мемоарот на француската влада, сѐ додека министерот сам не го побарал.[206] Маринови́к и понатаму останал во Париз, но само како набљудувач на случувањата, без да презема нешто околу српските барања бидејќи како што истакнал Гарашанин „не треба на секој час да повторуваме, ниту да ги молиме, досадуваме и да се претставуваме пред нив како малолетни на кои им треба тутор.“[207]

Мисијата на Маринови́к предизвикала незадоволство во Русија, која и замерила на српската влада дека презела чекор во непогодно време и не нашла за потребно Маринови́к да го испрати и во Петроград. Според Гарашанин, незадоволството на Русија доаѓало од таму што Србија презела чекор без руски совет, сомневајќи се дека мисијата била преземена на француско барање, со цел да се прошири работата на конференцијата и да се претвори во конгрес.[208] Од друга страна пак, Маринови́к требало да ги разубеди европските дипломати дека Србија не е потчинета на руско влијание.[209] До смирување на српско-руските односи, српската влада се надевала дека би можело да дојде на престојниот конгрес во Париз по повод решавањето на спорот меѓу Прусија, Австрија и Италија, на кој многу веројатно било и присуството на Горчаков.[210] Гарашанин инсистирал на средба меѓу Маринови́к и рускиот министер, посебно после незадоволството на Русите од еден мемоар кој Маринови́к го напишал по повод романските случувања.[211]

Политичките комбинации во европската дипломатија кои во Србија и османлиската држава го предизвикале стравот од загрозување на нивните интереси, биле повод односите меѓу Србија и Портата во овој период да станат поблиски и

---

[205] Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.412
[206] Писма Илија Гарашанина...,стр.173
[207] Исто, стр.178.179
[208] Исто, стр.144, 155
[209] Исто, стр.164
[210] Исто, стр.191,192
[211] Исто, стр.190; Што се однесува до конференцијата по повод романското прашање, во средината на мај 1866 год. била прекината за да се почека изборот од страна на самата привремена романска влада. И покрај спротивставувањето на повеќето европски сили, за романски кнез Романците го избрале прускиот принц Карол Хоенцолерн.

покрај нерешените прашања. Портата била задоволна од објаснувањата на Ристиќ за целта на Мариновиќевата мисија, српската влада да добие известување за намерите на Големите сили. Истовремено во разговорот со Али паша Ристиќ ја искажал и намерата на Србија да се спротивстави на секој непријателски обид да се измени положбата на Србија на што Али паша задоволно констатирал дека одбраната од опасноста би била заедничка.[212] Ваквите знаци на пријателски односи помогнале и полесно да се премине преку аферата со испорачувањето на српското оружје за Црна Гора, преку австриска територија. На османлиските протести, Ристиќ требало да одговори, односно да ја увери Портата дека Србија ја презела на себе задачата да го одржи мирот во Црна Гора.[213]

Од сите спорни прашања кои од Канлиџката Конференција се провлекуваат во српско-османлиските односи, поради избегнување на посериозни ситуации, Мариновиќ имал задача пред Големите сили да го покрене само барањето за напуштање на тврдините. Крајот на март 1866 год., Русија искористувајќи ги пријателските односи кои тогаш ги имала со Портата, решила да преземе иницијатива за решавање на некои од спорните прашања меѓу Србите и Османлиите. Целта на Русите била како што и самиот Игњатиев нагласил, да се ликвидираат причините кои би можеле да го отворат источното прашање и со тоа да го разнишаат статус- квото во Османлиската Империја.[214] Рускиот план бил да се наговори Портата самоиницијативно да го предаде Мал Зворник на Србите. Српската влада од своја страна требало да подготви посебен акт во кој ќе ја изложела целата документација околу ова прашање и ќе ја доставела до Ристиќ.[215] Рускиот чекор бил направен во почетокот на април, советувајќи и на Портата да им излезе во пресрет на српските барања поради тешките меѓународни прилики и незгодата од мешање на силите.[216] Меѓутоа османлискиот одговор добиен по неколку месеци, крајот на јули 1866 год., бил дека отстапувањето на Мал Зворник е невозможно поради тамошните муслимански жители кои во тие критични моменти и биле потпора на Империјата.[217]

Но и покрај тоа Гарашанин не се откажувал од својата намера постојано да држи отворено некое спорно прашање со Портата, како погоден повод за војна, па користејќи го избувнувањето на востанието на Крит повторно го покренал прашањето

---

[212] Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.434-435; Писма Илија Гарашанина..., стр.170
[213] Исто (Ј.Ристић), стр.437,438
[214] Србија и ослободилачки покрети..., док.248
[215] Исто
[216] Исто
[217] Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.438,439

околу Мал Зворник. Тоа бил најчистиот предмет на кој Србите имале неоспорно право и поради кое слободно можеле да завојуваат со Османлиите, истакнал Гарашанин во едно од писмата до Ристиќ, притоа додавајќи дека иако Мал Зворник е мал ќе постане предмет на големи случувања.[218] На 22 септември Ристиќ и го предал на Портата подготвениот акт за бараната тврдина. Но Портата повторно го одложила неговото решавање.[219]

По завршувањето на Пруско-австриската војна, во која Србија ја зачувала својата неутралност, повторно ја вознемириле гласовите за политичките игри на Франција околу австриското територијално проширување во Босна и Херцеговина. Преку генералот Монден, француксиот публицист Убичиниј и конзулот Ботмилијан, биле направени обиди за одвраќање на Франција од помагањето на Австрија на Исток. Позабележителен чекор во таа насока бил мемоарот наменет за Наполеон III за решавање на источното и австриското прашање, подготвен од српската влада.[220] Убичиниј имал задача да го предаде мемоарот на Наполеон но нема податоци дали тоа било направено. Во мемоарот српската влада и укажувала на Франција за внатрешните тешкотии кои би се предизвикале во Австрија при анексија на некоја од османлиските области. Според мемоарот, интересите на западните сили би биле најдобро заштитени со создавање на голема конфедерација која би се протегала од Балтичко до Јадранско море. На тој начин, се истакнувало во мемоарот, би се создал бедем меѓу Германија и Русија кој ќе ја одржувал рамнотежата во Европа.[221] Франција која била единствена во состојба да ја прекрои картата на светот, стоело во мемоарот, за ваквото решавање на источното прашање доколку сакала да спречи општа војна морала да ја придобие Русија за соработка.[222] Обид за придобивање на Франција за српскиот план за војна против османлиската држава бил направен и кон крајот на октомври 1866 год. преку конзулот Ботмилијан. Во разговорот кој го водел со Гарашанин и Мариновиќ, му била пренесена српската намера за кревање општо востание на Балканот. Гарашанин сакајќи да ја придобие поддршката на Франција и ветувал дека со француска помош во војната, во случај на победа, француското влијание ќе станело пресудно на Балканот, во спротивно Србија би барала руска

[218] Србија и ослободилачки покрети.., док.295

[219] Али паша инсистирал кнезот Михајло со писмо да се обрати до Големиот везир во кое ќе барал како знак на милост кон српскиот народ да му се отстапи Мал Зворник. Но Ристиќ не се согласил да бара нешто за што како што истакнал и самиот, Србија имала формално право. (J. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.440,441)

[220] В.J. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама...,док.118

[221] Исто

[222] Исто

поддршка и нејзиното влијание на Балканот би се зацврстило.[223]

Решеноста на Србија за војна се потврдува и на седницата од 16 јули 1866 год., на која било решено за една година да се довршат воените подготовки и да се склучат сојузите со Црна Гора, Грција и останатите народи во османлиската држава.[224] На седницата од 17 октомври пак, било решено да се покрене прашањето за напуштање на тврдините.[225] Со оглед на ставот на Портата околу ова прашање, позадината на неговото поставување била да послужи како повод за планираната војна.

Следниот чекор во насока на решавање на прашањето за тврдините бил направен на иницијатива на Јован Ристиќ. Од 22 октомври до 31 октомври 1866 год., Ристиќ престојувал во Белград. На средбата со кнезот Михајло, кога овој го побарал неговото мислење за тоа што би можела Србија да преземе со оглед на приликите во османлиската држава, Ристиќ го изнел својот предлог да се направи формален чекор кај Портата со барање да се напуштат тврдините.[226] Тој предлагал директно да се напише писмо до големиот везир во мирољубив тон и ласкаво за султанот, бидејќи како што и самиот истакнал барањето не почивало на цврста правна основа па исполнувањето на српските барања зависело од добрата волја на султанот, односно од приликите кои постоеле во османлиската држава.[227] Доколку Портата ги одбиела српските барања, тоа според Ристиќ би и ја олеснила положбата на Србија пред Европа како оправдување, градовите да се заземат со оружје. Меѓутоа, сметал дека до тоа немало да дојде, бидејќи верувал дека Портата ќе попуштела пред притисокот на сите случувања кои биле со тенденција да и ја влошат и така тешката положба.[228] Ристиќевиот предлог бил неколку дена разгледуван во министерството за надворешни работи. На својот двор кнезот ги повикал Гарашанин, Мариновиќ и Ристиќ за да ги изложат своите размислувања за предложниот чекор.[229] Иако постоеле извесни колебања од страна на Гарашанин околу осуетувањето на тајните воени подготовки што би можело да настане, па дури и страв дека успехот би ги

---

[223]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 299

[224]Записи седница Министарског савета Србије, 1862-1868, приредио Никола Шкеровић, Београд, 1952, стр.37-38; Записи Јеврема Грујића, књ.III, Београд, 1923, стр.105

[225]Исто (Записи седница...)

[226]J. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр. 461-462; Преписка између кнеза Михаила Обреновића..., стр. 37-38

[227]Исто, стр.465; Во Мемоарот на Јован Мариновиќ се наведувало дека Ристиќ дошол на ваква мисла со цел да им даде морална помош на Критските востаници, за како што истакнал „да не им замери Грција за нивното мирно држење". Ристиќ ги негира ваквите изјави на Мариновиќ, наведувајќи дека овој акт бил резултат на целокупната дипломатска работа и српските интереси а не грчките биле првостепени при неговата замисла. (Преписка између кнеза Михаила Обреновића.., стр.50-51)

[228]J. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.462

[229]Исто, стр.465

ослабнал воените подготовки, сепак предлогот на Ристиќ бил прифатен и било решено да се испрати писмо до големиот везир, без обраќање до Големите сили.[230] Во писмото напишано во мирољубив тон, била потенцирана непотребноста од застарените тврдини кои претставувале извор на недоверба, тежина и голема опасност. Србија без нив, се истакнувало во писмото, би била мирна, задоволна и верна на Портата а таква повеќе би вредела за одбрана на границите на Империјата отколку тврдините.[231] Овој српски чекор кај Портата, всушност претставува еден вид апел што го испратила српската влада повикувајќи се на султановата великодушност. За да издвојува „поени" во таа насока, на крајот на писмото било нагласено дека со напуштање на тврдините, султанот би приврзал за себе со „нераскинливи врски народ, храбар и лојален".[232] На 10 ноември 1866 год., Ристиќ му го предал писмото на големиот везир Мехмед Ружди паша, кој откако го прочитал смирено изјавил дека османлиската влада ќе го разгледала. Истото го ветил и Али паша, кого Ристиќ уште истиот ден го известил за предавањето на писмото.[233]

На османлискиот одговор се чекало до почетокот на март 1867 год. Во меѓувреме српската влада решила да побара помош и согласност за својот план за кревање општо балканско движење од руската влада. Всушност потребата од тоа се почувствувала уште пред да биде испратено српското барање за тврдините, како резултат на австрискиот воен пораз и со тоа зајакнување на руската положба на Балканот. Испраќањето на делегат во Петербург, според Гарашаниновите планови, зависело од склучувањето на сојузот со Црна Гора и Грција, што според него би придонело за подобар прием кај руската влада.[234] Во согласност со тоа, веднаш по потпишувањето на српско-црногорскиот договор, Гарашанин решил да испрати пратеник за чие заминување во Петербург како погоден момент му послужила венчавката на рускиот престолонаследник Александар II. Согласноста од руската влада преку Шишкин била побарана предоцна за да може српскиот пратеник да присуствува на свеченоста, но бидејќи позадината на престојната мисија била од политички карактер, било истакнато дека тоа би било добра прилика за разговори за другите работи.[235] После добиениот потврден одговор, избраниот пратеник Јован

---

[230]Исто, стр.464–466; Ј. Мариновиќ сметал дека треба во ист дух да се обратат и до големите сили. (Преписка између кнеза Михаила Обреновића., стр. 38)
[231]Исто, стр.469
[232]Исто, стр.470
[233]Исто, стр.471-472; Писма Илија Гарашанина..., стр. 199
[234]Србија и ослободилачки покрети., док.310
[235]Писма Илија Гарашанина..., стр.194,195

Мариновиќ, на 6 ноември 1866 год., тргнал за Петербург.[236] Во разговорите кои ги водел со царот Александар II и Горчаков, Мариновиќ го изложил српскиот став во однос на балканските случувања и српските планови за склучување балкански сојуз, посебно сојуз со Грција за заедничка акција против османлиската држава. Било истакнато и дека Србија ќе настојувала да постигне спогодба со Грција околу границата на српските и грчките освојувања.[237] Руската влада искажала согласност со српските планови и изразила подготвеност да ја помага српската политика но под услов соработката со Русија да се чувала во голема тајност.[238] Истовремено и препорачале на српската влада голема внимателност, посебно во односите со Грција, советувајќи и да не презема ништо се додека заеднички не ги договорат меѓусебните граници.[239] Во разговорот со руските државници, Мариновиќ побарал заем, испраќање на руски офицери во Србија и изјава од руската влада дека немала да се меша во балканскиот судир и ќе настојувала и другите сили да го прифатат тоа.[240] За барањето за заем Мариновиќ не добил сигурно ветување а испраќањето на офицерите, оценето како компромитирачки чекор за Русија пред останатите европски сили, било одбиено. Немешањето во евентуален балкански судир било ветено, меѓутоа била истакната и негативната страна од таквиот чекор, во случај на српски пораз од Османлиите.[241]

Од Петроград, на сопствен предлог кој бил усвоен од Гарашанин, Мариновиќ заминал за Берлин. За да не се дознае дека посетата била подоцна одлучена, писмото кое Гарашанин го напишал до Бизмарк било датирано пред заминувањето на Мариновиќ од Белград.[242] Всушност уште на почетокот на септември 1866 год., меѓу српската и пруската влада било договорено да се испрати делегат во Берлин.[243] Од разговорите кои се воделе со Бизмарк, Мариновиќ добил впечаток дека Србија можела да смета на пруска поддршка.[244]

Охрабрувачко ветување за поддршка, Мариновиќ добил и во Виена, каде стигнал во средината на декември 1866 год. Согласно со новата австриска политика, предизвикана од нејзините воени порази, новиот австриски министер Бајст дал

---

[236] D. Mackenzie, Jovan Marinović ..., p.17
[237] Србија и ослободилачки покрети.., док.334
[238] Исто
[239] Исто; Што се однесува околу границите на српските освојувања, Русите инсистирале Србија да се ограничи на Босна, Херцеговина, Стара Србија и дел од Албанија до границата со Грција, изземајќи ги Цариград и Бугарија од било какви српско-грчки преговори. (Исто).
[240] Исто.
[241] Исто.
[242] Писма Илија Гарашанина..., стр.200
[243] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.119
[244] Србија и ослободилачки покрет.., док.334

препорака во Цариград, Портата да ги задоволи српските барања.[245] Ваквата промена во австриската политика кон османлиската држава дошла, како од потребата да се спречи секакво радикално решавање на Источното прашање и зачувување на мирот не само во Империјата туку и во самата Австрија, така и од желбата да се покаже во Србија дека не само руската туку и австриската политика имала разбирање за српските проблеми.[246]

Во прилог на позитивно решавање на српското барање одел и тогашниот став на англиската влада, чиј министер за надворешни работи, лорд Стенли, бил приврзаник на политиката на немешање во европските судири и се однесувал доста резервирано кон случувањата во Османлиската Империја.[247]

Поддршка на српските барања дала и руската дипломатија во Цариград а според Ристиќ Игњатиев бил меѓу првите претставници на Големите сили „кој го кренал гласот во српска корист".[248]

Најнеизвесно останало француското мислење околу српските барања. Тоа произлегувало од стравот на Франција дека било каква промена на Балканот можела да и користи само на Русија, за што наоѓа доказ во Мариновиќевото заминување за Петроград.[249] Мустије го одолговлекувал отвореното изјаснување на Франција, под изговор дека се чекало на доаѓањето на новиот амбасадор во Цариград, Буре, кој ќе го доставел официјалното француско мислење. Всушност вистинската причина за француското одлагање биле започнатите преговори меѓу Франција и Русија, околу нивното држење кон Источното прашање.[250]

Портата ја продолжувала неизвесноста околу одговорот на српското барање, чекајќи Франција отворено да се изјасни. Во почетокот на јануари 1867 год., во Цариград пристигнал францускиот амбасадор Буре, кој по наредба на Мустије и советувал на османлиската влада отстапки на христијанските поданици и

---

[245]Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II..,стр.487

[246] T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:III..., p.654-655

[247]Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.490; T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:III..., p.654-655

[248]Според Ристиќ, Игњатиев му изјавил на османлискиот министер за надворешни работи дека во руско-османлиските односи има една црна точка која би исчезнала ако Портата би ги средила српските работи. ( Исто (Ристић), стр.495)

[249]Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр.125-126

[250]Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.505-525; Преговорите започнале во средината на ноември 1866 год., на предлог на Франција а со цел да се дојде до една спогодба наклонета на идните француски намери на запад, односно да се дојде до едно прифатливо решение на Исток, како би можела слободно да дејствува против Прусија. Се разговарало околу Критското прашање, околу усвојувањето на начелото на немешање што го предложила Русија а Франција не сакала да го прифати. Што се однесува до српското барање за напуштање на тврдините, францускиот министер Мустије изјавил дека ќе и советува на Портата прифаќање на српското барање. (Исто)

исполнување на српското барање.[251] Притисокот врз Портата за решавање на двете прашања кои ја вознемирувале, критското и српското, се повеќе се зголемувал. Пораки во насока на задоволување на српското барање пристигнале и од англискиот министер Стенли, кој предочил на опасноста на која се изложувала Османлиската Империја, имајќи го во предвид српското вооружување.[252]

Вообичаената подвоеност во ставовите на Големите сили на која се надевале Османлиите, во овој случај не се појавила и морале да попуштат пред нивниот притисок.[253] Првиот чекор бил направен на 28 јануари 1867 год., кога по наредба на Али-паша, командантот на белградската тврдина Али-Риза паша му соопштил на српскиот кнез дека прашањето за градовите е решено во српска корист, ненавлегувајќи во подетално објаснување и го повикал кнезот да го посети Цариград.[254] Ваквата одлука била донесена само од страна на владата а не и од султанот, за што се чекало најпрво да се дознае расположението во Белград.[255] Овој османлиски чекор предизвикал изненадување во Србија. Гарашанин со недоверба гледал на ваквото османлиско попуштање и бил уверен дека би биле поставени тешки, неприфатливи услови за Србија.[256] Не верувајќи во успехот на оваа дипломатска акција уште од нејзиниот почеток а носејќи се со идејата за вооружена акција, Гарашанин ги насочил и своите наредби за Ристиќ околу неговото држење во текот на идните разговори. Така, му дал упатства на српскиот застапник во Цариград да не се спротивставува на поставените услови од Османлиите, кои би го олесниле стапувањето во акција.[257] Од склучувањето на српско-грчкиот договор зависело како ќе биде примен одговорот на Портата, истакнал Гарашанин во една од телеграмите до Ристиќ.[258] Очигледно е дека Гарашанин сакал тогашните европски и балкански случувања да ги искористи за добивање поголеми отстапки за Србија односно за реализирање на своите вооружени планови против османлиската држава, не планирајќи со добивањето на градовите да ја одложи планираната заедничка балканска акција.

Донесената одлука од страна на османлиската влада била конечно усвоена од султанот на 17 февруари 1867 год. Битката била добиена, како што се изразил

[251]Исто, стр.533
[252]Исто,стр.547-548; Истотака, Ристиќ наведува дека англиските совети биле поттикнати од стравот дека османлиското одолговлекување можело да ги наведе Србите на формален договор со Грците. (Исто)
[253] T.W.Riker, Michael of Serbia and the Turkish occupation:III..., p.656
[254]J. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..,стр.549-550
[255]Исто.
[256]Преписка између кнеза Михаила Обреновића.., стр. 40
[257]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња.., стр.72
[258]Исто.

Ристиќ, но останале неизвесни подробностите околу прифатеното решение. Кружеле гласови за можни неприфатливи услови кои би биле поставени при разговорот на кнезот Михајло во Цариград, што би предизвикале неуспех во целата ситуација.[259] Неизвесноста околу тоа во каква форма ќе се изврши предавањето на тврдините, била разјаснета во писмото на великиот везир до кнезот во кое Али-паша истакнал дека отстапувањето на тврдините ќе се извршело на начин со кој српскиот народ и неговиот кнез би биле најзадоволни. Тоа значело дека градовите ќе се ставеле под српско заповедништво со замена на муслиманските посади со српски, но под услов османлиското знаме заедно со српското и понатаму да се вее на градските ѕидини.[260] На барање на Србија а со согласност од османлиската држава било решено спогодбата околу деталите да се склучи меѓу Ристиќ и Портата така да посетата на кнезот да има само протоколарен карактер односно да претставува чекор на учтивност и изразување на благодарност на султанот.[261] После добиената согласност од Али-паша за претстојната посета, на 1 април 1867 год., кнезот Михајло пристигнал во Цариград.[262] Пред неговото заминување, на 26 март објавил прокламација до српскиот народ, во која објавил дека султанот му го предал заповедништвото на тврдините во кои муслиманските воени гарнизони ќе се заменат со српски под услов, покрај српското, на градските ѕидини да се вее и османлиското знаме. Притоа истакнал дека негова должност е лично да му се заблагодари на султанот од негово и од име на српскиот народ.[263] За време на престојот во Цариград му биле укажани големи почести. Вниманието кое османлиските државници му го укажале, надополнето со многуте подароци и свечености организирани во негова чест го направиле овој дочек, како што се изразил Ристиќ, кралски.[264] На 11 април пред заминување од Цариград, султанот му го предал ферманот со кој и официјално му ги предал тврдините во Србија. Царскиот ферман, на 18 април со голема свеченост, во присуство на сите српски државници, претставници на Големите сили,

---

[259]Се појавиле гласови дека Портата ќе побара од српскиот кнез да потпише изјава на верност кон султанот, потоа зголемување на данокот кон Империјата, намалување на војската на четири илјади војници, поврзување на српската железница со османлиската и сл. Кнезот Михајло пак, од своја страна, изјавувал дека ќе заминел за Цариград само доколку предавањето на градовите е безусловно. (Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II .., стр.555-558)

[260]Исто, стр.558-562; Османлиската влада разгледувала три можни решенија: заповедништвото на градовите да се довери на српскиот кнез а да се задржат муслиманските посади, друго решение било да се направи мешовита посада и третото решение, кое било прифатено е предавање на градовите на Србија со замена на муслиманските посади со српски. И за Портата ова решение било поприфатливо односно помалку понижувачко за неа било ако „великодушно" ги остави градовите на Србија. (Исто)

[261]Исто, стр.579-581

[262]Исто,стр.585

[263]Исто, стр.583

[264]Исто, стр.588

српска и османлиска војска, на српски и на турски јазик, јавно бил прочитан.[265]

Повлекувањето на османлиската војска, започнато од крајот на април завршило на 6 мај 1867 год., кога Србија ја напуштиле и последните одреди на османлиска војска.[266]

Заземањето на градовите бил најголем успех во надворешната политика на српскиот кнез. Овој успех се должел пред сѐ на добро искористената меѓународна ситуација. Кнезот Михајло големо признание и пофалба му искажал на Ристиќ, потенцирајќи дека тој ја имал најголемата заслуга „што во сите српски градови се вее српското знаме".[267]

Пријателските и мирољубивите односи меѓу Србија и Османлиската Империја кои биле манифестирани во Цариград, не траеле долго. Набрзо повторно започнале османлиските обвинувања против српската политика. Однесувањето на српскиот кнез уште во летото 1867 год. наишло на критика и обвинувања од Портата. Имено, во летото, на иницијатива на министерот Фуад паша а со цел модернизација на Империјата, султанот Абдул Азиз презел патување во Европа, посетувајќи ги Париз, Лондон, Виена и Будимпешта.[268] При враќањето назад требало да помине низ Белград, за што османлискиот пратеник во Виена ја известил српската влада. Меѓутоа кнезот Михајло, кој тогаш се наоѓал на пат за Париз, не го променил својот план, за како што вели Гарашанин „да му го врати долгот на султанот за убавиот пречек во Цариград".[269] Незадоволен од непокажаното внимание, султанот незабележано, без никаква најава, поминал низ Белград.[270] Преголемата важност која српскиот кнез ќе ја покажел на султанот доколку го прекинел своето испланирано патување а со тоа ќе ја намалел својата важност во очите на српскиот народ, но и во својата свест околу посакуваната независност, најверојатно е причина за ваквата постапка на кнезот.

Во текот на летото на српска адреса, повторно почнале да доаѓаат многу жалби и обвинувања од Портата околу воените подготовки на Србија. За влошување на српско-османлиските односи придонесле и инцидентите кои се случувале на

---

[265]Исто, стр.593

[266]Исто, стр.596

[267]Преписка између кнеза Михајла Обреновића..., стр.32

[268]Писма Илија Гарашанина..., стр.206-207

[269]Исто

[270]Исто, стр.208-209; Според кажувањата на Гарашанин, кнезот му дал заповед да организира убав дочек на султанот. За таа цел Гарашанин го испратил Пироќанац во Виена да добие поточни информации околу султановото поминување низ Белград. Меѓутоа, поради незадоволство од Михајловото неприсуство, Пироќанац и српската влада не добиле никакво известување за доаѓањето на султанот и како што се изразил Гарашанин „поминал низ Белград како низ турски гробишта". (Исто)

источната граница. Портата ја обвинувала Србија дека подготвувала чети кои ја преминувале границата и предизвикувале немири и буни во Бугарија.[271] Повод за ваквите османлиски обвинувања бил инцидентот во Зајачар кога една чета од доброволци, која српските погранични власти не успеале да ја сопрат, навлегла во Бугарија и предизвикала нереди во некои черкески села.[272] Набрзо избил инцидент во Рушчук, каде османлиските власти убиле еден српски државјанин, Цветко Павловиќ, осомничен дека е еден од водачите на бугарските чети.[273] Иако без политичка важност, Гарашанин му придал големо значење на овој настан, искористувајќи го да внесе напната атмосфера во српско-османлиските односи. Овој случај многу добро му дошол, истакнал Пирочанац, за да им покаже на сојузниците дека крајната цел на српската политика не било добивањето на градовите и дека е цврсто решен да не ја напушта заедничката работа со балканските народи.[274] Со цел да подготви терен за заострување па дури и раскинување на односите, испратил многу остра и напаѓачка нота до Портата.[275] Како одговор на нотата, Портата пратила известувања до Големите сили за воените подготовки на Србија и нејзиното учество во бугарските немири.[276]

Меѓусебните српско-османлиски обвинувања продолжиле и во текот на септември но овој пат со основана причина а тоа е склучувањето на српско-грчкиот договор за сојуз. Истовремено во Србија се појавиле спротивставени гледишта околу официјалната политика кон Портата. Додека Гарашанин ја користел секоја прилика за заострување на односите со Османлиите, во однесувањето на српскиот кнез се забележувало помирливост и настојување да ги одржи во најдобра состојба.[277] Тоа дошло до израз при заседанието на Народното собрание од 12 октомври 1867 год., каде кнезот Михајло во говорот што го одржал при отворањето на собранието, ги потсетил народните претставници на придобивките кои биле постигнати за слободата и внатрешната независност на Србија, притоа зборувајќи со многу помирлив тон кон Портата.[278] Наспроти тоа, српското собрание настапило со прекорувачки па дури и заканувачки тон. Обвинувањата на српските претставници

[271]Исто, стр.109,110
[272]Исто.
[273]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња..., стр.84
[274]Исто
[275]Исто
[276]Исто; По повод ваквите обвинувања од Портата, во разговорите кои кнезот Михајло и Гарашанин ги воделе со англискиот конзул, како главни виновници за српското вооружување биле посочени општата европска ситуација и посебно, превртливата француска политика. Меѓу другото дале и ветување дека нема да се повторат слични инциденти кон бугарската граница. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.423)
[277]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња.., стр.85
[278]Ж. Живановић, Политичка историја Србије.., стр.139-140

биле насочени кон она што им се случувало на нивните „браќа по крв" во областите околу Србија, потенцирајќи ја нивната несигурност како и несигурноста што им се заканувала на економските интереси на Србија.[279] Кон што целело српското собрание станува јасно со изјавата дека српскиот народ очекува народната војска да ја исполни задачата поради која била воспоставена и со тоа да стане достојна на сите благодарности.[280] Пренесувајќи ги заклучоците од седницата а работејќи во духот на заострување на односите со Османлиите што повеќе, Гарашанин во отворената телеграма која на 26 октомври 1867 год. му ја испратил на Ристиќ, меѓудругото истакнал и дека на искажаните очекувања од народот кнезот одговорил дека неговите и желбите на народот се еднакви.[281] Ристиќ и самиот противник на ваквата Гарашанинова политика се обидувал да ги ублажи работите и да ги задржи добрите српско-османлиски односи. Наспроти тоа, Гарашанин на своја рака продолжувал со напаѓачкиот тон кон Портата притоа користејќи го инцидентот во Рушчук за одржување на напнатоста во односите.

---

[279] Исто, стр.141

[280] Исто

[281] М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња.., стр.85; Во телеграмата се велело дека собранието на својата седница едногласно му заблагодарило на кнезот за неговите дела, изјавувајќи дека народната војска е секогаш готова да ја изврши неговата волја и своите определувања. На тоа кнезот одговорил дека желбите на народот и неговите се еднакви. (Исто)

# *Глава Втора: Србија и Балканските народи (1860-1868 год.)*

## II.1.Србија и балканските народи (1860- 1866 год.)

### II.1.1. Српско-грчките преговори во текот на 1861 год.

Во своите амбициозни надворешни политички планови, Гарашанин на прво место ја изнесува војната против османлиската држава но во сојуз со останатите балкански народи. За да ги оствари своите надворешно политички цели Србија требало да влезе во преговори со Грција како со потенцијално главен балкански сојузник во рушењето на Османлиската Империја но и соперник во поделбата на османлиското наследство. Првите обиди за воспоставување грчко-српска соработка биле направени во средината на 1860 год., на иницијатива на грчката влада. Овој грчки предлог за сојуз, резултат на тогашната внатрешно политичка ситуација во Грција, во Белград го пренел грчкиот пратеник Палеолог.[282] Наоѓајќи се во положба која не дозволувала работа на националните планови и аспирации, српската влада под образложение дека кнезот Милош е премногу болен за такви работи, а Михајло не може да ги решава работите на своја рака, го одбила предлогот.[283]

Со доаѓањето на Михајло на кнежевскиот престол, а посебно со повторното стапување на Гарашанин на политичката сцена, се создаваат услови за почнување на преговори меѓу Србија и Грција. Како вовед во тоа е мемоарот т.е. документот познат како Договор со Грците составен од Гарашанин, крајот на 1860 год. Во почетокот на март 1861 год. тој му го предал на кнезот Михајло и истиот бил прифатен од негова страна.[284] Во мемоарот, Гарашанин најпрво ја истакнал неоходноста од испраќање на пратеник во Грција кој ќе ги испитал тамошните прилики и ќе склучел сојуз за заедничка акција против османлиската држава.[285] Во документот дал конкретни упатства во која насока треба да се движат неговите испитувања, односно најпрво да ја испита внатрешната положба во Грција и положбата на грчката влада, силата и влијанието на сите политички партии, фракции

---

[282]Во овој период во Грција се засилило националистичкото движење поттикнато од италијанската војна, и со тоа повлекло големи превирања во внатрешната политика. Замислувајќи се во улогата на Пиемонд на Истокот, одредени грчки политички кругови почнале да стравуваат од загрозување на грчките интереси и аспирации на Балканот. Кралот Отон за да го зачува кралскиот престол морал да ги поддржи револуционерните струи и да прифати да работи на Големата Идеја, па во таа смисла почнал да воспоставува контакти со револуционерните сили во Италија и на Балканот. (С.Терзић, Србија и Грчка..., стр.92-94; Далибор Јовановски, Грчката балканска политика и Македонија: 1830-1881, Скопје, 2005, стр. 64-66)

[283]С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 95

[284]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.471-474; Србија и ослободилачки покрети..., док.157а.

[285]Исто.

и личности, да ги проучи надворешните влијанија,расположението на народот за војна и воената спремност на Грција, како и да го дознае мислењето за Србија и Србите и што се очекува од нив.[286] Пратеникот ќе требало да утврди која политичка партија е најмногу подготвена за сојуз со Србија против османлиската држава и со истата да стапи во преговори, во најголема тајност. Гарашанин во мемоарот истакнал дека Србија и Грција, кои први меѓу христијаните во Империјата се избориле за својата слобода, имале право и должност заеднички да го завршат ослободувањето. Заеднички да поведат борба за признавање на нивните национални аспирации засновани на историското право, истакнал Гарашанин.[287] Ја нагласил и потребата Грција и Србија да не ги оставаат европските кабинети сами да ја решаваат судбината на Империјата, притоа решавајќи го Источното прашање без да се земат во предвид нивните интереси. На крајот на мемоарот нагласил дека целта требало да биде распаѓање на османлиската држава а не нејзино делење или одржување.[288] Нов обид за почнување на српско-грчки преговори за сојуз бил направен во почетокот на 1861 год. и овојпат на грчка иницијатива. Имено, кралот Отон соочен со голем притисок од одредени политички кругови, свесни дека Грција не е во можност сама да ги реализира своите аспирации, решил повторно да и предложи спогодба на Србија. Бидејќи немале дипломатски претставништва една кај друга а преговарачи во Белград не можело да се испратат поради сомневањето кое би се јавило кај османлиските власти, за почеток на преговорите било искористено доаѓањето на Гарашанин во Цариград. Кралот Отон го назначил Марко Рениерис за нов грчки пратеник во Цариград, кој требало да го пренесе предлогот.[289] На првиот состанок меѓу Гарашанин и Рениерис, кој се одржал на 19 април 1861 год., Рениерис го пренел ставот на неговата влада, источното прашање христијанските народи заеднички да го решаваат, без да чекаат ослободување од Големите сили.[290] Ваквата изјава на Рениерис била во потполна согласност со идејата која во претходно споменатиот мемоар, ја изнел Гарашанин. Рениерис му го предал на Гарашанин грчкиот нацрт договор за сојуз, каде било изнесено грчкото видување за основата на идниот сојуз.[291] Гарашанин начелно го прифатил нацрт договорот и го испратил во Белград. Единствено не се сложил со две одредби околу кои се јавиле и потешкотии

---

[286]Исто
[287]Исто
[288]Исто
[289]Petar Milosavljević, The Serbian-Greek Convention of 1861, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, collection of reports from the second greek-serbian symposium, 1980, Belgrade, 1982, p. 86
[290]Исто; Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.71
[291]С. Терзић, Србија и Грчка.., стр.101

во преговорите. Така, не се сложил со предлогот за поделба на Бугарија т.е. областа северно од планината Балкан да и припадне на Србија а јужниот дел на Грција.[292] Гарашанин инсистирал на создавање бугарска држава. После неколку дневни преговори Рениерис добил упатство од својата влада да го прифати барањето на српскиот делегат.[293] Друга потешкотија се јавила околу прашањето за Македонија. Неа Грците ја барале во целост, до Шар Планина, на што Гарашанин не се согласил и предложил поделба.[294] На овој предлог Рениерис предложил да се повлече една линија која ќе ги обележела границите на дејствувањето на двете пропаганди. Грците своите агенти би ги праќале од Берат, преку Корча, Битола, Демир Капија, Радовиш, Разлог до просторот јужно од Балкан планина, а дејствувањето на српските агенти би се простирало од Драч, Елбасан, Охрид, Прилеп, Велес, Штип, Кратово, Горна Џумаја до пределите северно од Балкан.[295] Во текот на преговорите Рениерис и Гарашанин изработиле два акта: договор за кој бил усвоен називот „конвенција" меѓу Србија и Грција и договор за сојуз кој требало да биде склучен меѓу Србија, Грција, Романија и Црна Гора.[296] Кон крајот на јуни 1861 год. конвенцијата била испратена до владите во Атина и Белград.[297] Според конвенцијата која имала осум члена, се предвидувало, најпрво двете страни да ги убедат Романија и Црна Гора да го потпишат договорот за сојуз, а доколку не добијат нивна согласност сами да го потпишат и да издејствуваат кај една голема сила признавање на правото на немешање на Исток и истовремено да влијае и на други сили да го признаат тоа начело (член I, II).[298] Грција требало да обезбеди редовна војска од триесет илјади војници, да подготви колку што може посилна флота и да раздели оружје и муниција на населението во Тесалија, Епир, Македонија и Тракија (член IV). Србија пак, се обврзувала да ја зголеми својата регуларна војска на дванаесет илјади војници, да ја организира народната војска на најширока основа, и да го вооружи населението во Босна, Херцеговина и Бугарија (член V).[299] Грците предложиле да се дополни договорот со одредби кои би предвидувале територијално проширување на двете држави. Според дополнувањето, Грција би ги анектирала Епир, Тесалија, Македонија, Тракија и егејските острови а Србија би станала кралство и би ги анектирала Босна, Херцеговина, Горна Албанија и Црна Гора, во случај да не бара

[292] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.74-75
[293] Исто
[294] Исто; V. B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations..., p.69
[295] Исто (Sotirović)
[296] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.474-478; Србија и ослободилачки покрети..., док.167а, 167б
[297] Petar Milosavljević, The Serbian-Greek Convention..., p.87
[298] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.474-478; Србија и ослободилачки покрети..., док.167а, 167б
[299] Исто

независност.[300] Според дополнувањето границите на кралството Бугарија се оставало да се одредат подоцна а би се создало и кралството Дакија составено од Влашка и Молдавија.[301] Спогодбата околу поделбата на Македонија на пропагандни подрачја не е вметната во договорот бидејќи според Г. Јакшиќ- В. Вучковиќ се чекало на одговор од српската и грчката влада.[302] Ова било суштината на српско-грчките преговори во Цариград, кои всушност претставуваат и прво соочување на српската и грчката национална програма, притоа манифестирајќи ги разликите во територијалните претензии на Балканот.

По враќањето на Гарашанин во Белград, понатамошните врски со Грците од есента 1861 год., ги продолжил Јован Ристиќ, новиот српски претставник во Цариград. Разгледувањето на грчкиот предлог во Белград, завршил со одлуката да не се потпише предложениот договор со образложение дека внатрешната ситуација во земјата, пред се воената неспремност, не дозволувала извршување на обврските од предложената конвенција.[303] Всушност вистинската причина за непотпишувањето се криела во претераните територијални претензии на Грција. Со цел да се зачуваат постојните односи, било решено на грчката влада да и се предложи одложување на потпишувањето за извесно време.[304] Така, во ноември 1861 год. Јован Ристиќ му ја соопштил српската одлука на Рениерис.[305] Со одложувањето, српската влада ја нагласила својата неспремност и се оградила од секаков приговор во случај на грчка акција. Според Ристиќ, Рениерис бил доста изненаден од ваквиот чекор на српската влада.[306] Српскиот претставник му предложил на грчкиот пратеник наместо потпишување договор да се направи размена на ноти, што било прифатено од Рениерис.[307] Во декември 1861 год. грчкиот министер за надворешни работи Кондуриотис упатил писмо до Рениерис, во кое го известил дека грчката влада го прифатила српското објаснување и нивните причини за одложување на потпишувањето на конвенцијата.[308] Во писмото Кондуриотис предлагал заедничка работа во надворешната пропаганда и потпишување на протокол меѓу Грција, Србија, Црна Гора и Романија, како основа за издејствување на начелото на

[300]Исто
[301]Исто
[302]Исто, стр.75
[303]С. Терзић, Србија и Грчка.., стр.104
[304]Михајло Миноски, Македонија во српско-грчките преговори за поделба на интересни сфери во 1861/62 год., Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“, Скопје, 1989, стр.37
[305]Србија и ослободилачки покрети..., док.193
[306]Исто
[307]Исто
[308]Исто, док.194

немешање на силите во решавањето на источните работи.[309] Ристиќ се спротивставил на потпишувањето на таков протокол и успеал да го убеди Рениерис во опасноста која би можела да го донесе тоа потпишување односно можноста од разбивање на тајноста.[310] Се сложиле со Рениерис веднаш да започнат дипломатска акција во Париз и во Букурешт. Заедничката активност во Париз, според Ристиќ, би требало да го има истото дејство како и она што би можело да се очекува од потпишувањето на протоколот.[311] Меѓутоа Гарашанин и покрај тоа што начелно се сложил со планот за дипломатско делување во Париз, барал да не се открива веднаш српско-грчкиот договор туку тоа да се направи постепено.[312] Не сигурноста во спремноста на Франција да се заложи за немешање на Исток, било причина Гарашанин да побара одложување на српската акција во Париз, како и во Букурешт. Тоа предизвикало големо незадоволство кај Грците а грчкиот пратеник во Цариград, Палеолог во разговорите со Ристиќ, посебно го нагласил незадоволството од забраната грчката влада да зборува и од име на Србија.[313] Ристиќ, ваквиот став на Србија го објаснувал со тешката положба во која се наоѓала после османлискиот протест на одлуките од Преображенското собрание, како и опасноста дека ќе се отежнат преговорите со француската влада околу набавката на оружје.[314] Овие објаснувања, како и веста дека српската влада решила да испратила делегати во Петроград и во Букурешт, наишле на добар прием во Атина.[315]

Во февруари 1862 год., Палеолог го известил Ристиќ дека расположението во Грција и во околните области брзо созрева за востание, кое по негово мислење ќе започнело на пролет, а двете држави не смееле да го дочекаат неподготвени.[316] Меѓутоа официјално известување за ситуацијата и намерите на грчката влада не било добиено. Ставот на српската влада бил дека се додека не се осигура начелото на немешање на Големите сили, секакво започнување акција би било опасно.[317]

---

[309] Исто
[310] Исто, док.197
[311] Исто
[312] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.93; Меѓутоа грчката влада преку својот пратеник во Париз, Калергис, го известил Тувенел за српско-грчките преговори. (Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр. 104)
[313] Србија и ослободилачки покрети..., док.203; М. Миноски, Македонија во..., стр.46
[314] Исто (Србија и ослободилачки покрети)
[315] Исто, док.205
[316] Исто
[317] Исто

## II.1.2. Обидите на Србија за балканска соработка ( 1861-1863 год.)

Во своето „Начертание“, Гарашанин, во однос на идејата за соработка односно заедништвото меѓу балканските народи, забележува „Ако Србија добро процени што е сега, во каква положба се наоѓа и какви народи ја опкружуваат, мора да се увери во тоа дека е мала и не смее да остане во ваква состојба и само во сојуз со останатите народи што ја опкружуваат може да ја оствари својата задача за во иднината.“[318] Од задачата на Србија која Гарашанин и ја предодредува уште од 1844 год., а кнезот Михајло ја прифаќа и се обидува да ја реализира, произлегуваат надворешно политичките цели на Србија. Смелите национални цели кои кнезот Михајло и Гарашанин ги поставуваат пред себе, а во контекст на создавањето на една јужнословенска држава во која Србија ќе го има водството и ќе биде средиште околу кое ќе се собираат останатите народи, требало да водат не само кон обединување туку и проширување на Србија. Со кои средства мислеле да го остварат тоа создавање на јужнословенска држава на Балканот а следствено на тоа и рушење на османлиската држава? Револуционерното расположение на христијанските народи во Империјата, засилено со зголемени политички и културни врски и револуционерна пропаганда, биле дел од политичките пресметки на кнезот во неговиот план за ликвидирање на Империјата. Друг важен момент на кој сметал кнезот Михајло е мислата за слабоста на Империјата и способноста на Србија и останатите балкански народи сами да се справат со неа. Голема надеж полагал во склучување на сојуз со балканските народи, кој требало да ја направи Србија средиште околу кое ќе се обединат балканските народи и ќе и осигура доминантна положба во идната балканска заедница.[319] „Ако нема спогодба меѓу балканските народи нема ни опасност за опстанокот на Османлиската Империја“, вели Гарашанин во својот Мемоар до кнез Михајло од октомври 1861 год.[320] Имено, при преземањето на власта, Гарашанин доставил до Михајло концепт за српската национална политика односно за потребата од план за цврста надворешна политика.[321] Во него Гарашанин ја изнесува неоходноста од определување на целта на српската надворешна

[318]Начертаније Илије Гарашанина...,стр.15
[319]Васа Чубриловић, Историја политичке мисли у Србији XIX век, Београд, 1958, стр. 173
[320]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.42
[321]Исто

политика и начините на кои таа цел ќе се оствари. „ Таа цел неможе да биде друга освен рушење на Османлиската Империја и распространување на границите на Србија", истакнал Гарашанин во мемоарот, притоа нагласувајќи дека Србија ќе се соочи со големи тешкотии при реализирање на оваа цел доколку претходно не постигне спогодба со балканските народи.[322] Гарашанин нуди два начини за постигнување на целта, преку поединечни почести буни во различни османлиски области или истовремено заедничко востание на сите христијански народи. Поединечните буни, според Гарашанин, можеле да ја ослабнат Османлиската Империја но истовремено ја исцрпувале и силата на балканските народи а не ја исклучува и можноста од компромитирање на Србија пред европската дипломатија. Па наместо ова Гарашанин советува подготовка на Србија за борба преку создавање сојузи со останатите балкански држави и народи, по што би следело востание.[323] Национално ослободителните планови на Гарашанин, а во тој контекст и брзото вооружување на Србија, оживување на националното движење и претходно споменатото политичко и воено обединување на балканските држави и народи, произлегуваат од објективните околности во српскиот внатрешен развој а се ограничени од заблудата за големината на сопствената сила и немоќта на османлиската држава.

Во текот на 1861/1862 год. Гарашанин започнал преговори со балканските држави единствено не согласувајќи се со склучување воени сојузи, оставајќи ги за време додека заедничките воени подготовки не завршат и не се осигура немешање на Големите сили.

Сојузот со Црна Гора, Гарашанин го сметал за неопходен предуслов за војната за ослободување. Поранешните односи меѓу двете држави не давале реална основа за поширока политичка соработка. Тие немале постојани претставници една кај друга а поважните работи им биле доверени на посебни пратеници. По стапувањето на престолот, крајот на ноември 1860 год. кнезот Михајло како пратеник во Црна Гора го испратил Вук Караџиќ.[324] Сведоштвата за целта и содржината на мисијата се многу сиромашни, па тешко е точно да се утврди што се Караџиќ разговарал на Цетиње и што ветувал од име на српската влада. Покрај предавањето на вообичаената нотификација за преземање на власта, официјалната задача на

---

[322]Исто
[323]Исто
[324]Петар Поповић, Односи Србије и Црне Горе у XIX веку: 1804-1903, Београд, САНУ, 1987, док.230; Радоман Јовановић, Политички односи Црне Горе и Србије 1860-1878, Историјски институт СР Црне Горе у Титограду, Цетиње, 1977, стр.42

Караџиќ била да му ги соопшти на кнезот Никола главните Михајлови погледи на политичката ситуација.[325] Меѓутоа известувањето околу содржината на мисијата што кнезот Никола му го дал на францускиот конзул во Скадар, Хекар, говори за сосема поразлична цел на мисијата. Имено, кнезот Никола изјавил дека била постигната спогодба за заедничка акција во пролетта 1861 год., притоа тврдејќи дека Србија и ветила на Црна Гора помош во оружје, муниција и доброволци.[326] Малку е веројатно дека Вук Караџиќ бил овластен да вети и договара нешто што Србија во тие моменти не била спремна да го исполни. Имено, жариште на тогашните востанички немири била Херцеговина, која се наоѓала под влијание на Црна Гора. Во Херцеговина почнувајќи од јуни 1860 год. повремено доаѓало до вооружени судири, како вовед во востание. Истовремено, често се случувале и погранични судири меѓу Црногорците и Османлиите. Врските на Србија со Херцеговина биле минимални, па таа и не била вклучена во предизвикувањe на буната. Главното влијание го имала црногорската влада која според Радоман Јовановиќ била главниот инспиратор на Херцеговското востание, главно заради остварување на црногорските политички цели.[327] Србија поаѓајќи од својата воена неподготвеност и ставот на европската дипломатија за немешање на Србија, увидела дека мирот мора да се сочува до попогодни прилики. Сепак неможела да остане пасивен посматрач, па преку мисијата на Караџиќ решила да ги испита можностите за склучување на сојуз со Црна Гора. Од друга страна, не треба да се изземе и можноста сам Вук Караџиќ да и ветил нешто на црногорската влада за што не бил овластен, па тоа да се протолкува како спогодба за заедничка акција.[328]

Додека Караџиќ патувал за Цетиње, кнезот Никола во Белград го испратил капетанот Марко Врбица.[329] Освен официјалните активности околу предавањето на писмото со честитки за кнезот Михајло за стапувањето на престолот, Врбица побарал од кнезот Михајло помош во оружје, муниција и доброволци, што според Радован Јовановиќ, му било ветено.[330] Меѓутоа во писмото кое српскиот кнез како одговор му

---

[325]*Исто, стр.43. Во август 1860год. на престолот во Црна Гора стапил кнезот Никола Петровиќ. Според Радоман* Јовановиќ, во првите години од своето владеење тој бил само формално црногорски владетел а целата надворешна и внатрешна политика ја водел неговиот татко, војводата Мирко. Во основата на црногорската надворешна политика се наоѓал планот за територијално проширување и меѓународно признавање на нејзината независност. (Исто, стр.37,38)

[326]Исто, стр. 43-46

[327]*Исто, стр.38; Во Цариград се шриеле гласови за поврзаноста* на херцеговските водачи со италијанските револуционери. (Исто; Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.59)

[328]Во писмото до Мариновиќ од 20.01.1861 год., Гарашанин изјавува недоверба кон политичката способност на Караџиќ, плашејќи се за исходот на мисијата во Црна Гора. (Писма Илија Гарашанина.., стр.83)

[329]П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 231; Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и ..., стр.46

[330]Исто, стр. 47-49

го испратил на кнезот Никола, не споменува ништо околу некои поконкретни облици на соработка туку само го изразил своето задоволство што на чело на Црна Гора се наоѓа кнезот Никола.[331]

Гласовите за српско-црногорската соработка околу заедничката акција во корист на востанието во Херцеговина, ја отежнувале положбата на српската влада. Така, во текот на својата мисија, Мариновиќ во Париз наишол на остра критика околу воспоставувањето на српско-црногорските врски.[332] Кнезот Михајло и Филип Христиќ го уверувале францускиот конзул во Белград дека не било дадено никакво ветување за заедничка акција против османлиската држава и постоеле само обични срдечни и братски односи меѓу двете земји.[333] Со оглед на прекорите од европската дипломатија, Михајло ги прекинал започнатите рзговори со Црна Гора, неодговарајќи ни на чекорот на Врбица.

Незадоволен од пораките кои пристигнувале од Белград, кнезот Никола, во исчекување на брза акција во корист на Херцеговското востание, решил уште еднаш да се обиде да го придобие кнезот Михајло. Во средината на март 1861 год. во Белград пристигнал секретарот на Сенатот, Тодор Илиќ.[334] Во писмото што преку Илиќ кнезот Никола му го испратил на кнезот Михајло, црногорскиот владетел ја искажува својата нестрпливост и неизвесност во која се наоѓал после мисијата на Караџиќ, испраќајќи го Илиќ за да ги пренесе поопширно неговите мисли и желби.[335] Според известувањата на францускиот конзул Хекар, засновани на изјави од кнезот Никола, кнезот Михајло му ветил на Илиќ дека ќе овозможи снабдување на Црна Гора со барут, но да не очекува помош при евентуален напад на Црна Гора на османлиската држава.[336] И покрај ваквиот став на српската влада црногорскиот владетел бил на мислење дека доколку востаничкото движење се прошири до српската граница, Србија не би можела да остане пасивна.[337] Всушност, Црногорците настојувале да испровоцираат востание или на било кој друг начин да ја вовлечат Србија во војна со османлиската држава, дури и со нејзино компромитирање. Па во склад со тоа се и следните неколку акции на Црна Гора. Имено, во почетокот на јуни 1861 год., војводата Мирко, на Марко Врбица му доверил акција за кревање востание

---

[331]Србија и ослободилачки покрети..., док. 158

[332]Тувнел го обвинил кнезот Михајло дека ветувал воена помош на Црна Гора, наведувајќи дека кнезот Никола го известил за тоа. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.58)

[333]Л. Алексић, Став Француске према Србији.., стр.46

[334]Србија и ослободилачки покрети..., док.161; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 232

[335]Исто

[336]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.61; Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.51

[337]Исто (Р. Јовановић), стр.52

во Санџак.[338] Во тоа време на српската граница кај Ужице се случил еден инцидент кој во Белград бил оценет како опасна сплетка на кнезот Никола. Во средината на јуни 1861 год., одред од вооружени Црногорци од Васојевиќ ја преминале границата, под изговор дека бараат барут.[339] Штом дознала за движењето на црногорскиот одред кон српската граница, Портата испратила протест до српската влада. Кнезот Михајло, толкувајќи ја акцијата како обид на црногорскиот кнез да го компромитира кај Портата и вовлече во судир, му издал наредба на Ратко Алимпиќ да го разоружа одредот.[340] Четата била разоружана и интернирана, а преку австрискиот конзул бил направен обид да им се овозможи враќање во Васојевиќ.[341]

Набрзо после овие случувања, во јули 1861 год., кнезот Михајло во Цетиње го испратил началникот на управата за просвета, Љубомир Ненадовиќ.[342] Целта на неговата мисија била да го објасни држењето на Србија во претходните настани и да го посоветува кнезот Никола дека сè уште не е созреано времето за борба со Османлиската Империја.[343]

Крајот на летото 1861 год., кнезот Никола во Србија го испратил сенаторот Ѓуро Матановиќ, кој требало да бара дозвола за преселување на неколку стотини црногорски фамилии во Србија а меѓудругото и да увиди дали постојат знаци за можно идно ангажирање на Србија во востаничкото движење.[344] Кнезот Михајло сметал дека е подобро на Црногорците да им испрати парична помош од шест илјади дукати, отколку да ја прифати таа преселба и трошоците околу неа.[345] Според известувањето на Матановиќ околу расположението во Србија за учество во

---

[338] *Исто.* Во време кога се мислело дека акцијата на Врбица ќе ја натера српската влада да го промени својот став, во Васојевиќ пристигнал Јован Николиќ- Тисовац, по потекло од Херцеговина. Се претставил како агент на српската влада, испратен од кнезот Михајло со цел на Врбица и на другите херцеговски водачи да им го пренесе советот од кнезот Михајло да одат кон српската граница каде ќе најдат оружје, барут и неколку илјади српски војници на помош. (Србија и ослободилачки покрети ..., док.176; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.236); Малку е веројатно дека кнезот Михајло освен во случај ако на овој начин сакал да ја саботира акцијата на Врбица, можел да дава ветувања кои немал намера да ги изврши.

[339] П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 235; Според Р. Јовановиќ одредот броел околу двесте шеесет луѓе. (Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и...,стр.54); Според Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ, околу двесте луѓе. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.62)

[340] Записи Јеврема Грујића..., стр.103; Црногорците му изјавиле на Алимпиќ дека дошле да бараат помош од Србија *и му предложиле да собере околу четиристотини, петстотини луѓе за заеднички да навлезат во* Херцеговина. Алимпиќ се трудел да им докаже дека учеството на Србија во таа акција во тоа време е невозможно и настојувал да го предадат оружјето. (Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и...,стр.55,56); Р. Јовановиќ го поставува прашањето за можноста од договор меѓу кнезот Михајло и Никола односно можноста акцијата на Васојевиќи да е преземена по некаков меѓусебен договор и со знаење на српската влада. Меѓутоа земајќи ги во предвид сите околности во Србија, меѓународната ситуација, вооружувањето и сл., ова е помалку од веројатно.

[341] Исто.

[342] Србија и ослободилачки покрети..., док.181; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 239

[343] Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.57

[344] П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 240

[345] Исто, док.242

востанието против Османлиите, кнезот Никола сфатил дека неговите надежи за српска помош се тешко остварливи.[346]

Илија Гарашанин својот став за претходно споменатите настани го изнесува во неговиот Мемоар до кнезот Михајло од октомври 1861 год., каде наведува дека отвореното мешање на Србија во Херцеговското востание би било катастрофално за Србија, нагласувајќи ја разликата во географската положба меѓу Црна Гора и Србија и преголемата опасност на која Србија би се изложила доколку ја предизвикала Империјата на војна, посебно во време кога, истакнува Гарашанин, освен „гола желба и каење што за вакви околности подобро не се подготвиле, немаат никакви средства нужни за најмала војна".[347] Сето ова ја објаснува неутралноста на Србија во престојната црногорско-османлиска војна.[348]

Крајот на февруари 1861 год., по налог на кнезот Михајло, Гарашанин извршил една полуслужбена мисија во Виена и Будимпешта, со цел да ги подобри односите меѓу Србите од Војводина и Унгарците.[349]

Не многу поразличен од горе посочениот, бил ставот на Гарашанин и во време на кризата настаната околу бомбардирањето на Белград. Иако голем дел од јавното мислење сметале дека доколку Конференцијата не предвидувала целосно иселување на муслиманите, војната била неизбежна, Гарашанин како и Мариновиќ, спротивставувајќи се на влегувањето на Србија во војна, биле за тоа да се преземат воени и дипломатски мерки со цел идните случувања да не ја затекнат Србија неспремна. Во склоп на овие мерки спаѓало и добивањето на поддршка од наклонетите сили и создавање сојуз на балкански народи. Па според тоа требало да се дознае што може да се постигне околу соработката со околните народи а посебно околу ставот на Грција и нејзиното гледање на иден сојуз. За таа цел во Атина бил испратен банкарот Јован Кумануди, кој престојувал во грчката престолнина од

---

[346]Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.63-67

[347]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.42

[348]*Според Р. Јовановиќ, во текот на Црногорско-османлиската војна, во јули 1862 год. во Цетиње повторно пристигнал Вук Караџиќ, кој според него требало да ја објасни состојбата во Србија и намерите на српската влада како и да го објасни нејзиниот став околу Црногорско-османлиската војна.* (Р. Јовановић, *Политички* односи Црне Горе и..., стр.69,70) Во почетокот на јули, со посредство на рускиот конзул Петковиќ, кнезот Михајло пратил пет илјади дукати како помош за Црна Гора. (Исто) После бомбардирањето на Белград, во Црна Гора проструиле гласови за можноста од избувнување на Српско-османлиска војна а Јован Ристиќ пренесува дека веста за бомбардирањето на Белград била поздравена со пукање на топовите во Цетиње. (Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр. 156)

[349]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.19,20. На 15.12. 1860 год. Војводина била присоединета кон унгарската круна. Во Будимпешта Гарашанин водел разговори со челниците на унгарските либерали, главно околу идните односи меѓу Србија и Унгарија и за односите меѓу Унгарците и Србите од Војводина. Стапил во контакт и со унгарската емиграција за што сведочат зачуваните белешки и знаци за тајна преписка, како и планот за некаква акција изработена во Неапол од унгарската емиграција. (Исто); *Во април 1861 на Никола Крстиќ му била дадена мисија во Будимпешта.* (Исто, док.27)

почетокот на јули до октомври 1862 год.[350] Бомбардирањето на Белград и можните последици од избувнувањето на поголем балкански судир, го привлекло вниманието и на грчките политички кругови. Кралот Отон свесен за реалната сила на Грција, решил да го прати во Торино и Париз бившиот воен министер Димитриос Боцарис.[351] Грчкиот министер во Париз барал материјална и дипломатска поддршка од Франција, уверувајќи ја француската влада дека е во нејзин интерес да ги поддржува грчките аспирации на Балканот, бидејќи на тој начин би се спречиле Словените, како руски штитеници, да ја имаат доминантната положба на Балканот.[352] Боцарис во Париз се сретнал со Лешјанин, при што си ги размениле своите согледувања околу ставот на француската влада да не се отвора Источното прашање, идентичен во двата разговори [353]

Меѓу бројните италијански личности кои делувале меѓу Грците се истакнувал Марко Антонио Канини, на кого италијанската влада му доверила мисија во Грција, Романија и Србија.[354] Во почетокот на август 1862 год., Канини се појавил во Белград. Во разговорите со Гарашанин, Канини го претставил проектот на унгарскиот генерал Клапка и Лајош Кошут, за создавање на Дунавска конфедерација.[355] Гарашанин се држел доста резервирано кон Канини и расположението на италијанската влада повеќе сакал сам да го провери преку испраќање на Лешјанин во Торино.[356] Исто така и опасноста од австриската воена интервенција ја принудиле Србија преку испраќање на Лешјанин да ги дознае вистинските намери на Италија кон Австрија и османлиската држава.[357] Гарашанин знаел дека главната цел на италијанската дипломатија се движела во насока на искористување на „балканските революционери" за завршување на италијанското обединување со присоединување на Венеција и можноста на Австрија да ја окупира Босна како компензација за тоа.[358] Сомневајќи се во вистинските намери на италијанската политика на Балканот, мисијата на Канини завршува неуспешно. Од друга страна пак, Гарашанин стравувал

---

[350] С. Терзић, Србија и Грчка.., стр. 109
[351] Србија и ослободилачки покрети ..., док.216
[352] С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 107
[353] Л.Алексић, Став Француске према Србији.., стр.59
[354] С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 108
[355] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.54
[356] Лешјанин требало да ја гласи потребата од спогодба меѓу Унгарците и Србите во Војводина, истакнувајќи дека во тоа лежи најголемиот успех против Австрија. Во однос на проектот кој предвидувал обединување на народите околу Дунав и Сава во една конфедерација, Гарашанин сметал дека е премногу рано т.е. требало да се оди по ред, најпрво да се „отргнат" Австрија и Портата и со тоа да се направи место на друга форма на управување. Бидејќи проектот излегол и во италијански весник, Гарашанин бил против тоа, сметајќи дека договорите се прават тајно а не преку весници. (Исто)
[357] Исто
[358] V. B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations…, p.79

од можноста, Србија поради овие преговори со италијанските револуционери да не ја изгуби поддршката, пред сè од Русија.[359]

Како што беше претходно наведено главните преговори со Грција после белградското бомбардирање му биле доверени на Јован Кумануди.[360] Во разговорите кои ги водел со Рениерис, му било пренесено дека било подготвено востаничко движење односно дека две илјади доброволци подготвени, чекале знак за веднаш да навлезат во Епир и Тесалија, а се очекувало и пристигнување на неколку илјади доброволци на чело со Гарибалди и Клапка.[361] Во образложувањето на својата мисија при средбата со крал Отон, Кумануди ја истакнал потребата на Србија од соработка меѓу сите балкански народи, посебно во време кога било извесно дека Конференцијата нема да ги задоволи српските барања, а кнезот Михајло бил решен на војна со османлиската држава. Меѓутоа пред да одговори на понудата за акција, кралот Отон најпрво го распрашал Кумануди за јачината на српската војска и ситуацијата во Босна и Бугарија, за да потоа забележи дека Грција не била подготвена за војна, оставајќи го одговорот за подоцна.[362] Во исчекување на резултатите од Цариградската Конференција и одговорите од Париз и Торино, кон крајот на август 1862 год., владата на Колокотронис ја известила српската влада дека Грција не била подготвена за активно учество во војна и побарала одложување на почетокот на војната за следната година.[363]

Освен Грција, Србија се обидела да ја придобие и Црна Гора, иако очекувањата за соработка биле мали поради последиците од црногорско-османлиската војна. Во есента 1862 год., во Црна Гора бил испратен др. Василије Теодоровиќ, кој од март 1862 год. се наоѓал на патување по Далмација со мисија да организира агентска мрежа за обнова на српската пропаганда во Босна и Херцеговина.[364] Бидејќи го посетил Цетиње по завршувањето на војната, Теодоровиќ му пренел на Гарашанин многу обвинувања на сметка на Србија.[365]

Во согласност со планот за цврста надворешна политика, по доаѓањето на власт, Гарашанин започнува со активности околу обнова на националната пропаганда и подготвување на општо востание против Османлиската Империја. Така,

[359] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.52
[360] Јован Кумануди (1812-1866 год.) по потекло бил Грк кој долги години живеел во Белград. (С. Терзић, Србија и Грчка.., стр.109)
[361] Исто, стр.210
[362] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.127
[363] М. Миноски, Македонија во..., стр.49
[364] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док. 50, фуснота1
[365] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.129,130

во почетокот на 1862 год. го основал „Српски одбор“ за национална пропаганда.[366] Претседател на Одборот бил Лазар Арсениевиќ -Баталак а членови Фрањо Зах, управник на артилериската школа и Атанасиј Николиќ, пензиониран заменик министер за внатрешни работи.[367] Одборот стоел под непосредна управа на Гарашанин а целата активност околу присобирањето известувања, давање упатства на агентите и сл. ја вршел Николиќ. Одборот составил план за својата работа кој се состоел од два дела: „Сегашноста и иднината на Балканскиот Полуостров“ и „Подготовка за народно востание во внатрешноста на Европска Турција“.[368]

Во почетокот на 1862 год., по повод раздвижувањето на османлиската војска и гласовите за австриските освојувачки намери кон Босна, до српската влада биле поднесени повеќе планови за кревање востанија во околните области. Босанецот Тома Ковачевиќ, благајник во воеността министерство и долгогодишен соработник на Гарашанин околу организирањето на националната пропаганда во Босна и Херцеговина, во февруари 1862 год. изработил план под наслов „Проект за кревање буна против Османлиите во Босна, Херцеговина, Стара Србија и Никшичкиот и Видинскиот пашалак “.[369]

Крајот на март 1862 год., Атанасиј Николиќ составил план за подготовка на Србија за евентуална војна со османлиската држава, во случај кога било можно Србија да била вовлечена порано од што се надевала.[370] Ова според Николиќ го потврдувале приликите кои постојат во османлиските области и ситуацијата во српско-османлиските односи. Тој предлагал сојуз со Грција, која требало да ги крене на востание Епир, Тесалија и Македонија, со што би се олеснил османлискиот притисок на Србија. Србија би имала задача да крене буна во Бугарија, со што ќе се отежнеле врските на османлиската војска со Цариград.[371] Околу востанието во Босна и Херцеговина, Николиќ предлагал усвојување на планот на Антонио Орешковиќ.[372] Орешковиќ бил капетан во австриската војска кој во почетокот на јуни 1862 год. пребегал за Србија и стапил во српска служба. Набрзо му било доверено да

[366]Србија и ослободилачки покрети ..., док. 219
[367]Исто
[368]Исто.
[369]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у југословенским покрајинама..., док.47; Во својот проект Ковачевиќ дава податоци и совети околу подготвувањето на востание, коресподенцијата, трошоците, должностите и поставувањето на агентите, наведува кои се според него главните точки каде треба да се кренат бунитe и времето на нивното подигнување, како и совети за воената политика на Србија. (Исто)
[370]Србија и ослободилачки покрети...,док.211; Вучковиќ само делумно го објавува Мемоарот. (В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у југословенским покрајинама..., док. 48)
[371]Србија и ослободилачки покрети...,док.211
[372]Исто, док.211, 221

организира доброволен одред во Ваљево.[373] Во случај српската влада да се одлучела на војна, овој одред заедно со Бугарската легија требало да кренат буни во Босна и Бугарија, кои меѓу другото требало да добијат карактер на автохтони движења, ослободувајќи ја Србија од одговорноста за нивно предизвикување. Воениот и операционист план на Србија кој го изработил Орешковиќ предвидувал подготвување на општо востание на христијаните во Империјата, како Србија не би била затекната неспремна при евентуална Српско-османлиска војна. Посебен додаток кон планот претставува планот за кревање на востание во Босна. Орешковиќ наведува дека планот за востание во Босна го изработил додека се наоѓал на служба во австриската војска, крајот на 1861 год. или почетокот на 1862 год. и го доставил на српската влада.[374]

Истовремено со акцијата во Босна требало да се започне и акција во Бугарија. Уште во „Начертанијето" Гарашанин ја истакнал важноста на тој предел за Србија. [375] Бугарија била значајна географско-стратешка територија од каде можела да се загрози османлиската интервенција во случај на евентуална српско-османлиска војна. Наоѓајќи се во непосредна близина на Цариград, Бугарите можеле да парализираат значителен дел од османлиската војска, отсекувајќи ги комуникациите на Цариград со северните гарнизони. Меѓутоа близината на Бугарија до Цариград ја правеле да биде и стратешки и економски најчувствителен дел од османлиската држава во Европа. Голем дел од Источна Бугарија бил колонизиран со муслиманско население, а голема била и концентрацијата на османлиски воени сили по бугарските градови. Економскиот фактор бил исто значаен за Империјата да настојува да го зачувува својот суверенитет во Бугарија. Од друга страна ова ги отежнува условите на бугарскиот народ за развој на национално ослободителното движење. Па така, бранот национални идеи и движења кој ја зафатил Европа, благодарејќи меѓудругото и на слабоста на бугарската буржоазија и нејзините културно-трговски врски со Европа, најдоцна се почувствувал во Бугарија.

---

[373]Одредот требало да го сочинуваат луѓе од сите јужнословенски области освен Бугарија, бидејќи Бугарите биле организирани во посебен одред. (В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док. 51)
[374]Србија и ослободилачки покрети..., док.221; Вучковиќ го дава само додатокот на предлогот кој се однесува на Босна. (В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док. 56); Во планот Орешковиќ, меѓу другото наведува дека востанието во Босна не би имало само за цел ослободување на Босна, туку многу повеќе би и служело на Србија во извршување на својата мисија на Балканскиот Полуостров. Според овој план за кревање востание во Босна се предвидувало еден дел од Ваљевски одред да се упати кон Херцеговина, како би стапил во врска со херцеговските и црногорските востаници, другиот дел под негова команда да се упати по долината на р.Сава до Бања Лука од каде Орешковиќ очекувал најмногу воена помош. (Исто)
[375]*Начертаније Илије Гарашанина...*, стр.23-30

Развојот на бугарското национално револуционерно движење е непосредно врзан со името и делото на Георги Раковски, еден од најкрупните претставници на ова движење, иницијатор на првите организации на воена основа.[376] Голем дел од времето поминато во револуционерна работа го поминал во Србија и тоа најпрво во Нови Сад (1856,1857 год.) а потоа и Белград (1860-1863 год.).[377] Од септември 1860 год. во Белград почнал да го издава весникот „Дунавски лебед", на бугарски и француски јазик.[378] Во молбата за дозвола за излегување на весникот, како што пренесува В. Трајков, меѓу другото било наведно и дека весникот ќе имал за задача да помогне во взаемното запознавање на Србите и Бугарите и да создаде пат за зближување и единство.[379] Во недостаток на револуционерно движење во Бугарија, Србија барала соработници за својата политика меѓу бугарските дејци во Србија, па со оглед на тоа Раковски имал политичка, материјална и морална поддршка од српската влада и уживал нејзина потполна доверба.[380] Во тоа време неговата концепција за еманципација на Бугарите т.е. ослободување на бугарскиот народ, се базирала на заедничка работа, соработка и борба на сите балкански народи против османлиската држава.[381] Ова произлегло од неговото согледување за немоќта и неможноста на Бугарите сами да се ослободат што пак било резултат на објективната слика за положбата во која се наоѓала Бугарија. Кнезот Михајло не само што давал морална сатисфакција на неговата публицистичко-пропагандна дејност во Белград, туку и финансиски ја помагал неговата акција за спречување на масовното иселување на Бугарите од Видинската област во Русија и населувањето на Черкези и Татари на нивно место.[382] На српската влада не и одговарало за соседи да ги има немирните и воинствени муслимански иселеници од Русија, кои не само што би ја загрозувале српско-османлиската граница на Тимок туку би претставувале и поткрепа на османлиската власт, отежнувајќи ги српско-бугарските врски.

---

[376]Владимир Стојанчевић, Србија и Бугари, 1804-1878, Београд, 1988, стр.175,176

[377]В. Стојанчевић, Георги Сава Раковски и питање бугарско-српске сарадње за ослобођење балканских народа од турске власти, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд,1990, стр.225; Трайков Веселин, Раковски и балканските народи, София, 1971 стр. 44-70

[378]Исто, стр.75,76

[379]Исто, стр.73,74

[380]В. Стојанчевић, Србија и Бугари..., стр.176

[381]В. Стојанчевић, Георги Сава Раковски и питање..., стр.224; В.Трайков, Раковски и балканските народи..., стр. 77

[382]Исто, стр.80; Со договорот меѓу руската влада и Портата се предвидувало иселување на Черкези и Татари од јужните погранични подрачја од Русија и нивно населување на местото на Бугарите од Видинската област кои би се населиле во Русија. Во мај 1861 год. Раковски развил голема пропагандна акција за да го спречи иселувањето на Бугарите. Во тој контекст било и печатењето на брошурата на Раковски „Преселување во Бугарија или руската убиствена политика за Бугарите" во Букурешт, а финансирано од српската влада. (Србија и ослободилачки покрети., док.170, 172) На територијата на Бугарија после Кримската војна се доселиле сто педесет илјади Татари и Черкези. (V. B. Sotirović, Serbia's Diplomatic Preparations..., p.81)

Во Србија, Раковски не се занимавал само со новинарска пропаганда и политички активности. Имено, во исчекување на влошување на односите со Портата, одбраната од евентуалниот османлиски напад барала подготовки не само во Србија туку и кај соседните народи. Па така, во договор со српската влада, во декември 1961 год. Раковски составил „План за ослободување на Бугарија", а во почетокот на 1862 год. му била доверена организација на една доброволна единица од бугарски емигранти во Србија, со назив „Бугарска легија".[383] Основната воена задача која се предвидувала за легијата била во престојниот српско-османлиски судир, како организирана воена формација, да навлезе преку источната српско-османлиска граница во Бугарија, да го крене народот на востание и да ги прошири востаничките дејства во средишниот и источниот дел на Бугарија.[384] За издржување и вооружување на легионерите се грижела српската влада.[385] Во време на бомбардирањето на Белград, во јуни 1862 год. бил формиран бугарски одбор „Привремено бугарско началство", под претседателство на Раковски.[386] Во време на исчекување на дипломатско решавање на српско-османлискиот судир, Легијата извесно време држела позиции на Калемегдан, а потоа Раковски издејствувал да биде испратена во Алексинац, близу до бугарската граница за да може полесно да се префрли во Бугарија.[387] Во меѓувреме во Бугарија, Хаџи Ставро во Трново формирал чета со која се одметнал на Балкан планина.[388] Меѓутоа, Османлиите ја разбиле четата а нејзиниот водач со еден дел од востаниците преминал во Романија.

Судбината на бугарската легија била решена со Канлиџката конференција, која меѓу другото ја обврзувала српската влада да ги распушти сите доброволни воени формации а со тоа и легијата.[389] Револуционерните планови на Раковски остануваат неостварени. Но одредбите од Конференцијата и разрешувањето на српско-османлискиот спор не се единствена причина за тоа. Делувајќи од надвор, без непосреден контакт со бугарскиот народ, неговата четничка акција е осудена на

---

[383]В.Трайков, Раковски и балканските народи..., стр. 97-99; В. Стојанчевић, Србија и Бугари..., стр.183-192

[384]Според Планот на Раковски, со околу илјада двесте доброволци легијата требало да навлезе во Бугарија и да продре до Трново, попатно кревајќи го населението на востание. Според неговите пресметки бројот на востаничките сили би се искачил на триесет илјади луѓе. Од Трново еден одред требало да се упати кон Свиштов заради воспоставување врска со Романија а друг одред да го заземе Видин. (Исто, стр.189)

[385]Легионерите имале униформи со амблеми и симболи од бугарската национална историја, свое знаме и сл. (Исто); Околу бројот на легионерите, според Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ легијата броела околу триста луѓе. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.135); Според В. Стојанчевиќ легијата ја сочинувале шестотини луѓе. (В. Стојанчевић, Србија и Бугари.., стр.190)

[386]В. Стојанчевић, Георги Сава Раковски и питање..., стр.230; В.Трайков, Раковски и балканските народи.., стр. 105

[387]В.Трайков, Раковски и балкански народи.., стр. 108

[388]В. Стојанчевић, Георги Сава Раковски и питање..., стр.230

[389]Исто; В.Трайков, Раковски и балканските народи..., стр. 109

неуспех. Истовремено за остварување на своите револуционерни планови тој бара поддршка и материјална помош од српската влада. На тој начин го врзува бугарското движење со политиката на српската држава, ставајќи го во зависност од насоките на нејзината политика. Реализацијата и исходот на тие планови зависи исклучиво од ставовите на српската влада.

Набрзо по формирањето на бугарскиот одбор во Белград, српската влада започнала да работи на основање бугарски одбор и во Букурешт каде постоела голема, богата бугарска колонија. Со посредство на тамошниот руски конзул и српскиот делегат Атанасиј Николиќ бил основан одбор, но за кратко време поради неможноста да ги собере потребните средства за водење на работите, се растурил.[390]

Случувањата во европската политика предизвикани од избувнувањето на полското востание, крајот на јануари 1863 год., проследени во Србија со стравот од решавање на Источното прашање во полза на Портата, го принудиле кнезот Михајло на зголемена дипломатска и политичка активност. Во писмото до кнезот Никола, од ноември 1863 год., каде Гарашанин ги изложува своите размислувања за положбата на Србија во постојната европска ситуација, меѓу другото наведува и дека преземените дипломатски активности се во исчекување на приликите кои би можеле да се изродат од овие настани а кои Србија правилно би ги искористила и истите не би ја затекнале неспремна.[391] Па така, гледајќи ја најголемата опасност во англиската политика, кнезот Михајло дошол на мисла преку придобивање на англиското јавно мислење, кое имало големо влијание во политичкиот живот во Англија, да го измени непријателскиот став на англиската влада кон Србија. За таа цел крајот на јануари 1863 год., кнезот Михајло ги пратил во Лондон кнегињата Јулија и државниот советник Филип Христиќ.[392] Иако успеале да растурал мал број брошури во насока на одбрана на српската политика и да објават неколку статии во англиските весници, акцијата не побудила некое поголемо интересирање во англиската јавност.[393]

---

[390] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр. 136; Околу организирањето на Бугарите во Букурешт, во препораката на Гарашанин до Карло Пацек, управникот на имотите на кнезот Михајло во Влашка, меѓудругото се вели дека Гарашанин му препорачал на Николиќ да се создаде бугарски комитет кој ќе работи на тоа да собира оружје за Бугарите и начините на кои ќе се пренесе истото кога ќе биде потребно. (Србија и ослободилачки покрети.., док.218)

[391] Исто, док.225

[392] Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, кн.II.., стр.229

[393] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.170,171; Што се однесува до стравот на Србија од можноста Англија да ја искористи зафатеноста на Русија и со помош на Австрија да го реши Источното прашање, истиот бил неоснован бидејќи англиската влада била за зачувување на целоста на Османлиската Империја а плашејќи се од француска превласт не била за претворање на полското прашање во европско.

На иницијатива на унгарската емиграција во Италија, во почетокот на 1863 год., биле направени обиди за соработка меѓу српската влада и унгарскиот комитет во Торино. Имено, на 2 февруари 1863 год. унгарскиот комитет во Торино, на чело со генералите Тир, Комарони и грофот Чаки, испратиле предлог за спогодба меѓу унгарската емиграција и српската влада.[394] Целта на оваа спогодба, како што се истакнувало во неа, било војна против османлиската држава и Австрија, по која Унгарија би станала независна држава.[395] Србија би требало да претставува воена база каде би се концентрирале силите за напад на Австрија. Според предлогот, помошта од италијанската влада била условена со постигнување на согласност меѓу христијанските народи на Балканот и склучување на српско-унгарска спогодба.[396] Предложените акции од страна на унгарскиот комитет ја обврзувале Србија на чекори кои барале моќна воена сила, спогодби со други балкански народи, како и поддршка и гаранција од Големите сили, што за неа претставувало преголем потфат. Поради тоа српската влада не можела да го прифати предлогот но и понатаму, преку Антонио Орешковиќ продолжила да одржува врски со унгарската емиграција.

Во почетокот на 1863 год. како резултат на целокупните европски случувања, Србија направила нови обиди за приближување со балканските народи. Така биле направени обиди за ублажување на ладните односи со Црна Гора. Во Цариград и во Виена биле уверени дека односите меѓу двете држави биле раздразнети до непријателство, па се обидувале да ги одржат Црногорците во такво расположение.[397] Непријателското расположение меѓу двете земји постепено се напуштало после посетата на црногорската кнегиња Даринка на Белград, во февруари 1863 год.[398] По неа, српската влада пратила помош на Црна Гора од осум илјади дукати.[399] Кнегињата Даринка се вратила во Црна Гора после известувањето добиено од Цариград дека Османлиите ќе се откажат од изградбата на караулите, кои планирале да ги градат низ Црна Гора, што може да се протолкува како избегнување на манифестирање на било какви знаци на непријателство против Портата и сè што би им наштетило на црногорско-османлиските преговори.[400]

Во пролетта 1863 год. српската влада направила обиди за продолжување на

---

[394] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док. 55

[395] Исто

[396] Исто

[397] Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.227

[398] П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док. 259, 261

[399] Како последица на црногорско-османлиската војна во Црна Гора се јавил голем недостиг на храна. Црногорците испратиле делегација во Виена и во Цариград со барање за помош а преку Вук Караџиќ од кнезот Михајло побарале десет илјади дукати. (Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.80-81)

[400] Исто, стр.85

разговорите со Грција, прекинати по внатрешната криза што ја зафатила Грција во октомври 1862 год. Така, пред изборот на Георгиос I за грчки крал, српската влада решила да испрати свој претеник во Атина кој ќе ги испитал приликите и расположението кон планот за заедничка акција против османлиската држава. Како човек од доверба на српската влада кој зборувал на неколку јазици меѓу кои и грчки, а меѓу другото бил и поддржувач на идејата за спогодба меѓу балканските народи, за мисијата бил избран Георги Раковски. Во средината на март 1863 год. тајно, со пасош на име Пападопуло, Раковски тргнал за Атина.[401] Во грчката престолнина остварил контакти со позначајни политички дејци од власта но и од опозицијата. Во разговорите Раковски им изјавил дека Бугарите се согласни со планот за заедничка акција и во случај на вооружени дејства на Србија, Црна Гора и Грција би можеле да им се придружат дваесет илјади доброволци.[402] Но, во Атина не наишол на пријатно расположение кон Србите и Бугарите, па сметајќи го неговиот понатамошен престој за непотребен, кон крајот на мај тргнал за Црна Гора, оставајќи го во Атина Марко Балабанов како свој заменик.[403] Раковски разочаран ја напуштил Атина. Имено, тој се зачудил од фактот што во грчкото народно собрание имало самоповикани претставници од разни места: Тракија, Македонија, Бугарија, Албанија и од позначајни места во Србија и Романија.[404] Дознал и повеќе подробности околу разговорите водени меѓу Гарашанин и Рениерис во 1861 год., притоа разочарувајќи се од српските планови односно територијални претензии.[405] Раковски станал песимист во однос на можноста од постигнување на српско-бугарска спогодба, истакнува В. Трајков.[406] Во Црна Гора Раковски престојувал кратко време. Од таму ја известил српската влада за сомневањето кое постоело на Цетиње околу српските претензии на Херцеговина.[407] Во летото 1863 год. Раковски ја прекинал работата со српската влада и веќе во септември заминал за Романија.[408] Според Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ, додека престојувал во Црна Гора, Раковски западнал во тешка финансиска криза и најверојатно поради неправилности во неговата работа, српската влада ја

---

[401] В. Стојанчевић, Георги Сава Раковски и питање..., стр.231
[402] Исто
[403] В .Трайков, Раковски и балканските народи..., стр.125
[404] Исто, стр.382
[405] Во делови од кореспонденцијата меѓу Балабанов и Раковски што ја пренесува В. Трајков, меѓудругото се истакнува бугарското разочарување по прашањето за Солун. Балабанов му пренесува на Раковски дека Србите проектирале создавање на федерација, во која Солун требало да биде присоединет кон српската држава. Ваквите српски планови како и грчките претензии, Балабанов ги искоментирал како многу „мечтателни" за двата народи. (Исто, стр.117)
[406] Исто, стр.116
[407] Исто
[408] Исто, стр.125

прекинала соработката.[409] За В.Трајков пак, поради разочарувањето од „неискрената" српска политика, Раковски бил принуден да бара нови можности за соработка за иднината на бугарскиот народ.[410] Гарашанин ваквите случувања со Раковски ги образложува во писмото до Коста Магазиновиќ, српскиот застапник во Букурешт, од крајот на 1863 год.[411] Во писмото т.е. препораката до Магазиновиќ за неговиот иден однос кон Бугарите, наспроти бугарските обвинувања за неискреноста на српската политика, Гарашанин од своја страна ги наведува тешкотиите кои се јавиле при воспоставувањето на соработка со Бугарите.[412]

Односите меѓу Романија и Србија се подобриле по ставот на кнезот Куза во аферата со српското оружје. Тоа било потврдено со отворањето на постојани дипломатски претставништва, во почетокот на март 1863 год.[413] За српски претставник во Букурешт бил поставен Коста Магазиновиќ а за романски во Белград, кнезот Калимаки.[414] Ова предизвикало неодобрување и сомневање кај Османлиите за можен договор за сојуз. За Али-паша, како што пренесува Ристиќ српско-романските односи биле насочени кон подготвување на отцепување на двете кнежевства.[415] Но сомневањата предизвикани, пред сè од однесувањето на романскиот кнез, уште повеќе ја отежнувале и така тешката положба на Србија, посебно во време кога била изложена на постојани напади и обвинувања од Портата. Обврзан со услугата која кнезот Куза му ја направил околу пренесувањето на оружјето, кнезот Михајло во секоја прилика ја искажувал својата благодарност, а кнезот Куза како што наведува Ристиќ, во борбата со надворешните и внатрешните проблеми се трудел да ја извлече секоја корист од овие „срдечни односи".[416] На Гарашанин не му преостанувало ништо друго освен да ги разубедува европските претставниците за неоснованоста на османлиските сомневања.[417]

---

[409] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.178
[410] В .Трайков, Раковски и балканските народи.., стр.123-125
[411] Србија и ослободилачки покрети ..., док. 226
[412] Гарашанин образложува дека Србија работела на тоа од Бугарија да направи свој сојузник, чии интереси никогаш нема да се двојат од српските. Се што требало, наведува Гарашанин било самите да се организираат, да ги преземат работите во свои раце а со Србите да се договорат и спогодуваат во полза на општите интереси на двата народа. Но, во Бугарија, истакнува Гарашанин, Србија нема со што да работи, кого да помага во организирање на ослободителното движење, бидејќи и после две години работа да ги извлечат од несреќната положба, бугарскиот народ се уште немал никаква свест а бугарските чорбаџии немале никакво патриотско чувство, констатирал Гарашанин. Тој дури истакнал и дека Бугарите можеле да станат и нивни непријатели, бидејќи нивната себичност не им дозволувала да направат никакви жртви за сопствената татковина. (Исто)
[413] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.180
[414] Исто
[415] Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..., стр.241
[416] Исто
[417] Писма Илије Гарашанина..., стр.154

## II.1.3. Односите на Србија со балканските народи (1864-1865 год.)

Обидите на Србија за балканска соработка продолжуваат и во наредниот период. Планираната војна со османлиската држава, во која не може да влезе пред завршување на воените и политичките подготовки, претпоставува меѓу другото и сојуз со останатите балкански народи. Била потребна општа балканска акција, подигната во вистински момент, наспроти локалните буни кои ја трошеле силата. Од таа причина кнезот Михајло се обидувал да го разубеди кнезот Никола во штетноста од локалните акции и да ја истакне неопходноста од спогодба со Србија.[418] Недовербата на кнезот Никола кон Србија и неговата практика да и се обраќа кога треба да бара помош, па и од така слабите врски да извлече што повеќе корист за остварување на своите политички цели, ја опишува српско-црногорската соработка во текот на 1864 год. Во април 1864 год. во Белград престојувал аѓутантот на кнезот Никола, Маша Врбица.[419] Целта на своето патување кое од Белград го продолжил за Букурешт, Врбица не сакал да го открие, а според изјавите на Гарашанин имал задача да собере податоци за расположението на јавното мислење и за финансиската и воената ситуација, како во Србија така и во Романија.[420] По налог на кнезот Никола, Врбица побарал од српската влада воени машини за изработка на оружје и муниција. Со образложение дека се несоодветни за транспортирање, во Црна Гора била испратена само една машина.[421] Чекор кон приближување на двете држави било крштевањето на ќерката на кнезот Никола , во декември 1864 год., чиј кум на понуда од црногорскиот кнез станал кнезот Михајло.[422] За свој застапник на свеченоста српскиот кнез го определил државниот советник Ѓорѓи Миловановиќ, кој воедно бил искористен и за политичка мисија кај кнезот Никола.[423] Миловановиќ требало да го изнесе српското мислење за тоа каков став Србија и Црна Гора требало да заземат според општата европска ситуација и потребата од заедничко делување на двете држави, што ја наметнувала таа ситуација. Меѓу другото, Миловановиќ требало и да му советува на кнезот Никола да ги избегнува

---

[418] Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.90
[419] П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.270
[420] Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.90
[421] Исто, стр.92
[422] Ј. Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II.., стр.375
[423] П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.278

предвремените акции против османлиската држава. Доколу се поставело прашање околу наследноста на српскиот престол, што и претходно било предмет на разговор односно кнезот Никола излегувал со предлог во случај кнезот Михајло да не добие наследник, да го усвои, Миловановиќ требало да изјави дека српскиот кнез се уште не донел одлука и немало да ја донесе се додека не настапеле околности кои би ја докажале корисноста од црногорскиот предлог.[424] Кнезот Никола изгледал задоволен од добиените објаснувања за српската политика и одговорноста за минатите несогласувања ја префрлил на неговиот татко, војводата Мирко. После мисијата на Миловановиќ српско-османлиските односи станале поблиски. Доказ за тоа е и присуството на црногорскиот претставник Петар Вукотиќ на прославата на педесет годишнината од Второто српско востание, одржана во почетокот на јуни 1865 год.[425] Бидејќи црногорските финансии не дозволувале поголема набавка на воен материјал, во разговорите со Миловановиќ, кнезот Никола побарал помош во оружје и воен материјал. Србија од своја страна ветила дека ќе се погрижи за црногорската воена опрема, дел тогаш а дел во текот на планираната воена акција.[426] Па така, крајот на февруари 1865 год., Србија купила пет илјади пушки за црногорската војска а добила дозвола од Австрија за пренос и купување на уште три илјади пушки.[427]

Соработката на Србија со Грција во овој период била сосема прекината. Гарашанин за тоа ја обвинувал Англија и нејзиното влијание врз грчката политика. Тој се обидел, крајот на 1864 год., во договор со рускиот конзул во Јанина, Јонин, повторно да ја активира соработката.[428] Од Јонин, кој ја посетил Атина добил препорака да воспостави врски со грчките националистички одбори, преку кои ќе извршеле притисок на грчката влада. Ристиќ придржувајќи се до тој совет, во почетокот на 1865 год. се обратил до Рениерис во Атина со барање за обнова на српско-грчките преговори. Меѓутоа добил негативен одговор.[429]

Внатрешната ситуација на балканските земји ни најмалку не давала основа за заедничка соработка. Бугарија живеела во својот „мртов сон“, како што вели Ристиќ,

[424]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.179, фуснота 1; Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.93

[425]П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.284, 285; Ј. Ристић, Спољашни одношаји Србије новијега времена, књ.II..,стр.377,378. Ристиќ нагласува дека на прославата немало ни Грк, ни Италијанец, ни Срби од другите краеви, туку само црногорскиот претставник. (Исто). Во писмото до Гарашанин кнезот Никола го искажува своето задоволство, од како што вели, братскиот прием на Вукотиќ во Србија. (Србија и ослободилачки покрети...,док.239)

[426] Јовановић, Политички односи Црне Горе и..., стр.96

[427]Србија и ослободилачки покрети..., док.238; Пренос на оружје можело да се врши само преку Австрија.

[428]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 204

[429]Д. Јовановски, Грчката балканска политика и Македонија..., стр. 87

давајќи знаци на живот единствено во црковното движење.[430] Грција сè уште под дејство на внатрешните потреси, била оневозможена да води политика во насока на создавање на балкански сојуз. Неможноста од поголема балканска соработка била условена и од меѓусебните судири на балканските земји. Со зајакнување на движењето за ослободување на Романците од политичкото влијание на фанариотите, дошло до влошување на грчко-романските односи што резултирало со прекинување на врската меѓу романската црква и грчката патријаршија.[431]

Српско-романските односи во овој период се манифестираат со знаци на пријателска соработка. Кнезот Куза наоѓајќи се во тешка внатрешна и надворешна положба го користел пријателството со кнезот Михајло за притисок врз Портата, што пак давало повод за ширење на гласови за постоење на српско-романски сојуз.[432]

Крајот на 1865 год. резултатите од политиката за балканска соработка и општо востание против Османлиската Империја биле многу слаби.

Во текот на 1864/1865 год. Србија ја вознемириле гласовите за и претходно споменуваните политички комбинации околу решавањето на италијанското прашање, односно можноста Австро-Унгарија да ја добие Босна како надомест за истапувањето на Венеција на Италија.[433] Ова влијаело Гарашанин на кратко да се обиде да воведе една нова српска политика, помирлива и благонаклонета кон Портата.[434]

Во овој период Гарашанин излегол и со предлог за склучување на српско-италијански сојуз, со цел да добие италијанска гаранција дека Босна ќе и припадне на Србија.[435] Но италијанската влада ја одбила соработката со српската влада.[436] Во Цариград, австрискиот амбасадор Прокеш ги „раширил“ вестите за тесните врски на Србија со Италија, кои Гарашанин во јануари 1865 год., преку Ристиќ ги демантирал.[437]

---

[430] Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II., стр.356
[431] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 205
[432] Ј.Ристић, Спољашни односаји Србије новијега времена, књ.II...,стр.241
[433] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама...,док.71
[434] Исто; За таа цел во ноември 1864 год., бил испратен мемоар од српската влада до Портата, во кој меѓудругото Гарашанин заклучува дека со ваквите европски политички комбинации, оштетени би биле и Србија и Портата а нивната иднина уништена. (Исто)
[435] Исто, док.70
[436] Исто, фуснота 1
[437] Исто, док.73

## II.2 Србија и балканската соработка (1866-1868 год.)

### II.2.1 Српско - црногорските односи (1866-1868 год)

Иако српско-црногорските односи во текот на 1865 год. станале пријателски, сепак постоела извесна доза на недоверба и од двете страни. Гарашанин стравувал од можноста црногорскиот кнез да поттикне или организира востание против османлиската држава, пред се во Херцеговина, и со тоа Србија неподготвена да ја вовлече во војна, која ќе ги пореметела неговите надворешно политички планови. Се плашел дека моменталната европска ситуација можела „лесно да го одведе на погрешен пат".[438] Ваквите сомневања на Гарашанин биле инспирирани од гласовите за присуство на италијански агенти на источниот дел од Јадранското крајбрежје, кои во својата агитација против Австрија а со цел да ја олеснат положбата на италијанската војска на север, како што пренесува Гарашанин, ќе гледале насекаде да го запалат огнот.[439] За да ја држи Црна Гора подалеку од ваквите случувања решил да го испрати во Цетиње, секретарот во министерството за надворешни работи Милан Пироќанац.[440] Во почетокот на мај 1866 год. Пироќанац отпатувал за Цетиње, со цел да ги пренесе српските совети до кнезот Никола и да го изнесе српскиот поглед на ситуацијата.[441]Недовербата и сомневањата дека кнез Никола нема да остане подалеку од европските случувања, уште повеќе се зголемиле со веста дека Црна Гора и ветила помош на Австрија од илјада војници во престојната војна со Италија и Прусија.[442] Гарашанин, преку Пироќанац му советувал на црногорскиот кнез да не дава такви ветувања никому и да се сочува силата за вистинскиот момент за војната со Османлиите. Кнезот Никола ги демантирал ваквите гласови и го прифатил српскиот предлог во тие критични моменти ништо да не преземаат без меѓусебна согласност.[443]

За Србија било важно Црна Гора да ги зачува своите сили сè до погодниот момент за општо востание на Балканот. Што се однесува до црногорско-

---

[438]Писма Илија Гарашанина.., стр. 164
[439]Исто, стр.168
[440]Исто; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.296
[441]Исто; М. Пироћанац, Кнез Михајло и заједничка радња..., стр. 25
[442]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.83; Писма Илија Гарашанина..., стр.177; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.297
[443]Србија и ослободилачки покрети..., док.267; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.299; М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња..., стр. 25

османлиските преговори околу спорните прашања, Гарашанин преку Ристиќ им советувал на црногорските пратеници во Цариград прашањата кои не можат да се решат според нивните барања да ги остават отворени за да и понатаму ги држат заострени односите.[444]

Во почетокот на август 1866 год., архимандритот Никифор Дучиќ, секретар на кнезот Никола и негова доверлива личност, заедно со Марко Врбица, тргнале за Белград да го поканат кнезот Михајло на крштевката на новородената ќерка на црногорскиот кнез.[445] Ова било официјалната причина за посетата и она што српската влада го претпоставувала дека е цел на мисијата. Меѓутоа уште во јули 1866 год., Никифор Дучиќ по наредба на кнезот Никола составил еден меморандум во кој биле изнесени црногорските погледи на српско-црногорските односи и основите на кои треба да се темели нивниот сојуз како и нивното обединување под династијата Петровиќ.[446] Но имајќи ги во предвид настаните што следуваат, помалку од веројатно е дека Дучиќ го предал или во најмала рака презентирал дел од овој меморандум. Според Радоман Јовановиќ, Дучиќ имал задача, пред српската влада да ги пренесе црногорските погледи на меѓународната ситуација и односите меѓу Србија и Црна Гора.[447] Крајот на август 1866 год. тој пристигнал во Белград, додека пак Врбица останал во Виена, поради организирање на транспортот на оружјето кое српската влада го купила за Црна Гора.[448] Гарашанин кој тогаш заедно со кнезот Михајло се наоѓале во Крагуевац, решил да ја искористи оваа прилика за отпочнување преговори околу склучување на српско-црногорски сојуз.[449] По негова наредба Милоје Лешјанин, началникот на министерството за надворешни работи, изработил нацрт договор, кој Гарашанин го поправил и дополнил.[450] Преговорите се одвивале многу брзо, па веќе на 10 септември, Дучиќ и Лешјанин тргнале за Црна Гора. Официјално било објавено дека Лешјанин заминал во Цетиње, да ја крсти во име на кнезот Михајло, ќерката на црногорскиот кнез.[451] Лешјанин бил ополномоштен од српскиот кнез да го потпише договорот за сојуз, но немал овластувања да го

---

[444]Србија и ослободилачки покрети..., док.298
[445]П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.300
[446]Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе ..., стр.113-115
[447]Исто, стр.115
[448]Исто.
[449]Инаку на седницата на Министерскиот совет од 16/28 јули 1866 год. било решено во рок од една година да се склучат сојузите со Црна Гора, Грција и останатите народи во Османлиската Империја. (Записи седница Министарског савета Србије..., стр.37-38; Записи Јеврема Грујића..., стр.105)
[450]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 283; Важноста која ја добила мисијата се гледа и од фактот што Дучиќ по пристигнувањето во Белград, 30 август, веднаш заминал за Крагуевац, за да по неколку дена, на 4 септември заедно со Гарашанин се вратат во Белград за да ги продолжат преговорите. (Исто)
[451]Србија и ослободилачки покрети..., док.307; П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.306

менува, па следствено на тоа на кнезот Никола му преостанувало да го прифати или да го отфрли понудениот договор. Дозволени биле само помали измени во стилизацијата.[452] Црногорскиот кнез тешко се одлучувал да го прифати понудениот договор, главно несогласувајќи се околу одредбата која го решавала династичкото прашање. Имено, тој инсистирал на јасно признавање на неговото право на наследство односно во случајот кнез Михајло да нема директен наследник, тој да биде прогласен за негов наследник. Уште со самото испраќање на Лешјанин во Црна Гора, Гарашанин очекувал дека ќе се појават потешкотии околу ова прашање, меѓутоа се надевал дека предложениот договор иако она што најмногу го барал црногорскиот кнез, како што наведува во писмото до Ристиќ од 6 септември, не му го обезбедува, сепак му дава корисно осигурување и на него и на неговото семејство.[453] Всушност станува збор за одредбата од договорот дека во обединетата држава му се обезбедува местото член на владеачката фамилија и голема апанажа.[454] Според Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ, Лешјанин најверојатно заради успешен исход на неговата мисија, извршил мало дополнување на оваа одредба, што ќе биде наведено подолу.[455] Тајниот договор бил потпишан на 5 октомври 1866 год.и истиот ден ратификуван од кнезот Никола.[456] Го потпишале за Црна Гора сенаторот Петар Вукотиќ и Лешјанин за Србија.[457] Според главните одредби, српскиот и црногорскиот кнез се обврзувале на согласна и искрена работа како би се подготвило востание против Османлиската Империја, кое ќе донело ослободување на српскиот народ и негово обединување во силна српска држава (чл.1) Ако тоа се остварело, Црна Гора ќе се придружела и ќе се обединела со големата српска држава, а кнезот Никола ќе го признае кнезот Михајло за нејзин владетел (чл.2). За таа своја пожртвуваност му била ветена сјајна морална и материјална положба во држава, како на него така и на неговите блиски роднини. Кнезот Никола добива чин на принц од владеачката фамилија како и првенство пред сите, по владетелот и неговиот син и наследник, ако таков имало, и спомнување на неговото име по црквите по името на владетелот. Исто така му се обезбедува апанажа од дваесет илјади дукати (чл.3,4). Според договорот на црногорскиот народ и на старешините и чиновниците им се признаваат исти права како и на српскиот народ (чл.6). Според член 9, кнезот Никола ветувал

[452] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 283
[453] Србија и ослободилачки покрети..., док.307; Во писмото до Ристиќ тој го критикува црногорскиот двор дека се состоел само од себични луѓе чии интереси стоеле пред интересите на народот. (Исто)
[454] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 284
[455] Исто
[456] Јован Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила, Београд, 1895, стр.17
[457] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр. 486-489; Србија и ослободилачки покрети..., док.312

дека на повик на Србија, заедно со неа ќе влезе во војна против османлиската држава, а од своја страна Србија била должна да и пружи секаква помош и олеснување. Исто така двајцата владетели се обврзувале дека без договор нема да започнуваат ниту прекинуваат непријателства со Империјата и заеднички ќе се држат до усвоениот план (чл.10, 11).[458] Според член 12 договорот требало да стапи на сила по размена на ратификациите и требало да се чува во тајност. Размената на ратификациите била извршена во Белград на 26 октомври и со тоа договорот стапил на сила.[459]

Меѓутоа и покрај договорот, од подоцнежните постапки на кнезот Никола и воопшто настаните кои следеле, се стекнува впечатокот дека сомневањата и недовербата меѓу двете држави, се уште постоеле и не може да се смета на апсолутна сигурност дека одредбите од договорот ќе бидат испочитувани. Земајќи го во предвид нецелосното остварување на желбите и интересите на кнезот Никола околу наследноста на српскиот престол, Р.Јовановиќ ја наоѓа за нормална претпоставката, дека на црногорскиот кнез му бил вршен притисок од неговото најблиско опкружување, за да го потпише договорот.[460] Меѓутоа не треба да се занемари и фактот дека кнезот Никола не сакал да игра споредна улога во издигнувањето на големата држава па потпишувајќи го договорот тој се надевал дека кнезот Михајло ќе остане без својот наследник и ќе ја има таа среќа да дојде до престолот во таа држава. Бидејќи одредбите од договорот не му го гарантирале тоа прецизно и јасно, се поставува прашањето колку црногорскиот кнез бил подготвен да ги почитува и да работи на остварување на предвидените обврски.

По потпишување на договорот кнезот Никола го пратил Дучиќ да бара финансиска и воена помош од српската влада, заради подготовки околу војната со Османлиите.[461] Српската влада не ги одбила барањата, туку сомневајќи се во вистинските намери на кнезот Никола и стравувајќи од сепаратни акции на Црна Гора, ги намалила односно наместо бараните педесет илјади дукати му биле дадени само три илјади дукати.[462] Ова предизвикало голем револт кај кнезот Никола кој решил да се консултира со руската влада околу нејзиното расположение кон

[458]Исто
[459]Исто, стр.286
[460]Р. Јовановић, Политички односи Црне Горе.., стр.118
[461]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 331
[462]Исто; Во писмото до кнезот Никола, кнезот Михајло ваквата постапка ја објаснува со фактот што српската влада според можностите можела само постепено да ги праќа потребните средства, притоа констатирајќи дека српските средства не се толку големи колку што се големи потребите. (Србија и ослободилачки покрети.., док.318)

склучениот сојуз и воопшто кон Црна Гора.[463] Инаку, иако Гарашанин настојувал склучениот сојуз да го држи во тајност, Дучиќ за тоа го известил рускиот амбасадор во Виена, кој го пофалил тој чин.[464] Советите од руската дипломатија се движеле во правец на очекување на блиска соработка меѓу двете држави. Разочаран од Русија, од крајот на 1866 год. кнезот Никола почнал да се приближува кон Франција.[465]

Истовремено во српската влада се појавило незадоволство од црногорската политика делумно предизвикано и од индискрецијата на црногорските дипломати, благодарение на кои европските амбасадори дознале за склучениот српско-црногорски договор за сојуз. Ристиќ, директно одговорен за тоа го посочува црногорскиот претставник во Скадар, Пејовиќ.[466] Тој соработувал со францускиот конзул во Скадар, Вијета со кого кнезот Никола од крајот на 1866 год. почнал се почесто да соработува. Интересите на Франција за оваа соработка се во согласност со нејзината моментална политика, која сконцентрирана на италијанското и германското прашање, била против отворање на Источното, односно против развојот на ослободителните движења на Балканот, а со тоа и создавање на балканскиот сојуз.[467] Во таа насока, Франција се обидела преку делување во црногорската политика за воспоставување на пријателски односи меѓу Црна Гора и османлиската држава, да ја одвои Црна Гора од Србија и воопшто од ланецот на балкански народи.[468] Па така, дипломатските активности на Црна Гора во овој период , под влијание на Франција т.е. францускиот конзул Вијета, се коселе со потпишаниот Српско-црногорски договор за сојуз. Вијета најпрво му советувал на кнезот Никола да напише писмена изјава до Портата дека нема да покрене движење против неа, за да нешто подоцна му предложи склучување на договор за сојуз со Грција и Романија, нудејќи француска подршка за територијалното проширување кое го барал кнезот Никола.[469] Гарашанин преку Пироќанац, кој согласно постигнатиот договор станал секретар на црногорскиот кнез, бил известен за сите активности на црногорската влада и во неколку наврати се обидел да го разубеди кнезот Никола во опасноста од она што францускиот конзул му го советувал.[470] Така, кога во почетокот на мај 1867 год., кнезот Никола донел одлука повторно пред Портата да ги постави барањата за

---

[463] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 332
[464] Исто, стр.286
[465] Исто, стр.332
[466] Србија и ослободилачки покрети.., док.327
[467] Л. Алексић, Став Француске према Србији..., стр.117-118
[468] Исто
[469] Територијалните аспирации на Црна Гора се протегале кон Херцеговина и излез на море кон Улцин. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр. 333-335)
[470] Србија и ослободилачки покрети.., док.345

исправка на османлиско-црногорската граница, Гарашанин му советувал да го одложи тој чекор се до време кога ќе биде подготвено општо востание, а тоа прашање ќе послужи како изговор за вооружена акција.[471] Во неоснованоста на ветувањата на Вијета, црногорскиот кнез и самиот се уверил преку разговорите кои ги водел со Мутије во Париз, од каде се вратил со празни раце.[472]

Внатрешните неприлики кои ја зафатиле Црна Гора, предизвикани од епидемијата на колера и големиот недостиг на храна, го принудиле кнезот Никола, во средината на 1867 год. повторно да го покрене прашањето за територијалното проширување. Во септември, црногорскиот кнез побарал средба со српскиот кнез во Белград со цел да разговараат околу тоа прашање. Меѓутоа и покрај советите на Гарашанин за корисноста од средбата во насока на зацврстување на сојузот, кнезот Михајло бил одлучно против тој состанок.[473] На кнезот Никола му било соопштено дека средбата морала да се одложи поради престојното собрание во Крагуевац. Бидејќи потоа не добил никаква покана, црногорскиот кнез сфатил дека неговото доаѓање во Белград било непожелно.[474] Кнезот Никола продолжил да го подготвува планираниот чекор кај Портата околу барањето за територијално проширување, за чие решавање се заинтересирале и европските дипломати, пред се францускиот и австрискиот.[475] Под ниven притисок Портата се согласила да ја прими црногорската делегација и да започне дипломатски преговарања околу црногорските барања. Меѓутоа делегацијата која во средината на декември 1867 год. пристигнала во Цариград, не успеала да ги реши несогласувањата и да обезбеди исполнување на барањата. Во образложувањето на причината за неотстапувањето на Портата, меѓу другото францускиот конзул во Цариград на црногорската делегација и изјавил дека Портата дознала за сојузот меѓу Србија, Грција и Романија кон кој ќе се приклучела и Црна Гора.[476]

Кон крајот на јануари 1868 год. повторно биле обновени српско-црногорските контакти. Кнезот Никола го повикал кнезот Михајло да биде кум на неговото трето дете, што било добра можност да се испрати пратеник во Цетиње, кој меѓудругото ќе

[471] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.404
[472] Исто
[473] М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња.., стр.85,86
[474] Исто
[475] Мустије сметал дека треба да се земат на разгледување црногорските барања за обработлива површина и излез на море, зашто со тоа не само што би се избегнал црногорско-османлискиот судир туку и цела низа вооружени движења а и би донело траен мир на тоа подрачје. Портата била против секакво територијално приближување меѓу Србија и Црна Гора. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.407,408)
[476] Исто, стр.448

ја објаснел и српската политика. На црногорскиот двор бил испратен Јован Ристиќ.[477] Тој успеал да ги смири српско-црногорските несогласувања, а договорил и посета на кнегињата Милена на Белград.[478]

## II.2.2 Српско - бугарските односи (1866-1868 год.)

Во текот на 1866 год., не е забележана некоја поголема активност околу воспоставувањето на поблиска српско-бугарска соработка. И покрај неуспехот од соработката со Раковски и меѓусебната недоверба, што се јавила и кај двете страни, сепак Гарашанин имајќи во предвид дека Бугарите се наоѓаат во соседство на Србија на најважното стратегиско место, настојувал да ја искористи секоја прилика за да се воспостават пријателски односи. Во таа насока се движат и неговите препораки до Магазиновиќ и Ристиќ за воспоставување добри врски со бугарската емиграција во Букурешт и Цариград.[479] Тој барал од српскиот застапник во Букурешт да го следи политичкиот живот на Бугарите и да му испраќа извештаи, кои главно биле без позитивен ефект за нивната соработка. И покрај нивната неактивност и претерување околу своите територијални амбиции кои се протегале по Македонија, Стара Србија, па дури, како што нагласува Гарашанин и пола Србија, тој му порачува на Магазиновиќ да не ја прекинува соработката и во секоја погодна прилика да им ја предочува потребата од соработка.[480] Такви упатства му испратил и на Ристиќ, кој требало да делува меѓу бугарската емиграција во Цариград.[481] Гарашанин не можел да пронајде доволно луѓе, интелектуалци, расположени за бугарско-српска политичка соработка. Иако настојувал на било кој начин да ги вовлече Бугарите во планираната општо балканска акција, ценејќи ја нивната воjничка способност за несигурна, не очекувал од нив некоја поголема воена помош.[482] Нивната задача би се состоела во спречување на османлиското снабдување од Бугарија и попречување

[477]П. Поповић, Односи Србије и Црне Горе..., док.330, 332
[478]Исто, док.336
[479]Србија и ослободилачки покрети.., док. 247, 250
[480]Исто
[481]Исто, док.250
[482]Исто, док.250,349

на сообраќајните врски.

Крајот на летото 1866 год., Гарашанин дознал за постоење на бугарски одбор во Букурешт кој во септември се обратил до рускиот конзул за упатство за работа. Според Г. Јакшиќ и В. Вучковиќ, Игњатиев ги упатил на соработка со Србија.[483] Додека се чекало на поканата од Букурешт, од Цариград стигнала веста дека група бугарски првенци, претставници на бугарските општини, како што се нарекле, во име на бугарскиот народ, во декември 1866 год. испратиле барање до Портата за ослободување од грчкото свештенство односно, одвојување на бугарската црква од Цариградската патријаршија.[484] Како што Ристиќ го известил Гарашанин, во барањето меѓу другото, Бугарите го осудиле востанието на Крит и изразиле длабока верност на султанот.[485]

Еден дел од бугарската емиграција во Букурешт обединет околу т.н. „Комитет на старите" или Добродетелна дружина, во почетокот на 1867 год. дал иницијатива со конкретни предлози за политичка спогодба со српската влада. По мислење на Јакшиќ и Вучковиќ, руската дипломатија наведена од османскофилското држење на некои комитети а во склад со своите планови за активирање на руската политика на Балканот, била главен поттикнувач на оваа иницијатива.[486] Следејќи го рускиот совет, на 26 јануари одборот составил предлог за спогодба со Србија под наслов: „Програма на политичките односи меѓу Србо-Бугарите (Бугаро-Србите) или нивна „срдечна" спогодба.[487] Програмата ја потпишале еден бугарски митрополит, др.Герги Атанасовиќ и Христо Георгиев.[488] Според програмата двата народи поради заедничкото потекло и соседство, требало да се обединат под иста држава, односно во заедничка држава Бугаро-Србија или Србо-Бугарија на чело со кнезот Михајло (чл.1,2,3).[489] Границите на државата не биле означени, само се гарантирало нивна одбрана од секаков напад (чл.5). Државата би имала единствено законодавство, знаме составено од српското и бугарското, заеднички пари со ликот на владетелот и грбот на Србо-Бугарија и државна религија, христијанството (чл.4,6,7,9). Владата би ја сочинувале подеднаков број Срби и Бугари, именувани од владетелот (чл.11). Престолнината на државата требало да ја одреди собранието (чл.12).[490] За

[483]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.364
[484]Србија и ослободилачки покрети.., док.343
[485]Исто
[486]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.365,366
[487]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња.., стр.36, 37; Милутин Р. Степановић, Срби и Бугари у прошлости и садашњости, Београд, 1913, стр.21,22
[488]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.366
[489]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња..., стр.36,37
[490]Исто

Гарашанин, ова било добар почеток, бидејќи за првпат некој бугарски комитет излегол со свој предлог. Она што понатаму требало да се направи, како што истакнал во својот одговор до комитетот преку Магазиновиќ, било да се работи на ширење на таа идеја меѓу бугарскиот народ и да се искористат сите средства за да се подготви за заедничко востание.[491] Ако се земе во предвид дека мал број луѓе ја потпишале програмата, неоходно било да се даде поширока основа на бугарското учество.

На повик на Добродетелната дружина во почетокот на април во Букурешт се собрале претставници на бугарската емиграција од Романија и Русија и претставници на некои бугарски градови.[492] После неколкудневно дискутирање собраните претставници усвоиле нов акт наречен Протокол и истиот бил потпишан на 17 април 1867 год.[493] Протоколот се состоел од 12 членови и во повеќе работи се разликувал од Програмата. Се предвидувало братското соединување меѓу двата народа да се изврши под името „Југословенско царство", кое ќе се состоело од Србија и Бугарија, на чело со кнезот Михајло, со право на наследство (чл.1,3). Со член 2 биле назначени и териториите од кои би се состоела Бугарија а тоа се Бугарија, Тракија и Македонија. Од ова произлегува дека Бугарите очекувале поддршка од Србија за присоединување на територии кои биле спорни со Грција. Со останатите членови се предложувале начелата за уредување на заедничката држава, односно државните симболи единствени за двата народа, единствени закони, монети, религија и сл. (чл.4,5,6,7). Протоколот предвидувал создавање на народно претставништво во кое покраините ќе учествуваат сразмерно со бројот на жителите (чл.10). Во однос на црковното уредување се предвидувало создавање „независен синод" и митрополит а не „патријарх" Србо-Бугарски, како што многу нејасно и неодредено стоело во програмата. На народните претставници било оставено да решат каде ќе биде престолнината (чл.11).[494] Со протоколот се предвидувало и избор на управа од седум члена кои имале должност да го потпишат договорот со српската влада. Според одредбите од протоколот договорот требало да стапи на сила од денот кога двете страни ќе го потпишат, а српската влада да се обврзе дека ќе даде полна морална и материјална поддршка за остварување на заедничкото дело, додека пак потписниците на договорот се ослободуваат од

[491]Исто, стр. 39,40

[492]Бугарската литература наведува дека присуствувале триесет и пет бугарски претставници. (В.Трайков, Раковски и балканските народи.., стр.135); Според Јакшиќ и Вучковиќ, присуствувале околу осумдесет претставници. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.368)

[493]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заедничка радња..., стр.37, 39

[494]Исто; М. Р. Степановић, Срби и Бугари..., стр.23, 24

секаква материјална одговорност.[495] Преку Магазиновиќ бил испратен препис од протоколот до српската влада, а истовремено во Белград се упатиле и претставници од новоизбраниот одбор.

Крајот на мај 1867 год., во Белград пристигнале бугарски делегати кои требало да ги водат преговорите, Михаил Колони и Георги Шопов.[496] Иако Гарашанин го поздравил и поддржал предлогот на бугарската Добродетелна дружина, откажал да потпише некаков формален договор. Официјалната причина за тоа било немањето согласност и овластување, Дружината да настапува од името на целиот бугарски народ. Тоа според Гарашанин би значело дека потпишувањето на спогодбата за обединување би се оставило за подоцна кога одборот би ја придобил согласноста за обединување од целиот бугарски народ односно кога Одборот би воспоставил единство со другите бугарски емигрантски организации. Всушност српската влада избегнувала потпишување на било каков формален договор, сè додека не завршеле преговорите во Атина, кои биле во тек. Од друга страна, недоверба кај српската влада предизвикал и Мемоарот на „Бугарскиот таен централен комитет“ од Букурешт.[497] Инспириран од создавањето на Австро-Унгарската Монархија, комитетот му предложил на султанот создавање османлиско-бугарска дуалистичка монархија.[498]

За да и понатаму во иста насока продолжат српско-бугарските односи, Гарашанин наместо договор, на бугарската делегација и предал писмо наменето до Дружината, со кое го потврдувал приемот на протоколот, и всушност многу дипломатски го одложувал потпишувањето на спогодбата. Натамошните врски со Дружината се одржувале преку Магазиновиќ. За да се избегне компромитирање на српската влада преписката била водена во име на измислени организации наречени „Народно српско надлежателство“ и „Бугарско народно надлежателство“.[499] Главните препораки на Гарашанин за бугарскиот одбор се движеле во насока на подготовка

---

[495]Исто; Јакшиќ и Вучковиќ користат бугарски извори и даваат имиња на седум членови, кои не се наведени кај Пироќанац. Тоа биле Х. Георгиев, др.Г. Атанасовиќ, М. Колона, др.Д.Протиќ, С. Иванов, Г. Николопулос и др.Гиколеску. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.506)

[496]L.S. Stavrianos, Balkan federation. A history of the movement toward Balkan unity in modern times, Northampton, Mass, Dept. of history of Smith college, 1944, p.94

[497] Исто, p. 89

[498]Исто; Освен Добродетелната дружина во Букурешт постоела и друга организација на бугарската емиграција, главно антируски и антисрпски настроена. Бугарскиот таен централен комитет на чело со Иван Касабов постигнал спогодба со романската влада заедничка акција против османлиската држава, односно во случај на романско-османлиска војна, на романски знак, БТЦК требало да подготви и објави востание во Бугарија. Кога престанала опасноста од романско-османлиски судир престанал и интересот на Романија за Бугарија па активноста на комитетите почнала да опаѓа. Набрзо по објавувањето на Мемоарот се распаднала. (Кръсто Манчев, История на балканските народи, том1 (1352-1878), София, 2006, стр. 261)

[499]Србија и ослободилачки покрет..., док. 349

на бугарскиот народ за општо востание, со тенденција да се избегнуваат предвремени локални востанија. За да ја покаже спремноста на бугарскиот народ, Добродетелната дружина во Романија организирала две вооружени чети кои требало да навлезат во Бугарија.[500] Српската влада била против предвременото испраќање на овие чети, кои според спогодбата не смееле да влезат во судир со Османлиите, сѐ додека Србија не ја започне вооружената акција против Османлиската Империја. Првата чета на Панајот Хитов, преминала преку Бугарија и дошла до српската граница, додека пак четата на Филип Тотју, не успеала да го избегне судирот со Османлиите, и се криела на Балкан планина се до есента 1867 год. кога успел да му се приклучи на Хитов и заедно да преминат во Србија.[501] Во рамките на подготовките на Бугарија за општо востание, по планот на Србија, во Белград било отворено воено училиште за обучување на бугарската младина за идни раководители на востанието во Бугарија.[502] Уште од самиот почеток се покажала слабата организација на оваа т.н. Втора бугарска легија. Атанасиј Николиќ во својот опис на работата околу општата спогодба за востание и обединување, директен виновник за неуспехот на легијата го посочува воениот министер Блазнавац. Имено, според Николиќ тој ги користел младите Бугари, не за да се обучуваат за воена служба, туку ги употребуваат како чувари на затворениците и други „ниски работи".[503] Според бугарските историчари, кај легионерите постоела и голема недисциплина и непослушност, кои не биле задоволни како од храната, платата така и од српското толкување на етнографијата и политичката географија на Балканскиот полуостров. Незадоволство предизвикало и неисполнувањето на ветувањето дадено на легионерите дека до март 1868 год. ќе се обучуваат, по што ќе бидат испратени во Бугарија да земат учество во планираното востание.[504] Големото незадоволство резултирало со растурање на легијата.

[500] В. Трайков, Раковски и балканските народи.., стр.136
[501] Србија и ослободилачки покрети..., док.349
[502] Исто
[503] Исто
[504] В. Стојанчевић, Срби и Бугари..., стр. 243-249

## II.2.3 Српско - хрватските односи (1866-1868 год.)

Првите разговори околу уредувањето на српско-хрватските односи биле поведени во летото 1866 год. Во текот на Австро-пруската војна кога австрискиот опстанок дошол во прашање, српската влада излегла со предлог до Хрватите за српско-хрватско обединување.[505] Според Вучковиќ, кој своето толкување го базира на податоци од австриски документ, најверојатно српскиот предлог бил испратен преку белградскиот банкар Јован Кумануди, кој во текот на јули 1866 год. имал состанок во Виена со водачот на Народната партија, бискупот Јосип Јурај Штросмајер. Вучковиќ верува дека почнувајќи од 1862 год. Штросмајер одржувал тајни политички врски со Антонио Орешковиќ.[506] Со оглед на неизвесната ситуација во Австрија, кога се уште не се знаело како ќе бидат уредени државно-правните односи меѓу Хрватска и Унгарија, како и ставот на Народната партија околу српскиот предлог, Штросмајер не дал никаков одговор на Кумануди.[507]

Крајот на јули, Гарашанин повторно испратил предлог до Хрватите овојпат преку Милан Петронијевиќ, помошник на министерот за правда. Иако не се сретнал со Штросмајер, тој во Загреб водел разговори со истакнати хрватски претставници. Впечатокот кој го стекнал од разговорите а во писмо од 15 август 1866 год. му го изложил и на Гарашанин, говорел дека Хрватите се надевале на федеративно преуредување на Австрија, каде Хрватска би влегла како јужнословенска држава проширена со Босна, наместо да ја прифати доминацијата од Унгарците.[508] Од ова произлегува и согледувањето на Гарашанин, што го изјавил во писмо до Лешјанин, дека не е можно да се постигне спогодба со Хрватите за создавање на заедничка држава.[509] Но и покрај тоа Гарашанин не се откажувал и кон крајот на август преку

---

[505] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док. 105

[506] Исто; Штросмајер бил бискуп и политичар, водач на Народната Партија. Во 1861 год. со негова помош Константин и Димитрија Миладинови го објавиле во Загреб својот зборник на народни песни и поговорки. (Доклестиќ Љубиша, Српско-македонските односи во 19 век, Нова македонија, Скопје, 1973, стр.35); Во текот на летото 1866 год., сакал да ја искористи ситуацијата во Австрија и да обезбеди независност на Хрватска од Унгарија. Хрватско-унгарските преговори за евентуално решавање на државно правните односи биле неуспешни. Хрватите кои имале свој Сабор, Дворска канцеларија и хрватски јазик како службен, настојувале самостојност и биле за федерација додека пак Унгарците им нуделе подредена положба во Унгарското кралство. (В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.112); Хрватскиот сабор на 12 декември ја напуштил идејата за унија со Унгарија и излегол со предлог за спогодба меѓу Хрватска и Австрија, кој не бил прифатен. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.356,357)

[507] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..,док.105

[508] Исто, док.112

[509] Исто, док.115

Орешковиќ направил нов обид за српско-хрватска спогодба.[510] Орешковиќ, односно некој од неговите луѓе требало на Штосмајер да му го достави предлогот од Гарашанин за „заедничка работа за основање југословенска држава независна и од Австрија и од османлиската држава".[511] Вучковиќ смета дека предлогот бил пратен преку Андрија Торкват Брлиќ, долгогодишен таен соработник на српската влада кој во тоа време водел шифрирана преписка со Орешковиќ.[512]

Разочаран од Австрија и изневерен од надежите за заедничка федерација, во почетокот на септември 1866 год., Штросмајер го известил Гарашанин дека се согласува со предлогот за заедничка работа за обединување а Орешковиќ го замолил усно да го извести кнезот Михајло дека „доколку Србија сериозно преземе акција, тој ќе го употреби целото свое влијание во Хрватска за да го помогне изведувањето на тоа дело".[513] На оваа усна спогодба меѓу Гарашанин и Штросмајер и требало подолго време за да добие поконкретен облик и содржина. Раководството на хрватската народна партија било зафатено со политички борби околу преуредувањето на Хабзбуршката држава. Одлуката на Хрватскиот сабор за спогодба меѓу Хрватска и Австрија односно федеративно преуредување на државата била одбиена и австрискиот император настојувал од Хрватскиот сабор да ја прифати одлуката за дуалистичко уредување на Австроунгарската Монархија.[514] Штросмајер како одлучен противник на ваквото решение, разочаран од односот на Виена и Будимпешта кон Хрватска почнал да размислува за одделување на Хрватска и прифаќање на понудата за соработка со Србија, за создавање на јужнословенска држава.

Во март 1867 год., Орешковиќ изработил нацрт предлог за програма за заедничка политика на Србите и Хрватите која со дополнувања и измени од Гарашанин, крајот на март му била доставена на Штросмајер.[515] Донесувањето на оваа програма се става во директна врска со подготовките на востание во Босна односно обидот на Србија дипломатски или воено да дојде до Босна и Херцеговина.[516] Предвидената воена соработка со Хрватите барала посебен план со јасно

[510]Исто, док.116
[511]Исто, док.116
[512]Исто, ист.док, док.125
[513]Исто, док.116
[514]Г. Јакшиђ- В. Вучковиђ, Спољна политика..., стр.357
[515]В.Ј. Вучковиђ, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..,док. 144; Г. Јакшиђ- В. Вучковиђ, Спољна политика...стр.494-504
[516]Имено, во март 1867 год., Орешковиќ подготвил план за подготвување акција во Босна каде меѓу другото истакнал дека најважно било да се започне востание со чети, однапред организирани кои истовремено ќе навлезат од Србија, Црна Гора, Славонија, Хрватска и Далмација. (Исто, док. 143)

поставени основи на заедничката српско-хрватска политика. Нивна заедничка цел, се истакнувало во програмата на Гарашанин, била ослободување на христијаните од османлиската власт заради „обединување на сите југословенски племиња во една сојузна држава“.[517] Нејзиното државно уредување би се определило договорно по ослободувањето.[518] Обединувањето требало да оди постепено зависно од околностите, а предводено од Белград и Загреб. Бидејќи Белград имал независна влада како и војнички средства на располагање, бил природен центар од каде дипломатски и воено ќе се раководело. Меѓутоа ослободувањето морало да биде дело на сите и сите да понесат исти жртви, се истакнувало во програмата.[519] Се предвидувало ослободителното движење да започне во Босна и Херцеговина, летото 1867 год., со заеднички напор на Србите и Хрватите кои не смееле јавно да се вмешаат во востанието, како не би предизвикале надворешна интервенција, пред сè австриска, која би можела на долго време да го одложи обединувањето. На востанието требало да му се даде обележје на локално востание, иако ќе го предизвикаат чети од Србија, Хрватска, Далмација, Црна Гора и Славонија. Во програмата се предвидувало и воспоставување на привремена управа и народно собрание во Босна кое ќе побарало обединување со Србија, која пак плашејќи се пожарот да не се прошири на цел Исток, ќе извршела притисок врз Портата за да ја исполни желбата на босанскиот народ. Хрватска пак, требало да се обврзе дека ќе избегнува решавање на односите со Австрија и Унгарија, како би добила „слободни раце“ за акција.[520] Исто така, за снабдување на четите требало да организира еден главен одбор во Загреб, кој би бил во непосредна врска со Белград од каде ќе добивал упатства за работа. Штросмајер требало да се обврзе дека веднаш ќе се зафати со формирање на одборот како и дека најстрого ќе се придржува до планот.[521]

Во почетокот на април 1867 год., во Белград пристигнал Матеја Мразовиќ, Штросмајеров соработник, кој го донел одговорот на српскиот предлог односно согласноста на Штросмајер и Хрватската народна партија за заедничка соработка за

---

[517]Исто, док.144

[518]Податоци за српското гледање за уредувањето на идната заедничка држава наоѓаме во еден документ под наслов „Окружница на централниот белградски одбор за обединување на сите јужни словени“. Во окружницата, меѓудругото се истакнувало дека границите на идната југословенска држава требало да ги опфаќаат сите османлиски и австриски покраини каде Словените сочинувале мнозинство, а тоа биле, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Албанија и Стара Рашка, Македонија, Бугарија, поголем дел од Румелија (Тракија), Хрватска, Славонија, Срем, Далмација, Истра, Крањска, Јужна Штаерска и Корушка. (Исто, док.145)

[519]Исто, док.144

[520]Исто

[521]Исто

кревање востание во Босна и создавање на југословенска држава.[522] Според известувањата на Брлиќ до Орешковиќ во текот на мај во Загреб бил формиран Главен одбор.[523]

Не сакајќи да се покори на Австро-унгарската спогодба со која Унгарија станува хегемон на Хрватска, Хрватскиот Сабор донел одлука да не учествува на свеченостите околу крунисувањето на австро-унгарскиот император Фрањо Јосиф за унгарско-хрватски крал. Како резултат на тоа, на 25 мај 1867 год. дошло до негово распуштање.[524] По тој повод Брлиќ, констатирал дека единствена утеха на Хрватите им останала планираната акција на Србија во која биле „вперени очите за помош".[525]

Со сменување на Гарашанин од положбата претседател на владата, во ноември 1867 год., доаѓа до прекин на српско-хрватската соработка. Заедно со Гарашанин привремено бил отстранет и Орешковиќ, кој ја одржувал врската меѓу српската влада и Хрватската народна партија, па со тоа настанал прекин во односите.[526] „Отстранувајќи го Гарашанин, кнезот Михајло се одрекнувал од секаква акција" констатирал Орешковиќ во писмото до Мразовиќ од 27.01.1868.[527] Според Пирочанец, кога набрзо по сменувањето на Гарашанин во Белград пристигнале хрватски делегати од народната партија, новиот министер за надворешни работи Петрониејевиќ им изјавил дека Србија не мисли да ја продолжи политиката која е водена за време на Гарашанин.[528]

---

[522]Исто, док.149; V. Krestić, Srpsko-hrvatski odnosi i jugoslovenska ideja u drugoj polovini XIX veka, Beograd, 1988, str.58

[523]Исто, док.157; Србија и ослободилачки покрети..., док.349; Според Атанасиј Николиќ претседател на Одборот бил Мразовиќ. Одборот имал свои пододбори во Хрватска и Далмација. (Исто)

[524]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..,док.156; Хрватскиот сабор на седницата од 11 мај, во духот на заедничката програма со Србија, го признал српскиот народ кој во неа живее како рамноправен со хрватскиот. (V. Krestić, Srpsko-hrvatski odnosi..., стр. 59)

[525]Исто, док.157

[526]Исто, док. 189; Српските министри не го ценеле многу Орешковиќ и за извесно време ја прекинале работата со него. За Орешковиќ немал ниту Штросмајер убаво мислење и во едно од писмата до Мразовиќ искажува незадоволство што српската влада немала поспособен агент од Орешковиќ за одржување врска со Хрватите. (Исто.док.197)

[527]Исто.

[528]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр.90

## II.2.4 Српско - грчките односи (1866-1868 год.)

И покрај намерите на грчката влада да ги зачува добрите односи со Портата, во Грција постоеле кругови кои биле против приближување со османлиската држава. Тие се залагале за соработка пред сѐ со Србија, како начин преку кој полесно ќе ги реализираат своите аспирации за остварување на „големата идеја". Така во почетокот на 1866 год., Александрос Кумундурос покажал интерес за соработка со Србите. Според грчкиот конзул на Крит, Сакопулос кој бил во контакт со Ристиќ, Кумундурос имал во план во текот на април 1866 год. да го посети Цариград, а потоа и Белград, како би воспоставил непосреден контакт со српската држава.[529] Иако крајот на април Ристиќ го известил Гарашанин дека Кумундурос се „спрема за пат", по кратко време добил порака од Атина дека Кумундурос го откажал патувањето, но ќе прател некое друго лице.[530] Наместо очекуваниот пратеник во почетокот на мај до Ристиќ стигнало писмо од Рениерис, во кое тој го известува српскиот пратеник дека во Епир се подготвува востание, но и дека грчката влада и кралот не сакале да поддржат акција против османлиската држава. Затоа Рениерис предложил да се разговара за акција без грчката влада, замолувајќи го Ристиќ да му јави дали сакаат грчки пратеник да дојде во Цариград или српски во Атина.[531] Ристиќ му предложил на Гарашанин да се испрати во Атина капетанот Љубомир Ивановиќ, кој во тој момент се наоѓал во Света Гора.[532] Ристиќ како и Гарашанин биле на мислење дека без соработка со грчката влада, а неможејќи да се потпрат и на етериите чија активност не била усогласена со владата, Србите не би смееле да се впуштат во акција против османлиската држава.[533] Околу местото на преговорите, Гарашанин побарал од Рениерис да испрати пратеник во Цариград. Истовремено му дал упатства на Ристиќ за престоечкиот разговор.[534]

Во текот на април дошло до заострување на ситуацијата на Крит, што ќе биде

---

[529] Србија и ослободилачки покрети..., док. 243; Сакопулос го опишал Кумундурос како најважна и најпогодна личност во Грција, кој како шеф на „најсилната партија" имал големо влијание дури и на кралот а ја прифаќал идејата за балкански сојуз. (Исто; С.Терзић, Србија и Грчка..., стр.122,123)

[530] Исто, док.250

[531] Исто, док.251, 253

[532] Според Ристиќ тој би можел да ја извести српската влада за воените подготовки на Грција . (Исто, док.253)

[533] Исто; Српската влада се сомневала дека етериите работеле на своја рака. Ваквото сомневање било поттикнато од разните прогласи за повикување на борба за ослободување, расturени низ територијата на османлиската држава, во кои било наведено дека Грција направила договор со Србија и Црна Гора. (Писма Илија Гарашанина..., стр. 142)

[534] Србија и ослободилачки покрети.., док. 255

поттик за позасилени дипломатски активности и пред се обновување на српско-грчките преговори.[535] Грчкиот крал со цел да ги испита ставовите на Големите сили за можен османлиско-грчки конфликт, му дал наредба на грчкиот пратеник во Цариград, Делијанис да им предаде мемоар на претставниците на Големите сили.[536] Според Ристиќ, во мемоарот била изложена ситуацијата односно постојаните инциденти кои се случувале на границата меѓу Грција и османлиската држава.[537] Францускиот амбасадор во Цариград, Мустије не сакал ни да го прочита мемоарот додека пак англискиот амбасадор Лајонс, несакајќи да преземе никаква иницијатива го упатил Делијанис да се обрати до англискиот пратеник во Атина, истовремено изразувајќи разбирање за причините поради кои Грција не би можела да остане мирна во случај на востание на христијаните.[538] Делијанис имал повеќе среќа во разговорот со Игњатиев, кој го советувал Грција да не влегува во директен конфликт со османлиската држава туку да работи на спогодување со Србија и Албанците. Му препорачал на Делијанис да започне преговори со Ристиќ во Цариград, грчката влада да испрати пратеник во Белград, а грчката емиграција по Европа да набави оружје.[539]

Во првите денови на јуни кога Критската криза се повеќе се заостурвала, во Цариград пристигнал грчкиот пратеник Михаило Антонопулос, поранешен секретар на грчкото пратеништво во Париз.[540] Антонопулос му предал на Ристиќ писма од Ренијерис, Занос и Кумундурос, во кои искажувале потполна доверба кон пратеникот, овластен да ги води разговорите и да даде извештај за приликите во Грција.[541] На 5 јуни 1866 год., Ристиќ го известува Гарашанин за спогодбата со грчкиот пратеник.[542] Точките околу кои се договориле биле следните: 1. Кумундурос што побрзо да ја превземе власта во Грција; 2. Како основа за спогодба да се прифатат преговорите од 1861 год. и двете страни да се подготват; 3. Двете страни да ги подготват народите во османлиската држава посебно Албанците; 4. Дипломатијата да не се вмешува, а ако биде потребно дополнително ќе се договорат; 5. Евентуален предлог

---

[535]Во април 1866 год. се влошила состојбата на Крит, кога претставници на локалното население побарале реформи. На 27 мај 1866 год. делегација од критски Грци пристигнале во Атина за да побараат припојување на островот кон Грција. Грчкиот крал им советувал воздржаност. (Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.90,91)
[536]Србија и ослободилачки покрети..., док. 260; Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.91
[537]Исто, док.260
[538]Исто
[539]Исто
[540]Исто, док. 261,262
[541]Исто; Во писмото до Ристиќ, Кумундурос меѓудруго, го оправдува своето недоаѓање во Цариград со долгото боледување. Исто, док.262
[542]Исто, док.265

од Италија најпрво договорно да се испита и да се внимава Италија да не предизвика предвремено востание; 6. да се спречат предвремени востанија; 7. денот на востанието да биде договорен меѓу двете страни; 8. први да се кренат на востание Албанците следени од грчки и српски доброволци, а по нив истовремено да влезат во војна Србија и Грција; 9. пред почетокот на востанието да се потпише формална конвенција; 10. воените прашања да бидат разгледани од еден српски и грчки офицер; 11. доколку на запад не започне војна, преговорите да се продолжат зашто незапочнувањето на војната би го одложила востанието и целите би биле променети; 12. Грците да оставaт доверлив човек во Цариград заради преговорите со Ристиќ.[543] Гарашанин ја прифатил оваа спогодба како основа за заедничка работа, со тоа што би се избегнувале конкретни обврски сè додека кралот не ја прифател спогодбата.[544] Со оглед на честите промени на владите во Грција, без кралско учество договорот би бил несигурен. Политичката ситуација во Грција во овој период не била поволна за српско-грчките контакти. Во текот на јуни избила владина криза која се решила со формирање на владата на Вулгарис – Делигеоргиос. Оваа влада имала проанглиска ориентација, негативно се однесувала кон Критските немири и пропагандата во Епир и Тесалија, а била и против сојуз со Србите.[545] Грчката влада ги отфрлала сите српски обиди за започнување преговори.

По барање на Гарашанин, во средината на јули, Ристиќ се обратил до Рениерис со прашање дали има изгледи за успех на нивната акција за спогодба и дали би смееле да испратат свој претеник кај кралот.[546] Ренијерис одговорил дека само во случај на итност може да испратат делегат кој ќе требало да дојде тајно да работи и во договор со нив.[547] За да не бидат прекинати контактите, Рениерис го убедувал Ристиќ дека постоела можност во есен, по заседанието на Парламентот во Атина, да дојде до промена на владата, што би овозможило продолжување на преговорите за сојуз. Затоа Ристиќ го советувал Гарашанин испраќањето на делегат во Атина да го одложат за есента.[548] Но набрзо потоа, како резултат на влошување на ситуацијата на Крит, Ренијерис се заинтересирал за можноста Србија да поведе војна со османлиската држава, во случај да дојде до востание во Епир подготвено од етериите. За Србија било неприфатливо да учествува во востанија во кои не учествувала грчката влада, па Ристиќ го известил Рениерис дека акцијата на Србија

---

[543]Исто
[544]С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 126
[545]Србија и ослободилачки покрети .., док.275; Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.92,93
[546]Исто, док.290
[547]Исто
[548]Исто

можела да се одвива само во склад со заклучоците постигнати со Антонопулос.[549] Во истиот дух, Гарашанин му советувал на Ристиќ да делува за смирување на ситуацијата и избегнување на грчко-османлиски судир. [550] Одлучно одбивајќи да биде вовлечен, изразил сомневање дека со ваквиот развој на настаните, Грција сакала да го привлече вниманието на Европа кон себе со цел да ја направи државата посилна и поважна од што би била во „друштво" со Србија.[551] Со цел да се испита ситуацијата во Грција и да се дознаат намерите на грчката влада и етериите, Ристиќ во Атина го испратил капетанот Љубомир Ивановиќ.[552] Гарашанин, кој ја ценел работата на Ивановиќ, ја одобрил оваа мисија.[553] Ивановиќ во Атина имал средби со Рениерис, Кумундурос и Боцарис. На прашањето дали ќе стапи во врска со грчката влада, Ивановиќ одговорил дека постојната влада не покажала интерес за спогодба со српската влада па поради тоа бил упатен на разговор само со нивната група со која Србија и претходно одржувала врски.[554] Од Боцарис, поранешен министер на војската, Ивановиќ дознал дека Грција не е подготвена за склучување воен сојуз. Воено неподготвена, со само дваесет топа и десет илјади пушки, два воени брода и осум илјади војници, Боцарис исклучил секаква можност грчката војска да интервенира во случај на востание во Епир и Тесалија.[555] Кумундурос го известил Ивановиќ дека разговарал со кралот и го известил дека Србија е спремна да склучи договор со Грција, на што тој одговорил дека времето не е погодно и дека треба најпрво да се види дали некоја европска сила е наклонета на востанието.[556] Пред заминување на Ивановиќ од Атина, Рениерис побарал од Србија да го помага востанието на Крит.[557] Од водените разговори, Ивановиќ заклучил дека Грција не сака да влезе во отворена војна со османлиската држава, туку само да потпомага востанија во околните области. Исто така станало јасно дека Грција во брзо време немала да биде подготвена за заедничка акција со Србија.[558]

За време на престојот на Ристиќ во Белград, од Ивановиќ од Цариград, стигнала веста дека етериите решиле за еден месец да започнат востание на

[549]Исто, док.294, 296
[550]Исто, док.297
[551]Исто, док.299
[552]Исто, док.306
[553]Гарашанин го ценел Ивановиќ како голем војник бидејќи изработил статија за воените операции против османлиската држава, која Гарашанин ја доставил на разгледување во военото министерство и можела да послужи како основа за изработка на воениот план. (Исто, док.310)
[554]Исто, док.314
[555]Исто
[556]Исто
[557]Исто
[558]Исто

Епир.[559] Информацијата Ивановиќ ја добил од Игњатиев, според извештајот на рускиот конзул Јонин, кој во неколку наврати им нагласил на Србите дека етериите се посилни од грчката влада и ќе треба да се задоволат со спогодба со нив.[560] Но српската влада не отстапила од својот став дека без спогодба со грчката влада не треба да се впушта во судир со Османлиите. Во ваков тон, со истакнување на недостатоците и последиците од локалните востанија, бил и одговорот на писмото на Ристиќ до Кумундурос.[561] Во текот на ноември, Ивановиќ требало да се сретне со грчкиот пратеник Занос на Крф, но поради недоразбирање, до средбата не дошло.[562] Зачестените контакти меѓу српските и грчките преговарачи не можеле да останат незабележани од дипломатските претставници на Големите сили во Атина и Белград, кои за тоа ги известиле своите влади.[563] Сомнежот дека меѓу Србите и Грците нешто се подготвува бил поттикнат и од некои публикации што биле издавани во Грција а биле во насока на посочување на кнезот Михајло како пример по кој требало да се делува за остварување на националните аспирации.[564]

Заострената ситуација меѓу Портата и Грција предизвикана, покрај од Критското востание и од активностите на Грците за помош на востаниците и навлегувањето на грчките чети во Епир, придонела за повторна смена на грчката влада. На 20 декември 1866 год. нов претседател на владата станал Кумундурос а членови на владата биле политичари што се залагале за антиосманлиска политика.[565] Изборот на Кумундурос бил пресуден за натамошниот тек на српско-грчките преговори. Тој преку Антонопулос го известил Ристиќ дека е подготвен за склучување договор за сојуз со Србија.[566] Во склад со претходно водените разговори и ставот на Србија околу локалните востанија, Атинскиот комитет на етериите го повикал Епирскиот комитет да работи на одржување на мирот со цел да не дојде до предвремено востание, со кое би се намалиле изгледите за постигнување договор.[567] Било одлучено преговорите од грчка страна да ги води Петрос Делијанис, грчкиот претставник во Цариград а од српска страна Јован Ристиќ.[568] На 23.01.1867 год.,

[559]Исто, док.317
[560]Исто, док.300
[561]Исто, док.319
[562]Исто, док.322, 325, 329
[563]Исто, док.331
[564]Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.95
[565]Србија и ослободилачки покрети..., док. 342; Ристиќ го известил Гарашанин за составот на новата влада при што за развојот на српско-грчките односи од значење се: Трикупис-министер за надворешни работи; Боцарис-министер за војска и Ломбардос го презел ресорот на морнарицата. (Исто)
[566]Исто, док.336
[567]Исто, док.339
[568]Грците предлагале или тие да упатат преговарач во Цариград или Србите воАтина. Ристиќ не се сложил со

грчкиот министер за надворешни работи, Трикупис, ги испратил упатствата односно грчките предлози за склучување договор за српско-грчки сојуз. Грчките предлози биле следните: 1. цел на сојузот било здружување на Србија и Грција против османлиските напади; 2. заедничка работа со цел да се остварат барањата на христијанските народи во османлиската држава; 3. зголемување на грчките државни приходи заради опремување на грчката војска; 4. аналогни припреми и во Србија; 5. заедничка обврска дека ќе работат на подготовка на останатите христијански народи за општиот сојуз и нивно снабдување со оружје и муниција: 6. објавувањето на војна против османлиската држава ќе дојде по склучувањето на договорот за сојуз; 7. во случај на османлиски напад пред склучувањето на договорот, тој ќе се смета за потпишан; 8. оружјето нема да биде положено, додека не се постигне заедничката цел, освен со заедничка согласност; 9. двете страни ќе се спротивставаат на секој обид на некоја од европските држави да потчини дел од европските области на Османлиската Империја; 10. нема да се склучува договор за сојуз со друга држава доколку една од страните не биде информирана; 11. двете страни заеднички ќе работат на спречување на предвремени востанија.[569] Овие предлози Делијанис му ги предал на Ристиќ на првата средба одржана на 28.01.1867 год. Приговорите на Ристиќ се движеле околу неистакнувањето т.е. недостатокот од одредување на границите на областите што ќе се ослободеле, бројноста на вооружените сили како и датумот на започнувањето на акцијата. Делијанис го информирал Трикупис за разговорите и ги побарал конечните грчки предлози, кои во текот на февруари Трикупис му ги испратил. Според внесените дополнувања, со оглед на Ристиќевите приговори, се предвидувало освоената територија да се разграничи така што Грција ќе ги добиела Епир, Тесалија, Крит, егејските острови и оние делови на Македонија кои би се кренале на востание. Грција немала право да интервенира на територијата северно од планината Балкан а Србија јужно од таа планина. Грција се обврзувала да создаде војска од триесет илјади војници и да ја опреми флотата.[570] Српската влада исто така подготвила свој предлог за склучување на договор за сојуз. Во српскиот предлог најпрво се истакнувала целта на сојузот, ослободување од османлиската власт и анексија на соседните територии за кои ги поврзува исто потекло. Така, Грција требало да ги добие Крит, Епир и Тесалија а Србија Босна,

---

предлозите па било решено преговорите да се одвиваат меѓу грчкиот и српскиот претставник во Цариград. (Исто, док.341); Гарашанин му испратил упатства за преговорите на Ристиќ, во кои меѓу другото инсистирал со договорот да бидат утврдени границите и истиот да биде потпишан од страна на двајцата владетели. (Исто, док. 340)

569 Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.97,98

570 Исто

Херцеговина и Стара Србија. Со српскиот предлог се предвидувало анексија на Македонија и тоа јужниот дел да биде анектиран од Грција, а северниот од Србија.[571] Датумот за започнување на акција не бил утврден, но и двете држави имале обврска до 1 јули 1867 год. да ја подготват војската.[572] Предаден како одговор на грчкиот предлог, овој српски предлог предизвикал непријатно изненадување и реакција пред сè на одредбата која предвидувала поделба на Македонија. Иако Македонија во тоа време немала приоритет во грчката надворешна политика, Грците не можеле да се согласат некој да бара дел од Македонија, важна за идниот развој на Грција. Согласно на тоа, констатацијата на Делијанис за понудената поделба била дека неговата земја можела толку да добие и без оружје.[573] Српските претензии на територии кои во Грција биле сметани за грчки, ја принудиле грчката влада да бара како основа за договор да се земат преговорите од 1861/1862 год. и разговорите меѓу Ристиќ и Антонопулос, каде според Трикупис Србите се согласиле Грција да ја добие Македонија.[574] На ова Ристиќ одговорил дека споменатите преговори не завршиле со склучување на договор и затоа не можеле да се сметаат за валидни. Исто така, тој нагласил и дека бидејќи преговорите од 1866 год. се воделе без согласност на тогашната грчка влада, имале неформален и прелиминарен карактер.[575] Од друга страна пак, Трикупис се заканувал со прекинување на преговорите доколку српската влада не ги признаела границите утврдени од 1861 год. На тој начин судирот околу одредувањето на меѓусебните граници на идните ослободени територии предизвикал криза во српско-грчките преговори.

Од крајот на март 1867 год., како резултат на заострувањето на односите со османлиската држава и неуспехот да придобие некоја држава за сојузник, Грција почнала да зазема поумерен став во односите со Србија.[576] Трикупис побарал од Делијанис да ги продолжи преговорите со Ристиќ. Во едно писмо до Ристиќ, Трикупис укажал на постоење добра волја кај грчката влада, истовремено нагласувајќи ја потребата Источното прашање да се реши со заедничка акција на балканските народи кои по ослободувањето сами ќе решеле за својата судбина па затоа немало

---

[571]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.322
[572]Исто
[573]Исто
[574]Исто, стр. 324; Трикупис сметал дека Србија се согласила на границите од предлогот на Ренџерис од 1861 год., повикувајќи се на писмото на Христиќ до Ристиќ од 22 октомври 1861 год., во кое стоело дека српската влада иако не е во состојба да ја потпише конвенцијата, ќе ја смета за потпишана. (С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 130)
[575]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.324
[576]Грција се обидела да склучи сојуз со Романија, Црна Гора па дури и Египет, но ваквата надворешна активноста не успеала. ( L.S. Stavrianos, Balkan federation…, p.96)

потреба од одредување на границите.[577] Наместо одговор на грчкото писмо Ристиќ му предал на Делијанис вербална нота, во која се докажувала неоснованоста на грчките претензии.[578] Во нотата, со статистички податоци, Ристиќ настојувал да докаже дека грчкиот предлог би бил неправеден за Србија, односно Србија неможела да прифати Грција да добие четири милиони и петстотини илјади жители кои би и припаднале доколку се проширела кон Епир, Тесалија, Архипелагот и делот на Македонија, наспроти еден милион и двесте илјади жители кои би и припаднале на Србија.[579] Во Македонија, истакнал Ристиќ, Србија имала право да бара исто колку и Грција.[580] На Трикупис не му се допаднал ваквиот српски одговор и преговорите повторно биле прекинати. Поради ваквиот развој на настаните, кај Ристиќ се појавило сомневање, околу тоа дали грчката влада воопшто сакала да склучи договор за сојуз, и ако го сакала дали истиот би и користел како средство за закана кон османлиската држава, со цел да извлече од неа што повеќе концесии, или сака сериозен сојуз за борба против Османлиите.[581]

Српско-грчките преговори повторно биле продолжени кон крајот на мај 1867 год. Во текот на разговорите меѓу Ристиќ и Делијанис, Србија побарала од грчка страна да испратат свој пратеник во Белград, што било оценето како опасно и компромитирачко за Грција и од своја страна побарале Србите да испратат пратеник во Атина. Како компромис, било решено средбата да се изведе во Мехадија, австриска бања во близина на романската граница.[582] За грчки преговарач бил назначен Петрос Занос, кој на 5 август 1867 год. заминал за Виена, каде што пристигнал на 13 истиот месец.[583] Таму дошло до првите разговори меѓу Занос и српскиот кнез и Ристиќ, кои таму се наоѓале. На предлог на Занос била донесена одлука преговорите да се водат во Фесло, бања во близина на Виена.[584] Завршните преговори меѓу Занос, од една страна и Гарашанин, Петронијевиќ и Ристиќ, од друга страна започнале на 18 август 1867 год. Најпрво било разгледано прашањето околу подготовките за војната и подготвеноста на Грција за воена акција, со оглед на нејзината истрошеност во критското востание и слабата подготвеност на војската. Било решено, март 1868 год. да биде краен рок за завршување на подготовките.[585] И

[577]Исто, стр.102
[578]С.Терзић, Србија и Грчка..., стр. 130
[579]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.329
[580]Исто
[581]С.Терзић, Србија и Грчка..., стр. 130
[582]L.S. Stavrianos, Balkan federation…, p.98
[583]Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.104
[584]L.S. Stavrianos, Balkan federation…, p. 98
[585]Исто, p.99

покрај обидите на Занос да се избегне прашањето за територијалните придобивки, на инсистирање на Гарашанин да се утврдат минималните добивки, а со намера да не се губи време со оглед на настаните на Крит, грчкиот делегат морал да попушти. Гарашанин побарал Србија да ги добие Босна, Херцеговина и Стара Србија до Дрим и Искер. Како одговор на српското барање, Занос побарал Грција да ги добие Епир, Тесалија и Македонија.[586] На секое споменување на Стара Србија од српска страна, Занос ја барал Македонија, што предизвикувало незадоволство од другата страна. Со грчкиот контрапредлог, Гарашанин заминал за Иванка каде се наоѓал кнезот Михајло, а Занос, Петронијевиќ и Ристиќ отишле во Фесло за да ги продолжат преговорите.[587] Од Иванка, српските делегати добиле инструкции да ги бараат Босна и Херцеговина, а на Грција да ги признаат Епир и Тесалија и да се обидат да добијат согласност од Занос, Стара Србија да се добие без соодветен надоместок за Грција. Меѓутоа Занос не сакал да се согласи со последново и продолжил да ја бара Македонија на секое српско барање на Стара Србија. На крајот двете страни се согласиле да се усвои принципот на компензација, но без назначување на областите што би биле добиени.[588] Занос, свесен за реалната состојба во грчката војска и можностите на Грција, долго време се спротивставувал да ја прими обврската за вооружување триесет илјади војници.[589] Немајќи друг излез, со оглед на ситуацијата на Крит, Грција морала да се согласи на компромис со Србија. Откога кнезот Михајло и Гарашанин го одобриле донесениот нацрт договор, останало само ополномоштените претставници да го потпишат. На 26 август 1867 год., Занос како претставник на Грција и Милан Петронијевиќ, претставник на Србија го потпишале договорот за сојуз.[590] Договорот содржел седумнаесет члена и преамбула во која биле наведени неподносливата положба на христијанските народи на Истокот и желбата сами да ја решат својата судбина, како причина за потпишување на договорот. Членовите предвидувале: чл.1. Целта на сојузот ќе се оствари со сите

[586]Исто; Крит не го спомнал бидејќи бил убеден дека него Грција ќе го добие.

[587]Исто

[588] Ристиќ предлагал како основа за територијалните придобивки да се земе бројот на жители а не територијата. Ова го предлагал поради опасноста од вмешување на Австро-Унгарија во Босна и Херцеговина. Поради таа опасност Ристиќ сметал дека Србија требало да си обезбеди надомест во другите области а од Грција би се барало да го надомести договорениот број жители. Но предлогот на Ристиќ не бил прифатен. (С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 131-133)

[589]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.392

[590]На почетокот на преговорите Ристиќ бил ополномоштен да го потпише договорот, но во Иванка, српскиот кнез решил да го потпише Петронијевиќ. Според Ристиќ ваквата промена ја издејствувал Гарашанин поради завидливост кон него, неможејќи да го заборави писмото на кнезот во кое ја истакнал заслугата на Ристиќ за добивањето на тврдините. (Ј. Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила, Београд,1895, стр.16); Но промената потекната од самиот кнез, највеојатно доаѓа после учеството на Ристиќ во преговорите со Портата и неговиот потпис на српско-грчкиот договор би значел најгрубо газење на дадениот збор.

расположливи средства, а објавата на војна на османлиската држава ќе биде направена само со претходен договор; чл.2. Србија до март 1868 год.ќе обезбеди војска од шеесет илјади луѓе, без резервите, Грција триесет илјади војници и колку што може посилна флота; чл.3. доколку османлиската држава нападне некоја од земјите- потписнички пред март 1868 год., другата ќе и даде поддршка во рамките на своите можности, но кога ќе дојде определениот рок двете држави ќе бидат обврзани да влезат во војна; чл.4. војната ќе се води до конечното ослободување на европскиот дел на османлиската држава, но во случај на непредвидени тешкотии, двете страни можат да ги прекинат воените дејства штом ги осигураат, Грција-Епир и Тесалија а Србија – Босна и Херцеговина; чл.5. акциите ќе продолжат при првата поволна ситуација; чл.6. двете страни се обврзуваат дека нема да склучат мир ниту примирје додека не се постигне целта на сојузот; чл.7. во случај на поголем успех, двете држави ќе се договорат за склучување посебен договор со кој ќе ги одредат границите и идните односи, а ќе се почитува желбата на народите кои учествувале во војната било да сакале присоединување кон земјите- потписнички, било да сакале да формираат независни или конфедерални држави; чл.8. двете страни ќе се залагаат Големите сили да им го признаат правото на христијаните на Исток сами да решат за својата судбина, и следствено на тоа се обврзуваат со сите расположливи средства да се спротивстават на било какво распарчување на европскиот дел на османлиската држава; чл.9. двете држави заедно ќе работат меѓу христијанските народи за да ги придобијат за борба; чл.10. се обврзуваат да работат на придобивање на Албанците; чл.11. заеднички ќе работат и на придобивање на Романија, а Србија ја презема обврската за придобивање на Црна Гора кон сојузот. чл.12. двете држави ќе си помагаат во војна но и при склучување на мировниот договор; чл.13. нема да се склучуваат сојузи со други држави без претходно меѓусебно информирање; чл.14. пред почетокот на воените дејства на сојузничките војски ќе се изработи конвенција со цел да се одреди начинот на нивно водење; чл.15. договорот треба да биде таен; чл.16. договорот ќе стапи во сила по неговата ратификација од кралот на Грција и од српскиот кнез; чл.17. ратификациите ќе бидат разменети во Атина во рок од шест недели по потпишувањето.[591]

Кнезот Михајло го ратификувал договорот во Белград на 5 октомври. Размената на ратификациите во име на српскиот владетел требало да ја изврши потполковник

[591]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.510-513; Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, документи, редакција и коментар Др. Михајло Миноски, Скопје, 2000, стр. 66-69

Фрањо Зах, кој исто така требало да ја склучи и воената конвенција. На 4 ноември пристигнал во Атина, каде наишол на други потешкотии. Имено, кралот Георгиос под изговор дека Грција не може да обезбеди толкава војска, а истовремено сомневајќи се и во подготвеноста на српската војска, го одложувал одобрувањето на договорот. Барал датумот за крајот на воените подготовки да не се прецизира и да се одложи на неодредено време, што не било прифатено. Одбивањето да го ратификува договорот довело до судир со Кумундурос и негова оставка во декември 1867 год.[592] Во текот на јануари 1868 год., кралот направил отстапка во однос на ратификацијата, односно наместо поместување на крајниот рок за подготовките на неодредено време, се согласил датумот да се помести од 1 март на 1 септември 1868 год.[593] Србија се сложила со тој предлог и на 10 јануари 1868 год. Георгиос ја ратификувал спогодбата. Размената на ратификациите со Фрањо Зах била извршена на 22 јануари во Атина.[594] Набрзо потоа почнале преговорите за составување на Воената конвенција. Преговорите ги воделе Николаос Манос, од грчка страна и Фрањо Зах, кој во Атина престојувал под псевдонимот Јован Главаш, од српска страна.[595] Разговорите брзо завршиле и на 28 февруари 1868 год. воената конвенција за воените операции против османлиската држава била потпишана. Според член 1 од Конвенцијата се предвидувала односно повторувала обврската на Србија до крајот на август да подготви војска од шеесет илјади луѓе и резервен состав од дваесет илјади, додека пак Грција, војска од триесет илјади вклучувајќи го и резервниот состав.[596] Се предвидувало меѓусебна контрола над извршувањето на договорените воени подготовки, преку офицери испратени во Атина и Белград.(чл.2). Останатите членови предвидувале: чл.3. Точното време на започнување на војната ќе било определено со заемен договор на двете страни: чл.4 и 5. и двете држави требало да организираат востанички чети од по пет илјади луѓе , кои ќе ја започнеле борбата и ќе имаат задача христијаните да ги поттикнат на општо востание; чл.6. Во случај на османлиски напад на една од државите, пред објавување на војната, другата е должна да ги испрати востаничките чети или да организира доброволци; чл.7. цела европска Турција ќе биде општо заедничко боиште за акции, со исклучок на поморските воени операции, надлежност на Грција; чл.8. бидејќи било тешко да се предвиди како ќе се одвиваат грчките операции во Епир и Тесалија, како и српските

---

[592] Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр.108; После Кумундурос нов претседател на владата станал Мораитинис, кој набрзо поднел оставка и на негово место дошол Вулгарис. (Исто)

[593] Исто

[594] Исто

[595] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., стр.451

[596] Исто, стр.515-519; Македонија во билатералните и мултилатералните договори..., стр.70-73

во Босна и Херцеговина било договорено секоја од договорените страни да дејствува според најповолниот воен план; чл.9. за земјите што се наоѓаат меѓу Грција и Србија бил утврден заеднички воен план. Според него грчките војски требало да делуваат околу утоките на Вардар и Бистрица и да ги прекинат патните комуникации меѓу Солун и Битола. Српската војска требало да дејствува во Косово и Овче Поле, помеѓу Пелистер и Бабуна и да ги пресече комуникациите кон Велес. Албанците требало да ги пресечат врските што водат од Јадранско Море кон Вардар и Дрим. Главни стратешки точки биле: Солун, Битола, Велес, Скопје, Куманово, Призрен и Приштина, а главен центар е Битола, па според тоа најголема важност требало да се даде на комуникациите што водат кон Битола; чл.10. заедничка обврска на двете држави била да ги придобијат Албанците; чл.11. Србија требало да го крене на оружје бугарскиот народ; чл.12. Командантите на војските можеле да ги запрат борбите но само локално и со ограничено времетраење. Примирјето можело да се склучи со заемен претходен договор. Останатите членови се однесуваат на телеграфските линии (чл.13), тајноста на конвенцијата (чл.14), и ратификацијата и размената на ратификациите (чл.15 и 16).[597] На 27 мај била извршена размена на ратификациите меѓу српскиот претставник Богичевиќ и грчкиот, Калергис. На овој начин конечно се завршиле долгогодишните преговори за сојуз меѓу Србија и Грција. И покрај тешкотиите и несогласувањата кои ги имале, ова е прв договор меѓу две балкански земји.

Смртта на кнезот Михајло предизвикала загриженост и сомневање кај грчката влада дека неговите наследници нема да ја продолжат неговата политика. Иако Намесништвото ја уверувало Грција дека нема да го промени својот однос кон договорот за сојуз, впечатокот кај „изневерените Грци" бил дека Србија постепено се одалечувала од обврските што произлегувале од него. Ваквиот грчки став не бил далеку од реалната ситуација. Имено, продолжување на Михајловата надворешна политика не било во склад со политиката на Намесништвото. Гледајќи го можниот исход од Критските настани и меѓународната ситуација која не одела во полза на Грците, српското Намесништво зазело резервиран став кон понатамошното зацврстување на односите со Грција. Од друга страна не е за занемарување ни фактот дека Србија не била воено подготвена за исполнување на обврските од договорот.

---

[597] Исто

## II.2.5 Српско - романските односи (1866-1868 год.)

Уште од доаѓањето на власт, Гарашанин работел на развивање пријателски односи со Романија, неопходни за одржување на потребните трговски врски и помошта околу преносот на оружје. Поради постојаната нестабилна внатрешна ситуација, Гарашанин избегнувал склучување на политички договор. Романците пак, за да ја уценуваат османлиската држава, често се служеле со ширење на гласови за постигната романско-српска спогодба. Така, грчкиот конзул во Букурешт во август 1866 год. ја известил владата во Атина дека во мај истата година била потпишана српско-романска спогодба за заедничка акција против османлиската држава.[598] Српската влада од своја страна негирала дека бил потпишан било каков договор.[599]

Неизвесност околу развојот на романско-српските односи се појавила во текот на кризата во Романија околу симнувањето на кнезот Куза од престолот и поставувањето на Карол Хоенцолерн за романски кнез.[600] Крајот на мај 1866 год., пред доаѓањето на Карол во Букурешт, романската влада го испратила Стеван Јонеско во Белград. Со овој чекор романската влада барала признавање на кнезот Карол за нов романски кнез.[601] На Србија како што истакнува Гарашанин, водејќи се од своите материјални интереси, не и преостанувало ништо друго освен да ја признае секоја романска власт. Српската влада била принудена да одржува пријателски односи со Романија, но не и да поведе преговори за политичка спогодба, истакнал Гарашанин.[602] Повеќе од веројатно е дека овој потег на романската влада се јавува како реакција на испраќањето османлиска војска покрај романската граница. По доаѓањето во Букурешт, кнезот Карол искажал изјави на помирливост и лојалност кон султанот. Во исчекување на османлискиот одговор, романскиот кнез во средината на јуни во Белград го испратил Димитру Братиану, министер за

---

[598] L.S. Stavrianos, Balkan federation..., p. 91-92; Според Ставрианос договорот е погрешно датиран и потекнува од 1865 год. (Исто)

[599] Исто

[600] После принудната абдикација на кнезот Куза, кнежевскиот престол останал празен и настанала расправа меѓу големите сили околу неговото пополнување. Романците барале кнез од членовите на европските владеачки династии што предизвикало страв кај Портата дека таквиот избор можел да доведе до отцепување на Кнежевството. Кај Србите пак, предизвикало сомневање дека Романија би станала жртва на австриските и руски империјалистички планови. (Г.Јакшиќ- В.Вучковиќ, Спољна политика...,стр.218,235); И покрај спротивставувањата на големите сили Романците го избрале Хоенцолерн за кнез. (Србија и ослободилачки покрети.., док.258)

[601] Писма Илија Гарашанина..., стр.187,188

[602] Исто

просвета.[603] Покрај официјалната мисија, да го нотифицира кај кнезот Михајло Кароловото стапување на престолот, имал и тајна задача. Побарал помош од Србија против османлиската држава, како во воен материјал така и вооружен напад во случај на османлиско-романска војна. Меѓутоа единствено што им ветил Гарашанин на Романците било испорака на барут.[604] Своите погледи на романската политика и пред сè на внатрешните прилики во Романија, Гарашанин ги изложил во својот говор одржан на романскиот пратеник.[605] Имајќи најнеповолни известувања за внатрешната состојба во земјата, пред сè судирот меѓу политичките партии кои го спречувале напредокот на земјата, Гарашанин во говорот истакнал дека српската влада не можела ништо да ветува ниту да презема некаква обврска кон Романија. Откако ќе се средеае внатрешните прилики, ќе можеле да разговараат за српско-романски сојуз. Бидејќи романската влада не можела да се спротивстави на евентуален османлиски напад им советувал да прекинат со предизвикувањата и да ги поправат односите.[606]

Крајот на октомври 1866 год. дошло до смирување на заострената ситуација во романско-османлиските односи. Следствено на тоа, со престанокот на надворешната опасност за Романија, се намалил интересот на Романците за сојуз со Србија. Во Романија завладеала струја која не била наклонета кон воспоставувањето поблиски врски со Словените.[607] Од друга страна пак, со оглед на одлуката од 28 јули 1866 год. за започнување преговори со балканските народи, кај Гарашанин се појавува интерес за соработка со Романија. Во средината на декември му испратил упатства на Магазиновиќ за да го дознае расположението во романската влада за сојуз против османлиската држава како и да ги наведе романските државници на таква идеја.[608] Притоа не требало директно да и предлага сојуз на романската влада туку да ја наведе самата да преземе таква иницијатива. Истовремено му наложил да постапува со голема внимателност, бидејќи колку што било потребно да се всади идејата за сојуз, толку било важно и да се избегне компромитирање на српската влада, истакнал Гарашанин во упатството.[609]

Во летото 1867 год. српско-романските односи добиле неочекуван пресврт. Имено, во почетокот на јули 1867 год. во Белград пристигнал нов романски

---

[603] Србија и ослободилачки покрети..., док.276
[604] Исто
[605] Исто, док.280, прилог
[606] Исто
[607] Ј. Ристић, Спољашњи одношаји Србије новијега времена друга књига..., стр.417
[608] Србија и ослободилачки покрети..., док.333
[609] Исто

дипломатски застапник Раду Јонеску.[610] Тој му донел на Гарашанин писмо од министерот за надворешни работи Стефан Голеско, во кое искажал залагање за блиска соработка со останатите христијански народи во османлиската држава.[611] Иако во почетокот Гарашанин гледал со недоверба кон овој романски чекор, сепак најверојатно натамошните разговори биле водени во оптимистички дух, бидејќи во средината на октомври, Јонеску се вратил во Белград со предлог договор за српско-романски сојуз. Гарашанин се двоумел околу започнувањето преговори не само поради внатрешната несредена ситуација во Романија туку и верувањето кое постоело во Србија дека романската влада се наоѓала под силно француско влијание.[612] Поради внатрешните романски прилики, Србија не можела многу да очекува од воената соработка со Романија освен извесни олеснувања при преносот на оружје. Според српските расудувања, романските државници во тоа време почувствувале потреба да ја извлечат земјата од осаменоста во која се наоѓала, и со српско-романскиот сојуз настојувале да ја поправат внатрешната ситуација и да го усогласат понатамошниот политички развој.[613] Предлогот се состоел од јавни и тајни одредби. Во јавните одредби се наоѓала обврската за соработка меѓу двете земји во сите случаи кои предвидувале остварување или бранење на заедничките интереси, право на заклучување трговски конвенции и акредитирање на конзуларни претставници.[614] Со тајните одредби двете држави се обврзувале на заедничка работа за ослободување на христијанските народи од османлиската држава. Се предвидувало изработка на воен план, учество на војска од шеесет илјади луѓе и заклучување на воена конвенција. Околу територијалните придобивки при успешно завршена војна, според романскиот предлог, на Романија требало да и припаднат островите на устието на Дунав и дел од Бугарија источно од линијата Рушчук- Варна а на Србија, Босна, Херцеговина,Стара Србија и преостанатиот дел од Бугарија. Романскиот преставник Јонеску го запознал францускиот конзул со содржината на романскиот предлог договор, притоа доверувајќи му дека Србите се согласиле за негово потпишување.[615] Меѓутоа, земајќи ја во предвид недовербата кон романската политика, малку е веројатно дека српската влада се согласила за потпишување.

Српско-романските преговори биле продолжени во средината на декември 1867

---

[610]Писма Илија Гарашанина..., стр. 207
[611]Во писмото Голеско ги отфлил и гласовите кои се појавиле во весниците за заедничка држава меѓу Романија и Бугарија. (Г. Јакшић- В. Вучковић, *Спољашна политика...*, стр.338); Признавајќи го правото на Србија над Бугарија, Голеско истакнал дека во Бугарија, Србија и Романија повеќе нема да бидат соперници. (Исто, 409)
[612]Исто, стр.409-411
[613]Исто
[614]Исто
[615]Исто

год., но на база на нов предлог кој Јонеску му го поднел на тогашниот министер за надворешни работи, Петронијевиќ. Новиот предлог немал карактер на договор за сојуз за напад и одбрана. Според Јован Ристиќ, во дневникот на кралот Карол се напоменувало дека договорот е „само платонски“.[616] Во него била истакната потребата од зацврстување на меѓусебното пријателство, соседските и трговските односи меѓу двете земји.[617] Договорот бил потпишан на 1 февруари 1868 год. а го потпишале Јонеску, од романска страна и Магазиновиќ од српска страна.[618] Се состоел од 4 члена и преамбула во која се велело дека двајцата владетели ќе настојуваат да одржуваат што е можно поблиски пријателски врски. Единствена цел на договорот, се истакнувало во член два, бил да придонесе за развиток и напредок на двете земји сообрзно со нивните законски и автономни права.[619] Било наведено дека меѓу двајцата владетели треба да постои искрено пријателство и сојузништво, кое ќе постои трајно, без разлика на околностите. И двете држави требало да работат на изнаоѓање најдобри услови за развој на трговските врски.[620] На овој начин во случај на поголем балкански судир, Србија се обезбедила со неутралност на Романија, која ќе и овозможела сигурна врска со надворешниот свет.[621]

На 6 март 1868 год. биле разменети ратификациите. Големите сили и Портата се сомневале дека склучениот договор бил вперен против Портата и ги обвинувале Србија и Романија дека планираат предизвикување немири, пред се во Бугарија. Сомневањата и разните гласови довеле до незадоволство во дипломатските кругови.[622] По смртта на кнезот Михајло, односите меѓу двете држави продолжиле да се развиваат во духот на постоечкиот договор.[623]

---

[616] J. Ристић, Последња година спољашње политике.., стр.17
[617] Исто; Никола Гарвиловић, *Српско-румунски дипломатски односи* у доба борбе српског народа са Турцима за независност (1839-1878), зборник радова са научног скупа одржаног 2. и 3. децембра 1999 године, Београд, 2003, стр. 141
[618] Исто; Г. Јакшић- В. Вучковић, Спольна политика..., стр.519-521
[619] J. Ристић, Последња година спољашње политике.., стр.17
[620] Исто
[621] М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр.42
[622] Според изјавите на Јонеску, францускиот пратеник во Цариград предизвикал голема узбуна кога почнал да се сомнева во постоење на српско-романски договор, па дури барал и копија од договорот. (Николае Чакир, Прилог питању о румунско-српским политичким односима у периоду 1867-1868 године, Матица Српска, прештампано из књиге Уједињена омладина српска, зборник радова, б.г., стр. 469)
[623] Исто, стр.470

## II.2.6 Српско - албанските односи (1866-1868 год)

Барајќи сојузници во својата „историски" предодредена конфронтација со османлиската држава, на Србија неизбежно и се наметнува и воспоставувањето на политички врски со Албанците. Племенската и верска поделеност го повлекува и различниот политички и правен статус меѓу Албанците. Отсуството на политичка или воена организација ја правело српско-албанската соработка зависна од неколкумина албански старешини, придобиени со големи парични подароци, кои ќе се покажат превртливи и нестабилни за планираната акција. Муслиманскиот дел од албанските племиња цврсто врзани за османлиските традиции, биле предани на султанот. Од друга страна, тие биле и непомирливи противници на османлиските реформи насочени кон централизација на власта и администрацијата. Гарашанин сакал да го искористи тој политички антагонизам што се јавувал меѓу Албанците и османлиската управа и да ги придобие пред сè како силна воена сила. За вооружената борба против Османлиите земајќи ја во предвид и нивната местоположба, меѓу „српските и грчките жители во јадранското приморје", Гарашанин сметал дека секако било од корист да се придобијат.[624] Но проблемот околу воспоставувањето на соработка се наоѓал во претходно споменатата верска, општествена и племенска одвоеност на Албанците. Во помала или поголема мера, врски со католичките Албанците биле воспоставени, за разлика од муслиманските Албанците кои било тешко да се придобијат.[625] За таа цел Гарашанин сметал дека најпрво треба да се придобие некој нивен влијателен племенски поглавар, незадоволен и непријателски настроен кон Портата.[626] Таква погодна личност за соработка бил племенскиот поглавар Џелал-паша, од моќната албанска фамилија Зогу, кој поради сомневање дека учествувал во буни и заговори против османлиската држава, бил интерниран во Цариград.[627] Во разговорот кој се водел меѓу Ристиќ и Џелал-паша, албанскиот поглавар изјавил спремност да се крене против Османлиите, како и да се „врзе со народите кои имале исти желби", притоа барајќи заштита од некоја голема сила. Ветувал дека може да

---

[624]В. Стојанчевић, Политика Србије према Албанији у XIX веку, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд, 1990, стр.239,240

[625]Во почетокот на 60-те години Гарашанин одржувал врски со мирдитскиот свештеник Гаспар Красниќ. (Србија и ослободилачки покрети...,док. 255; В. Стојанчевић, Обновљена српска држава и Арбанаси 1804-1876 год., Србија и Албанци у XIX и почетком XX века, циклус предавања, Београд. 1990, стр. 23)

[626]Исто, стр.24

[627]Србија и ослободилачки покрети...,док. 249, 259

собере околу петнаесет илјади луѓе.[628] Соработката меѓу Ристиќ и Џелал-паша се остварила со посредство на секретарот во руското претставништво во Цариград, Хитрово и Наум Сидо, албански трговец.[629] Плашејќи се од превртливоста на албанските поглавари, а со цел да има документ со кој оневозможи повторна соработка на Џелал-паша со Портата како и да се осигура од компромитирање на Србија, Ристиќ му препорачал на албанскиот поглавар да напише писмо до кнез Михајло во кое ќе го понуди своето пријателство и намера да се побуни. За посредник меѓу српската влада и Џелал-паша бил назначен Сидо, кој имал усмено овластување од Џелал-паша да стапи во преговори за соработка со српската влада и да побара помош во муниција и пари.[630] Во својот извештај до Гарашанин од 29 мај 1866 год. Ристиќ нагласува дека придобивањето на Албанците, па дури и со парични средства, било од голема важност за Србија, бидејќи во спротивно, на османлиски повик би тргнале против Србија и со задоволство би ја ограбувале.[631]

Поради гласовите дека во Албанија почнале да се собираат чети, како и поради загриженоста на Џелил-паша дека е измамен, поаѓањето на Сидо за Србија било забрзано и на 8 јуни тргнал за Белград.[632] Таму имал неколку разговори со Гарашанин и на писмено му го изложил своето мислење за Џелал-паша и условите за кревање востание во Албанија.[633] Сидо сметал дека востанието во Албанија требало да биде што побрзо, наведувајќи ги како причина за тоа превртливоста и нестабилноста на луѓето околу Џелал-паша како и неговата лекомисленост и опасност дека би прифатил служба кај Османлиите. Ситуацијата во Средна Албанија и незадоволството предизвикано од османлиската администрација, исто така ги навел како причина за што поскоро кревање на востание.[634] Во својот извештај, Сидо искажал голема недоверба кон албанските старешини како и кон Џелал-паша и како најдобро средство за нивно придобивање го препорачал разделувањето на парични средства, притоа, предупредувајќи тоа да не се прави додека не се утврди датумот за востание. Претставувајќи се како добар познавач на албанските прилики, Сидо и советувал на српската влада да не се врзува многу со превртливите албански поглавари.[635] Гарашанин, не сакајќи да ја пропушти можноста за соработка со Албанците, му препорачал на Ристиќ да го земе Сидо во служба во српското

[628]Исто
[629]Исто, док.259
[630]Исто
[631]Исто
[632]Исто, док.269
[633]Исто, док.273
[634]Исто
[635]Исто

претставништво, како би известувал за ситуацијата меѓу Албанците и би ја ширел идејата за потреба од соработка со Србите.[636] Бидејќи Сидо во Белград дознал дека вооружената акција не е подготвена, а требало да му се даде одговор на Џелал-паша но во насока како не би се изгубила воспоставената соработка со него а акцијата би се зачувала за подоцна, Ристиќ и Сидо решиле да му соопштат на Џелал-паша дека кнезот Михајло со задоволство го примил неговото писмо и ќе му помогнел да стане господар на Албанија.[637] Единствено што се барало од него било да почека додека не дојде погодно време за акција.[638] Џелал-паша задоволен од одговорот ветил дека ќе почека. Набрзо потоа повторно им паднал во очи на Османлиите и дошол на мисла да оди во Париз и да побара Наполеонова поддршка.[639]Оценувајќи ја ваквата негова постапка штетна за српските интереси, Сидо успеал да ја осуети оваа негова намера меѓутоа не и да му влее трпение. Имено, крајот на септември, Џелал-паша го напуштил Цариград и во склад со османлиската политика за задушување на евентуални востанички движења, набрзо бил поставен за управник на Херцеговина и командант на нерегуларната војска.[640]

На иницијатива на Ристиќ, Сидо требало да биде поставен за руски конзуларен службеник во Драч. Трошоците за неговото издржување би ги понела српската влада.[641] Меѓутоа, Портата го спречила неговото поставување.[642]

Со обновување на преговорите со Грција, крајот на декември 1866 год., Србија повторно се обидела да ги придобие Албанците за соработка. Во меѓувреме, Ристиќ го известил Гарашанин за предлогот на Игњатиев за кревање востание во Албанија.[643] Ваквата идеја на Игњатиев дошла како реакција на акцијата на Портата за вооружување на муслиманските Албанци со цел да ги спречи идните побуни во Албанија. Игњатиев сам се понудил да ја финансира акцијата, со позајмување на две илјади турски лири од свои лични средства, напоменувајќи притоа дека во прво време нема да го извести Петроград за преземената акција.[644] Ристиќ побарал владина согласност за да се започне акцијата и за да ги прими понудените средства, која ја добил со телеграмата од 8 јануари 1867 год.[645]

---

[636]Исто, док.277, 281
[637]Исто, док.281
[638]Исто
[639]Исто, док. 301
[640]Исто, док.327
[641]Исто, док. 301, 305
[642]Исто, док.339
[643]Исто, док. 335
[644]Исто
[645]Исто, док. 341

Во почетокот на април 1867 год. во Цариград дошло до средба меѓу руското пратеник Игњатиев и Јован Мариновиќ, на која било решено да се организира востаничко движење во Албанија.[646] Востанието требало да започне во мај, со тоа што први на востание ќе се дигнеле Албанците, како би била оневозможена Портата да ги ангажира во задушувањето на останатите востанија кои би се надоврзале на ова.[647] За раководител на акцијата бил одреден Стојан Везенков(иќ), кој претходно во придружба на двајца или тројца соработници требало да замине за Белград за договор со српската влада.[648] Меѓутоа Игњатиев го изменил планот и наместо во Белград, Везенков најпрво заминал да го организира востанието во Албанија.[649] Но, единствено успеал да предизвика помали нереди во почетокот на мај 1867 год. Во текот на октомври 1867 год., Гарашанин се обидел да го искористи Везенков за воспоставување на соработка со албанските старешини. Со негово посредство во средината на февруари во Белград дошле неколкумина повлијателни Албанци, кои придобиени со разни подароци, се вратиле назад да чекаат на даден знак за востание.[650]

За приликите во Албанија и условите за кревање на востание говори еден мемоар од 1866 год., се претпоставува напишан од рускиот конзул во Албанија Јакубовски.[651] Во него, меѓу другото се нагласувала потребата најпрво да се кренат на востание муслиманските Албанци со цел османлиската држава да не може да ја искористи верската припадност за придобивање на Албанците како нивни соработници во задушувањето на востанијата.[652]

Краток временски период соработката со Албанците од северна Албанија се остварувала со посредство на католичкиот свештеник Франц Маури.[653] Во февруари 1866 год. бил испратен меѓу албанските племиња со цел да го испита нивното расположение и општите прилики во Албанија. По кратко време, поради сомневање дека работел за Австрија, соработката со него била прекината.[654]

Со посредство на Антун Глезер, католички теолог во служба на бискупот во

---

[646]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика..., прилог 12
[647]Д-р. Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, Скопје, 1977, стр.178
[648]Исто; Уште крајот на ноември 1866 год., Ристиќ го известил Гарашанин дека Везенковиќ ветувал дека можел да крене востание во Албанија и барал двесте илјади гроша. Ристиќ го оценил како несигурен. (Србија и ослободилачки покрети..., док. 326)
[649]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.415
[650]Србија и ослободилачки покрети..., док. 349
[651]Исто, док. 347
[652]Исто
[653]В. Стојанчевић, Обновљена српска држава и Арбанаси 1804-1876 год.,..., стр. 25
[654]Исто

Љеш, српската влада скоро една година одржувала врски со племето Мирдити.[655] По неговото напуштање на Албанија српската влада немала доверлив човек преку кој ќе можела да ги одржува контактите.

За планираната балканска вооружена акција, за Србија било важно да ја развие и грчко-албанската соработка. Но, со оглед на нетрпеливоста и честите судири меѓу грчките чети и Албанците на северната граница на Грција, соработката тешко можела да се оствари. Со вклучувањето на Албанците во балканската акција, од една страна би се оневозможило Османлиите да ја пресечат комуникацијата меѓу Србија и Грција, а од друга страна, доколку според српската замисла востанието започнело во Албанија, османлиската држава би била принудена на таа страна да ги испрати воените единици наменети за акција против Србија и Грција.

[655]Србија и ослободилачки покрети..., док. 358, 359

## II.2.7 Српско - австро-унгарските односи (1866-1868 год.)

Длабоко замешани во внатрешните работи на балканските држави, Големите сили со своите конкурентски и противречни интереси, ги исцртувале нивните граници и територии. Но нивната желба за контрола ќе биде загрозена од сонот за територијална експанзија на балканските народи. Тој сон често бил во судир со интересите на Големите сили или моменталните меѓународни односи од кои ќе зависи и понатамошниот развој на балканските држави. Односите меѓу балканските држави и големите сили, во конкретниот случај меѓу Србија и Австро-Унгарија, сложеноста на нивниот тек, содржина и обем бил условен од констелацијата на меѓународните односи. Крајот на 60-те год. се поставуваат основите на нивната длабока противречност всадена во нивите експанзионистички претензии, што во почетокот на наредниот век резултира со првата светска војна. Србија и Австро-Унгарија немале еднаква политичка положба и не биле на ист степен на општествено-политички развој , па следствено на тоа не може да имаа рамноправна улога во тие односи. Национално-политичките планови на Србија, меѓудругото условени и од внатрешната подготвеност т.е. неподготвеност на Србија, како и предимството во решавањето на дадени прашања, исто имаат улога во определувањето на карактерот на односите. И покрај сето тоа не треба да се занемари фактот дека Австро-Унгарија стоела на патот за остварување на пиемонтската улога на Србија во обединување на словенските народи. 1866 год., кога започнува процесот на најголема надворешно политичка активност на Србија, претставува пресвртница во меѓународните односи.

Појавувањето на Прусија, како сериозна опасност за опстанокот на постоечките граници во Европа, го изменила односот на европските сили. Експанзионистичките интереси на Австро-Унгарија кон југозапад и север се прекинати па своите погледи ги насочува кон југ а најпрво кон Босна и Херцеговина. На овој начин Австро-Унгарија претставува пречка за остварување на аспирациите на Србите, засновани на големосрпската идеја за обединување на јужното словенство, која предвидувала меѓудругото и присоединување на Босна и Херцеговина. И покрај тоа Србија, високо ценејќи ја моќта и силата на Австро-Унгарија, во моментите на австро-прускиот судир се трудела да ги сочува добрите односи со својот северен сосед. Иако гласовите за

истапување на Босна и Херцеговина во надомест за Венеција, им задавала голема грижа на српските државници, Србија не била во состојба да им се спротивстави. Кнезот Михајло и Гарашанин биле решени да ја држат Србија настрана од европските судири, како поради советот на Русија да не се предизвикуваат немири на Балканот, така и поради воената неподготвеност на Србија да војува на две страни, бидејќи судирот со Австрија би значел и судир со османлиската држава.[656]

Прусија и Италија се обиделе преку испраќање на свои делегати во Белград да ја придобијат Србија за воена соработка против Австрија. Така, во почетокот на јули 1866 год. во Белград пристигнал прускиот дипломат Пфуел со цел да издејствува српска помош за планираното востание во Унгарија.[657] Несакајќи да се доведе во непријателство со Австрија, Гарашанин и кнез Михајло одговориле дека Србија не може да се впушта во судир со Австрија се додека и се заканува опасност од османлиската држава, ниту да дозволи вооружени чети да поминуваат низ нејзина територија.[658] Српската влада побарала прво склучување на договор со Унгарците, па потоа учество во бараната акција.

На ладен прием во Белград наишол и италијанскиот дипломат Тир, чиј престој во Белград толку се одолговлечил што се појавила опасност од австриска реакција.[659] И во разговорите со Тир, Гарашанин, вооружената акција на Србија ја условувал со склучување договор за сојуз со кој би се обезбедило задоволување на српските интереси.[660] Притисокот врз Србија продолжувал и преку италијанскиот конзул Сковасо. Тој ја обвинувал српската влада дека е неспособна да работи за подобра иднина на српскиот народ. Гарашанин се почувствувал многу понижен и навреден од мислата на Сковасо дека Србија може да се изложи на опасности без никакви гаранции.[661] По повод разговорите водени со Тир, доаѓа до судир меѓу Гарашанин и воениот министер Миливоје Блазнавац. Имено, Блазнавац му изјавил на Тир дека Србија војнички е подготвена за војна, што од страна на Тир било пренесено на Бизмарк.[662] Доаѓа до остри преписки меѓу Гарашанин и Блазнавац со меѓусебни обвинувања за политиката која ја воделе.[663] Пруско-италијанскиот

[656]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.87
[657]Исто, док.89
[658]Исто
[659]Исто, док.94
[660]Исто, док. 102
[661]Исто, док.97
[662]Исто, док.99, 101; На 10 август на Тир му стигнала телеграма од Бизмарк во која се барало да ја продолжи акцијата во Србија, бидејќи во тек била организацијата на унгарската легија. (Исто, док.100)
[663]Исто, док. 108,109,110; Блазнавац, меѓу другото го обвинувал Гарашанин дека води слаба, неспособна и нерешителна политика, пред се кон Австрија. (Исто, док.111)

притисок врз српската влада попуштил по пораката на Бизмарк од 13 август 1866 год., да престанат сите акции додека траат преговорите со Австрија.[664]

Неизвесноста околу судбината на Австрија ги поттикнала кнезот Михајло и Гарашанин да го испитаат расположението меѓу Унгарците, Хрватите и Романците за создавање Дунавска конфедерација. Така, во почетокот на јули во Унгарија бил испратен Никола Крстиќ а во Романија Филип Христиќ.[665] Според извештајот на Никола Крстиќ, во Унгарија не станувало збор за востание. Се очекувало преминување на Австрија кон дуалистичко уредување, според кое Унгарците би добиле посебна влада која се очекувало да ја состави Андраши во почетокот на септември.[666] Со цел да се спречи било каква акција на Србија додека траела преговорите околу дуалистичкото уредување, Андрашиевиот близок соработник Ласло Хуњади во разговорите со Крстиќ и во писмото испратено до кнезот Михајло не само што ветувал дека Србите од Војводина би добиле автономна управа во жупаниjата каде биле мнозинство, туку и започнување преговори за сојуз меѓу Србија и Унгарија.[667]

Во целата оваа ситуација, Австрија сакајќи да го зачува статус-квото на Балканот, ја советувала Србија да се воздржи од акции што би можеле да ја нарушат постојната состојба и односите на Балканот. Ваквата политика ја задржала и по поразот од Прусија, кога несакајќи предизвикување на поголеми потреси на Балканот ги поддржала српските барања за тврдините кај Портата.[668]

Сепак Србија ја загрижувале понатамошните планови на Австрија и нејзиното насочување кон Источна Европа, уште повеќе што и пред Австро-пруската војна некои од европските држави ја „охрабрувале" да се ориентира кон Босна и Херцеговина. Пред таквата опасност Србија морала да побрза со својата „предодредена историска мисија" и да го оствари својот сон, пред сè за присоединување на Босна и Херцеговина. За Србите таа е неспорна територија и како таква влегува во рамките на сите српски преговарања и договори со балканските народи. До крајот на 1866 год., Србите својата национална пропаганда во Босна и Херцеговина ја развиваат преку ширење на известувачките служби и

[664]Исто, док. 114
[665]Исто, док.92, 96
[666]Исто, док.95, 96, 106
[667]Исто; Ова не можело да биде бидејќи надворешните работи во дуалистичката монархија биле заеднички и Унгарија немала право да склучува посебни политички договори.
[668]J. Ристиќ истакнува дека Австрија не сакала во нејзино соседство да се отвараат прашања кои би и сметале да се опорави од поразот, притоа нагласувајќи дека „Австрија и Османлиската Империја се како две стари згради, една на друга потпрени, па едната не може да се потресе а другата да не го почувствува потресот". (J. Ристић, Спољашњи односаји Србије новијега времена друга књига..., стр.487)

помагање на црквите и училиштата. Главни српски агенти во тоа време биле Тома Ковачевиќ и Стеван Богдановиќ.[669] Богдановиќ успеал да состави таен одбор во Сараево со повеќе пододбори низ Босна. Според Атанасиј Николиќ, тие го подготвувале населението за општо востание, ветувајќи рамноправност на христијаните и муслиманите.[670] Во Бања Лука како српски агент делувал Васа Пелагиќ, но поради неговото самоволие српската власт ја прекинала соработката со него.[671] Главен српски агент во Херцеговина бил архимандритот Серафим Перовиќ[672]

Крајот на 1866 год. и почетокот на 1867 год., поттикната од Критското востание и немирите во Епир и Тесалија, како и француско-руските разговори кои завршиле со предлогот за присоединување на Крит, Епир и Тесалија кон Грција, српската влада дошла на мисла да предизвика востание во Босна и Херцеговина со цел на ист начин како и Грција да дојде до саканите територии. Српската влада свесна за својата воена подготвеност и финансиски средства кои ги барала ваквата акција, како и опасноста на која се изложувала, најверојатно била на мисла и со самата закана за можна акција да предизвика отстапки од османлиската држава. Подготовките за востание во Босна и Херцеговина, неколку години ги проучувал А. Орешковиќ. Во март 1867 год. изработил план со главните елементи на акцијата.[673] Според него востанието требало да изгледа како борба на народот за слобода, па како чисто внатрешна работа на османлиската држава нема да има можност за надворешна воена интервенција. Најпрво требало да се започне со буни во Босна, Херцеговина и Стара Србија, кои со српска поддршка би се прошириле и во другите краеви, барајќи присоединување кон Србија. Османлиската држава ќе требало под притисок на дипломатијата да се согласи на присоединувањето или да ја нападне Србија. Во соработка со останатите балкански народи, успехот и во вториот случај и бил осигуран.[674] Во планот биле разработени и организацијата, составот, правецот на дејствување и снабдување на четите и потребните финансиски средства.[675]

Гласовите за планираната српска акција во Босна ја вознемириле Австро-Унгарија. По неколку дена од составувањето на унгарската влада, на 17 февруари, Андраши му испратил порака на српкиот кнез за испраќање на српски делегат во

[669] Србија и ослободилачки покрети.., док. 349
[670] Исто
[671] Исто
[672] Исто
[673] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.143
[674] Исто
[675] Исто

Пешта.[676] Придобивките од таквиот чекор биле објаснети со новата положба на Унгарците односно влијанието кое во иднина би го имале врз австриската надворешна политика.[677] По добиените упатства од Гарашанин и кнез Михајло, Никола Крстиќ тргнал за Пешта и веќе на 28 февруари 1867 ги имал првите разговори со грофот Хуњади.[678] Андраши од Крстиќ сакал да ги дознае намерите на Србија, бидејќи како што истакнал, уживајќи царска доверба бил во состојба да издејствува нешто за Србија.[679] Крстиќ му одговорил дека поблиската цел на Србија била добивање на тврдините, а подалечната ослободување и обединување на српскиот народ од османлиската власт, нагласувајќи притоа дека единствен начин да спречи ослободително движење било Портата да и ја предаде на Србија управата на Стара Србија и Босна и Херцеговина. Андраши се сложил со тоа, но инсистирал работите да се решат по мирен пат. Истакнал дека и на Унгарија и на Србија најголема опасност им се закaнува од Русија. Австрија не претставувала никаква закана за Србија, бидејќи како што образложувал Андраши, на Унгарија не и било од интерес да се шират границите и ќе се спротивставела на секој таков обид. Од друга страна, Унгарија не можела ни да дозволи Србија да се прошири преку Дунав.[680] Загрижен околу активностите на Србија околу балканскиот сојуз и акцијата против османлиската држава, Андраши со овие разговори не само што сакал да влијае за неизбувнување на поголеми потреси и немири на Балканот туку и да го дознае степенот на подготвеност на Србија за планираната акција бидејќи создавањето на јужнословенска држава јужно од Сава и Дунав која ќе го „привлекува" словенскиот дел од населението во Австро-Унгарија, не и одговарало.[681] Таквата зголемена српска држава, најверојатно под влијание на Русија, според австриските сомнежи и стравови би можела да поведе акција за освојување и на Далмација, Воена граница и Славонија.[682] Па според тоа за Австрија било најдобро Босна и Херцеговина да и припадне неа или да остане во османлиската држава. Заради обезбедување на своите интереси, Австрија била решена воено да интервенира во Босна и Херцеговина, веднаш штом би се појавил некаков немир.[683] На 3 март 1867 год. дала

---

[676]Исто, док.131
[677]Исто
[678]Исто, док.131, 132, 133, 134; Гарашанин му порачал на Крстиќ да ги дознае намерите на Унгарците како и да им нагласи дека треба да се смират со Србите и Хрватите, бидејќи Србија не можела да ги напушти интересите на Србите и Хрватите во Унгарија. Исто така требало да дознае дали Унгарците биле спремни на федерација со Србија. (Исто, док.131)
[679]Исто, док.137
[680]Исто
[681]Исто, док.134, фуснота1
[682]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.352
[683]Писма Илија Гарашанина..., стр.202

наредба за концентрација на воени единици на босанската граница.[684] За ваквата мерка Бајст имал поддршка и од Франција.[685]

По добиената француска поддршка Бајст решил да и испрати сериозна опомена на српската влада, но не во непријателска конотација. Имено, било решено грофот Едмонд Зичи на српскиот кнез да му пренесе усна порака од австрискиот цар. Целта на пораката била да и советува на српската влада да не презема никаква воена интервенција во Босна и Херцеговина и да го зачува мирот на Балканот.[686] Кнезот Михајло со мирољубиви изјави ја повторил српската решеност да води пријателска политика кон Австро-Унгарија.[687] Далеку од помислата да ја загрозува Османлиската Империја, но со цел да се спречат немири, нагласил кнезот Михајло, најповолно би било доколку Србија би ја добила Босна и Херцеговина на управување, со што би придонела за средување на приликите во Империјата. На тој начин, истакнал српскиот кнез, не само османлиската држава туку и Австрија би се ослободила од можните заплети на нејзината јужна граница.[688] Кнез Михајло на Зичи му предал мемоар од 5 точки, во кои барал да му се дадат на управување Босна и Херцеговина, без никакви повреди на султановите права или намалување на материјалната корист која Империјата ја имала од тие области.[689]

Во Белград мисијата на Зичи била протолкувана како дело на француската дипломатија, со цел да се осигура мир на Балканот додека Франција се спремала за војна против Прусија.[690] Но во секој случај мисијата го потврдила сомнежот кој постоел во Србија за заинтересираноста на Австрија за Босна и Херцеговина и подготовките кои ги правела за нејзино навлегување.

Наспроти настојувањата на Австрија да одржи мир во Србија, Прусија повторно се обидела да ја придобие за активна политика на Балканот, во време на ново ескалирање на воените судири на запад. Тоа би довело до одвојување на еден дел од воените сили на Австрија кои би биле ангажирани со случувањата на Исток. Па така, во првата половина на март 1867 год., во Белград пристигнал прускиот

---

[684] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама..., док.193; Документот, напишан 1868 год., претставува забелешка на бивш австриски офицер за австриските подготовки во пролетта 1867 год., за воената интервенција во Босна и Херцеговина.
[685] Исто, док.139; Францускиот министер за надворешни Мутије изјавил дека Франција се сложувала Босна и Херцеговина да остане или во состав на османлиската држава или да и припадне на Австро-Унгарија. (Исто)
[686] Исто, док.142
[687] Исто, док.141
[688] Исто, док.140,141
[689] С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михаила..., стр. 472
[690] В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама...,док.142; Наполеон III му ја нудел Босна и Херцеговина на Фрањо Јосиф како надополнување за изгубените територии на запад, под услов на заедничка соработка и политика против Прусија.

потполковник Паул фон Кренски.[691] Тој имал задача да ја испита состојбата во српската војска, со цел Прусија да имала во предвид колку може да смета на српската воена помош.[692] Меѓутоа по извештаите од Кренски за неподготвеноста на српската војска, за српските територијални барања за проширување, како и советите од Русија за невклучување на Србија во престојните немири, Бизмарк порачал воздржаност на Србија.[693]

Крајот на август 1867 год., во Иванка, Унгарија, дошло до средба меѓу кнезот Михајло и грофот Андраши.[694] Српскиот кнез, поминал на својот имот во Иванка на враќање од Париз, каде наишол на многу ладен прием при средбата со француските државници. [695] Грофот Андраши пак, по завршување на состанокот меѓу Наполеон и Фрањо Јосиф во Салцбург, заминал за Иванка.[696] За разговорите кои таму се воделе недостасуваат директни податоци од единствените инволвирани во разговорите, српскиот кнез и унгарскиот гроф. Според Ристиќ, на состанокот Андраши го уверувал кнезот Михајло дека Унгарија немала агресивни и амбициозни намери кон Исток а како доказ за тоа го навел неприфаќањето на француската понуда за проширување на Австро-Унгарија со Босна и Херцеговина. Андраши го искажал и своето стравување од словенофилската политика на Русија и нејзиното влијание кај Унгарските Срби. Во таа насока, според Ристиќ, тој побарал од српскиот кнез да ги

---

[691]Исто, док. 138
[692]Исто
[693]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.355; Што се однесува до руските советувања до српската влада, освен пораките во кои се препорачувала стрпливост и внимателност, стигнувале и такви кои барале Србија што побрзо да се определи за војна или мир, или барале побрзо кревање на востание. (Исто, прилог 7 и прилог 10); Во март 1867 год. Шишкин го известил Мариновиќ дека Горчаков ја одобрува српската политика. (Исто, прилог 8); Крајот на април 1867 год., користејќи го одржувањето на сесловенската етнографска изложба во Москва, Гарашанин го испратил Петронијевиќ во Петроград за да побара заем од рускиот цар. (Писма Илија Гарашанина..., стр.204); Во мај 1867 год. во Србија стигнала руска воена комисија, која требало да ја оцени подготвеноста на српската војска. Бидејќи извештајот околу материјалната подготвеност бил негативен, Гарашанин испратил барање за помош во оружје. Избегнувајќи компромитирање во Европа, Русија и дозволила на српската влада да ги проучи можностите за таен пренос на оружјето. (Ј. Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр.46-47)
[694]Исто, стр.59
[695]Писма Илија Гарашанина..., стр.211
[696]Во исчекување на француско-прускиот судир, Наполеон се обидел да ја придобие Австрија во неговите планови против Прусија. Австрија пак, во тоа време најголема опасност гледала во Русија и нејзините агресивни планови на Балканот. Според Јован Ристиќ, на оваа средба Наполеон повторно Босна и Херцеговина и ги нудел на Австро-Унгарија, на што Андраши не се согласил. Тоа било понудено како надомест за изгубените територии на Запад под услов за заедничка соработка против Прусија. (Ј.Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр. 61; С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михајла..., стр.373); Како и да е, несомнено е дека Андраши бил против зголемувањето на бројот на словенското население во Унгарија но од друга страна и против ширењето на една словенска држава во Босна и Херцеговина која би била под руско влијание. Според Пироќанац, за што Ристиќ не се согласува, австрискиот и францускиот император му наложиле на Андраши да преговара со српскиот кнез, знаејќи дека австриските и српските интереси дошле во судир. (М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједнича радња..., стр.78); И Гарашанин го делел мислењето дека Андрашиевото заминување во Иванка било во договор со австрискиот и францускиот император. (В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.183)

одвраќа Србите од Унгарија од непријателското држење кон унгарската влада.[697] Гарашанин, со кого Андраши не разговарал иако бил присутен во Иванка, констатира дека и покрај ветувањата кои и ги дала на Србија, Унгарија никогаш немала да биде искрен сојузник на Србија.[698] Забелешката која ја пишувал Гарашанин околу овие случувања, во рамките на неговите спомени, не била довршена па не може детално да се дознае за текот на разговорите.[699] Но од она што го навел произлегува заклучокот дека Андраши му дал некакви ветувања на кнезот Михајло. Станува збор за ветувањето дека ќе му помогне по дипломатски пат, „без крв" да дојде до Босна и Херцеговина. За разлика од него, Ристиќ негира дека имало било какви ветувања од австриска страна или понуди за територијално проширување на Србија.[700] Во прилог на тезата дека на средбата се говорело за територијално проширување на Србија односно можноста за поделба на Босна, сведочи и писмото на Л. Хуњади до кнез Михајло од 16 март 1868 год.[701]

Сликата за разговорот која ја прикажува Пироќанац го остава заклучокот дека после тој состанок кнезот во своите мисли се нашол на раскрсница меѓу политиката која дотогаш ја водел и правецот кој во Иванка му бил предложен. Имено, според Пироќанац, од кнез Михајло било барано да го сочува мирот на Балканот додека не се реши француско-прускиот судир, како Австрија би имала слободни раце на другата страна. Тоа би значело напуштање на активната балканска политика. Таа жртва Австрија би и ја надоместила на Србија со помошта да ја добие Босна и Херцеговина.[702]

Ако ја имаме во предвид тогашната австро-унгарска политика која вртејќи се на Балканот, најголема опасност гледала во Русија и нејзиното влијание врз балканските народи, конкретно врз Србија, повеќе од веројатно е дека наведените ветувања од Андраши се со цел да ја одвои Србија од Русија односно руското влијание да го замени австро-унгарско. Отргнувањето на српскиот кнез од планот за општо балканско востание и „српската национална мисија", исто лежи во позадината на Андрашиевиот предлог. Но прифаќањето на предлогот не само што значи

---

[697] J.Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр. 61-62

[698] В.J. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.183

[699] Исто

[700] J.Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр.62; Според Слободан Јовановиќ, Ристиќ не го употребил мемоарот од кнез Михајло даден на Зичи, во полемиката со Пироќанац иако го имал кај себе, а кој според Јовановиќ претставувал доказ дека Андраши немало потреба да го придобива српскиот кнез за босанските комбинации, зошто кнезот Михајло и самиот излегол со таков предлог до Австрија, кој всушност значел и откажување од воената акција и промена на општиот правец во политиката од русофилска кон австрофилска. (С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михаила..., стр. 478-479)

[701] В.J. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.194

[702] М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр.79-80

прекинување на врските со балканските народи туку и со Србите во Австро-Унгарија. Босна требало да биде „подарок“ на кнезот Михајло за да се откаже од Унгарските Срби. Идејата за голема балканска словенска политика би се заменила со „мала“ српска политика која не може да му ја донесе на кнезот Михајло посакуваната господаречка положба на Балканот. Примамливата понуда била причина за нерешителната и колебливата политика на кнез Михајло која почнал да ја манифестира по средбата во Иванка. Ваквиот став на кнез Михајло предизвикал револт, пред се кај Српското младинско движење, критички настроено кон владината внатрешна и надворешна политика.[703] Бил обвинуван дека ја напушта големата национална идеја, во моментите кои според Младинското движење биле извонредна прилика за ослободување и обединување.[704]

Сомневањата дека кнез Михајло отстапил од дотогашната политика уште повеќе се зголемиле со отпуштањето на Гарашанин од должноста претседател на владата и министер за надворешни работи, во ноември 1867 год. Според Пироќанац, мислата за негово одалечување потекнувала уште од средбата во Иванка.[705] Умереноста и внимателноста со која кнез Михајло планирал да настапува во надворешно-политичките односи не била во согласност со агресивната политика и планови на Гарашанин. Неговата индискреција во преговорите со пруските конзул била причината која кнезот ја навел во објаснувањата за неговото сменување, на новиот претседател на владата Никола Христиќ.[706] За Гарашанин, оваа одлука била директно инспирирана од нивните лични несогласувања околу прашањето за повторната женидба на кнезот и негативниот став на Гарашанин околу тоа.[707] На 13

[703]Во август 1866 год., на собрание во Нови Сад било формирано здружение „Обединета српска младина“ на чело со војводинскиот првенец Светозар Милетиќ. Целта на здружението кое требало да делува во сите српски покраини во османлиската држава и Австро-Унгарија, била ослободување и национално обединување на Србите и јакнење на националната свест. (С. Јовановић, Друга влада Милоша и Михајла..., стр. 393-403; Х. Зундхаусен, Историја Србије.., стр.133-139); Кнез Михајло бил обвинуван дека со неговото постојано одлагање на вооружената акција пропуштил многу поволни прилики за ослободување. На 18 август во Белград било закажано собрание на сите српски младински движења, што било непријатно и за српската и за австро-унгарската влада, од причина што самата покана на претставници од сите српски области како и Хрвати, Чеси и др., покажува антиавстриска манифестација. И покрај опомените собранието да се држи до неговата програма за културна работа, со избирањето на Јеврем Груиќ, истакнат противник на Михајловиот режим, за председател на Собранието, се демонстрира отворена осуда на владината политика. (Исто)
[704]Исто (С. Јовановић), стр. 403
[705]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр.77
[706]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.430
[707]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.179 (забелешка); По разводот од кнегињата Јулија, српскиот кнез сакал да се ожени со својата роднина Катарина Константиновиќ. Гарашанин се спротивставувал на овој брак. Околу нејзината мајка Анка Константиновиќ, главен заговорник за склучување на бракот, почнале да се собираат луѓе како министерот Блазнавац и други кои биле непријателски расположени кон Гарашанин, ги критикувале неговите воени планови и залагајќи се за приближување кон Австро-Унгарија, ја критикувале и неговата политика кон Австро-Унгарија. После средбата во Иванка, кнезот Михајло и групата на Анка се нашле на „иста страна“. (Исто; С.Јовановић, Друга влада Милоша и Михајла..., стр. 375-377)

ноември 1867 год, Гарашанин поднел предлог до Министерскиот совет за неодложно решавање на прашањето за наследство на српскиот престол.[708] Предлогот бил усвоен од сите членови на владата, кои го овластиле Гарашанин да му го поднесе предлогот на кнезот. Меѓутоа, според Гарашаниновото толкување, кнезот Михајло дознавајќи од некој од министрите за усвоениот предлог, а несакајќи да го решава тоа прашање, уште наредниот ден го сменил од државните должности.[709] За Јован Ристиќ, кој го наследува на местото министер за надворешни работи, овој предлог бил само „непосреден повод" за неговото сменување.[710] Оправданоста на овој чекор ја гледа во „истрошеноста" на Гарашанин чија сила повеќе не била доволна за така тешка задача.[711]

За ваквата одлука истовремено се пресудни како личните така и политичките мотиви на кнезот. Веројатноста дека сомнежот во воената способност на Србија, како и лојалноста и подготвеноста на балканските сојузници, придонеле кај српскиот кнез да се појави мисла за промена на политичкиот правец, е голема.[712] Желбата поточно потребата за економско издигнување на Србија, исто така има улога во односот на српскиот кнез кон Гарашанин и кон Австро-Унгарија. Имено, кнез Михајло сметал дека е од животно значење за Србија изградбата на железницата, која би ги поврзувала Западна Европа со Цариград, што од своја страна барало водење мирољубива политика.[713] Сета оваа „оправданост" за падот на Гарашанин, за тогашната јавност, како за и балканските сојузници, била протолкувана како напуштање на политиката на балканска соработка и заедничка акција против османлиската држава. До таков заклучок дошле делегатите на Бугарскиот одбор од Букурешт кои тие денови дошле во Белград со цел да ги утврдат последните подготовки за заедничка акција, а разочарани се упатиле за Петроград.[714] Иста „среќа" имале и хрватските претставници.[715]

Кон крајот на 1867 год., кај Големите сили повторно се појавиле сомневања

[708]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.179; Кнезот Михајло настојувал ова прашање да остане отворно, бидејќи се надевал дека ќе добие директен наследник во идниот брак со Катарина. (Исто, (забелешка)); Потребата од ваков предлог Гарашанин ја образложил со неопходноста од обезбедување на династијата со што ќе се осигурала и положбата на Србија на чело на јужнословенска држава. (Исто)

[709]Исто

[710] Што се однесува до поставувањето на Ристиќ на местото министер за надворешни работи, кнезот Михајло му ја доделил таа функција без никава консултација со него. (Alex N. Dragnich, Jovan Ristiħ and Serbia's struggle for independence and democracy, Serbian Studies, v.5, n.3, 1990, str. 58)

[711]J. Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр. 51-58

[712]Во писмото до Гарашанин од 7 јули 1867 год., изразува сомневања како во искреноста, пред се на грчкиот крал така и во воената подготвеност на Србија. (Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,прилог 13)

[713]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док.162

[714]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр. 90

[715]Исто

дека Србија се подготвува за напад на османлиската држава во пролетта 1868 год. Од таа причина Австро-Унгарија, Англија и Франција решиле да извршат притисок врз српската влада односно да и упатат „совети за смиреност". Обвинувајќи ја за своето вооружување и развивање на национална пропаганда, Бајст испратил заканувачка порака дека продолжувањето на српското вооружување, ќе ја принудело Австро-Унгарија, поради сопствена безбедност да преземе мерки за одбрана.[716] На овој чекор на трите Големи сили не се придружила Прусија, која од своја страна испратила предупредување до Австро-Унгарија дека обидот да ја окупира Босна и Херцеговина ќе ја вовлечел во војна со Русија.[717]

Со цел да ги дознае вистинските пруски намери кон Србија, поточно да дознае до кој степен може да очекува поддршка од Русија и Прусија, како и да ја испита остварливоста на разговорот со Андраши во Иванка, кнезот Михајло решил да го испрати Ристиќ во мисија во Будимпешта, Берлин, Петроград и Париз.[718] Во своите дела Ристиќ не дал поконкретни податоци за состанокот со Андраши во Будимпешта и дали е разговарано за можните комбинации со Босна и Херцеговина.[719] Од руските државници добил совети за стрпливост и умереност, ветувајќи му благонаклонетост како и во минатото.[720] Ако се земе во предвид тогашната констелација на меѓународните односи, разбирливо е дека српскиот кнез, голема важност и придавал не само на посетата на Будимпешта туку и на Берлин. Меѓутоа Ристиќ не успеал да оствари средба со Бизмарк и да ги дознае Бизмарковите планови во врска со Србија.

Наоѓајќи се меѓу два спротивставени табори, кои различно ја гледале улогата на Србија во позадината на нивниот судир, не може со сигурност да се каже дека кнез Михајло слепо се надевал на Андрашиевите ветувања, за што впрочем кажува и споменатата мисија на Ристиќ. Сомневајќи се во тоа, Андраши решил да поработи на придобивање на наклонетоста на Србија преку унапредување на австрискиот претставник во Белград во дипломатски агент на Австро-Унгарија. Таа функција му била дадена на Венјамин Калај, кој покрај титулата генерален конзул ја носел и титулата дипломатски агент и со тоа станал прв претставник од една голема сила со

[716] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.443-445
[717] Исто, стр.456; Крајот на мај 1868 год. била постигната руско-пруска спогодба според која во случај на австро-унгарска интервенција во Босна и Херцеговина, Прусија била должна на австриската граница да концентрира војска од сто илјади луѓе. Русија ја презела истата обврска во случај на пруско-француска војна. (Исто, стр.443)
[718] Alex N. Dragnich, Jovan Ristiћ and..., str. 59
[719] Во Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II (1860-1868), Ристиќ споменува дека се разговарало за положбата на Србите во Унгарија за кои Андраши тврдел дека ги нема во толкав број за да формираат посебна жупанија. (J. Ристић, Спољашни односи Србије новијега времена, књ.II, стр.57)
[720] J. Ристић, Последња година спољашње политике кнеза Михаила..., стр. 41-42

таква титула.[721] Пред да стапи на должноста, Калај добил упатства од Бајст за својата работа. Тој имал задача да ја одврати Србија од агресивната политика кон османлиската држава, предочувајќи ја опасноста од погрешна проценка на силата на османлиската држава, како и надежите за руска помош. Истиснувањето на руското влијание од Србија и замена со Австро-Унгарско било исто дел од неговите планови за дејствување во Белград. Требало да се спротивстави на српските територијални претензии на Босна и Херцеговина, но и на сите други со кои би се загрозиле интересите на Австро-Унгарија. Калај исто така требало да работи и на отфрлање на сите гласови за австро-унгарските освојувачки планови на Балканот.[722]

Очигледно е дека упатствата кои ги добил Калај од Бајст, а кои се однесуваат на Босна и Херцеговина, противречат со Андрашиевите ветувања дадени на српскиот кнез. Но Андраши продолжувал со својата игра започната во Иванка. Имено, според Орешковиќ, на средбата која ја имал со Андраши во Пешта се разговарало за српско-унгарските односи и посебно за планот на Србија да ја добие Босна и Херцеговина, за што Андраши ветувал поддршка, па дури и посредување во Виена и Париз. Андраши побарал, според изјавите на Орешковиќ, Србија да се обврзе на склучување сојуз со Унгарија, кој ќе се однесувал на меѓусебна одбрана.[723] Меѓутоа по смртта на кнезот Михајло, Орешковиќ истакнува дека дошло до промена на ваквиот став на Андраши, кој евентуалниот сојуз го врзувал единствено за кнезот Михајло.[724] Ако може да му се верува на Орешковиќ, овој став на Андраши ја покажува неговата неискреност, кој очекувајќи Србија и српската надворешна политика да ослабе по смртта на кнезот Михајло, цени дека повеќе не е потребно да и ветува поделба на Босна и Херцеговина.

Пред крајот на неговото владеење, кај кнезот Михајло почнале да се забележуваат знаци на враќање на старата политика. Прашање е дали и се откажал од неа или станува збор за внимателност во политиката во време кога се исцртуваат два спротивставени табори. Повторните средби и разговори со Гарашанин оставаат впечаток дека српскиот кнез се спремал да ја искористи очекуваната Француско-пруска војна за да ги оствари своите територијални продобивки. Според Пироќанац, два дена пред неговото убиство, Гарашанин и кнезот Михајло имале тричасовен разговор за заедничката работа на балканските народи.[725] Меѓутоа на 10 јуни 1868

---

[721]В.Ј. Вучковић, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама.., док. 191
[722]Исто, док.195
[723]Исто, док. 198
[724]Исто
[725]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр. 91

год., во Топчидер му бил извршен атентат од страна на приврзаниците на Александар Караѓорѓевиќ.[726] Поради ненадејната смрт останува неизвесно прашањето дали ќе ја продолжел работата на српските планови за вооружена балканска акција или ќе ја запрел, како што тоа го направиле неговите наследници.

[726] В. Стојанчевић, Историја српског народа, кн.5,том 1, ..., стр. 301

## *Глава Трета: Македонија во надворешната политика на кнезот Михајло Обреновиќ*

Како резултат на плановите за пиемонтската улога на Србија во обединувањето на јужното словенство, Македонија добива значајно место во надворешната политика на кнезот Михајло. Дали како објект на спогодување за евентуалниот балкански сојуз или како објект на кој по низа околности, независни од Србија, ќе се протегаат српските аспирации, без Македонија не можело да се смета на остварување на големодржавните српски планови. Широчината на надворешно политичките акции кои произлегуваат од овие планови, неизбежно го опфаќале и централниот дел на Балканскиот Полуостров. Една од главните задачи на Михајловата политика, а тоа е создавање на воени и политички сојузи со балканските народи за рушење на османлиската држава, не можела да го има посакуваниот исход без улогата на Македонија во спогодбите за склучување на сојузите. Како централна област на Балканот била главен објект за меѓусебните територијални пресметки и манипулации на малите балкански држави желни за економски и политички просперитет.

Во српската големодржавна програма односно Начертанието, Македонија посебно не се споменува како дел од српските аспирации. Но, со самото тоа што се зборува за обновување на старото српско царство се претпоставува дека е можно еден дел од Македонија да се подразбира под Бугарија, а северозападниот дел под Северна Албанија. Меѓу другото во Србија тогаш, малку се знаело за Македонија, бидејќи Србија немала никакви дипломатски или други претставници во османлиската држава од кои би добивала сигурни податоци за таа област.[727] Насочувајќи ја својата политика кон Босна и Херцеговина, Македонија во тоа време се наоѓала на маргините на српската надворешна политика.

Поопределено место добива во новата концепција за создавање јужнословенска држава со целосна превласт на Србија. За остварување на оваа цел, како што беше и претходно наведено, неопходно било спогодување со балканските народи за заедничко дејствување за придобивање на христијанските народи,

[727] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., стр.78,79

кревање на општо востание и заедничка војна против османлиската држава. Идната соработка меѓу балканските народи зависеше од спогодбите околу Македонија и поделбата на интересни сфери. Имено, околу Македонија на која свое право полагаа и Србија и Грција и Бугарија, се водеа главните битки околу усогласувањето на спротивставените интереси, пред сѐ меѓу српската и грчката големодржавна политика. Тоа се претчувствува уште на почетокот на 60-те години, кога српските весници излегле со осуда против Цариградската патријаршија и постапките на фанариотите во Македонија. Белградскиот дневен весник „Световид" и новисадскиот „Српски дневник", по повод апсењето и смртта на Димитрија и Константин Миладинови, во 1862 год., објавиле опширна статија во која ја изнеле борбата на македонскиот народ против фанариотите и грцизацијата на земјата, остро осудувајќи ги постапките на фанариотите како непријатели на словенството.[728]

Првото соочување на грчките и српските аспирации кон Македонија, дошло до израз во текот на српско-грчките преговори во Цариград во април 1861 год. Грчкиот претставник Рениерис, поднел предлог за дополнување на договорот за сојуз со клаузула за територијалното проширување на двете држави, според која Македонија би била анектирана од Грција.[729] Неможејќи да се согласи Македонија да стане „грчка земја", Гарашанин излегол со контра предлог односно предложил двете земји прво да ги добијат земјите северно од Шар Планина и јужно од Пинд и Олимп. На овој предлог Рениерис предложил да се подели Македонија на две пропагандни подрачја, односно да се повлечела линија која ќе ги обележела границите на дејствување на двете пропаганди. Грците своите агенти би ги праќале од Берат, преку Корча, Битола, Демир Капија, Радовиш, Разлог до просторот јужно од Балкан планина, а дејствувањето на српските агенти би се простирало од Драч, Елбасан, Охрид, Прилеп, Велес, Штип, Кратово, Горна Џумаја до пределите северно од Балкан.[730] Оваа одредба не била вметната во договорот кој кон крајот на јуни 1861 год. бил испратен до владите во Атина и Белград.[731] Во своето толкување на предложениот договор, Гарашанин истакнал дека најскромен, но можеби најповолен план за идните планови на Србија било доколку двете држави во тоа време би се договориле само на добивање на чисто српските односно чисто грчките провинции и така да дојдат до првите природни граници. Со текот на времето Србија ќе ја

[728]Џамбазовски Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, ИНИ, Скопје, 2006, стр.100-102
[729]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.474-477
[730]Исто
[731]Исто, стр.75

напуштела Грција и гледајќи го својот интерес немало да дозволи да се грцизираат ни Битола, ни Воден, Струмица, Дојран и други.[732] Во ноември 1861 год., српската влада одлучила да не го потпишува предложениот договор, главно поради преголемите претензии на Грција.

Во текот на 1866/1867 год. биле обновени српско-грчките преговори за сојуз. Во грчкиот предлог за сојуз од крајот на јануари 1867 год. не биле означени границите на територијалните проширувања на сојузниците на сметка на османлиската држава.[733] Наспроти тоа пак, српската влада излегла со предлог според кој се предвидувало Грција да ги добие Крит, Епир и Тесалија, а Србија, Босна и Херцеговина и Стара Србија. Меѓудругото се предвидувало и анексија на Македонија и тоа јужниот дел да биде анектиран од Грција а северниот од Србија.[734] Во предлогот не било прецизно објаснето кој дел се сметал за северна, а кој дел за јужна Македонија. Иако Македонија во тоа време немала приоритет во грчката надворешно-политичка активност за територијално проширување, Грците не можеле да се согласат некој да бара дел од Македонија, важна за идниот развој на Грција. На тој начин дошло до криза и застој во српско-грчките преговори.

Во меѓувреме дошло до интензивирање на српско-бугарските преговори. Бугарската емиграција во Букурешт обединета околу т.н. Добродетелна дружина, во почетокот на 1867 год., составила предлог за договор за создавање на двојна српско-бугарска монархија.[735] Во април 1867 год., Дружината донела нов акт наречен Протокол и истиот и бил предаден на српската влада. Во овој документ бугарските емигранти настапиле со отворени големо бугарски претензии кон Македонија. Имено, во предлогот за создавање на единствена српско-бугарска држава Македонија била класифицирана како бугарска земја, а македонскиот народ прогласен за бугарски.[736] Големобугарските аспирации кон Македонија дошле до израз и во српско-бугарските преговори од 1866 год. Така, во еден документ од март 1866 год., Гарашанин констатирал дека Бугарите сакале да ја бараат нивната Бугарија по Македонија, по Стара Србија а освен тоа ја засегнувале и тогашна Србија.[737] Што се однесува до спогодбата од 1867 год., Гарашанин сметал дека не може да ја потпише додека не биде јасно дека зад неа стои целиот бугарски народ а

---

[732]Исто, стр.476
[733]Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр. 97,98
[734]Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.322
[735]М. Пироћанац, Кнез Михаило и заједничка радња..., стр.36-37; М. Р. Степановић, Срби и Бугари..., стр.21-22
[736]Исто, стр.37-39; М. Р. Степановић, Срби и Бугари..., стр.23-24; Во член два се велело дека Југословенското царство ќе го сочинувале Србија и Бугарија (Бугарија, Тракија и Македонија).
[737]Србија и ослободилачки покрети..., док. 247

за да не ги одбие наполно од себе Бугарите, Гарашанин го известил бугарскиот одбор дека во основа е согласен со предлогот, оставајќи ги подробностите за подоцнежните разговори.[738] Всушност Гарашанин избегнувал потпишување било каков договор сè додека не завршеле српско-грчките преговори.

Завршните српско-грчки преговори, обновени во летото 1867 год., повторно наишле на пречки при утврдувањето на територијалните придобивки. Гарашанин побарал Србија да ги добие Босна, Херцеговина и Стара Србија до Дрим и Искер. Како одговор на српското барање, грчкиот преговарач Занос побарал Грција да ги добие Епир, Тесалија и Македонија. Како компензација за Стара Србија, Занос ја барал Македонија.[739] Според грчкиот преговарач, таа била лулка на елинизмот и морала да биде грчка.[740] Тоа предизвикало незадоволство од српска страна бидејќи според образложувањето на Ристиќ, додека Србија го барала она што е неспорно нејзино, Босна, Херцеговина и Стара Србија, Грците барале област во која „имало Грци само на крајните морски брегови па и таму не биле мнозинство".[741] Србија барала дел од Македонија затоа што не можела да дозволи „словенското племе да биде апсорбирано од Грците" истакнал Ристиќ.[742] Во контекст на тоа српските преговарачи во Фесло добиле инструкции од кнезот Михајло да ги бараат Босна и Херцеговина, а на Грција да ги признаат Епир и Тесалија, со барање Стара Србија да се добие без соодветен надомест за Грција.[743] Наспроти тоа грчкиот преговарач продолжил да ја бара Македонија на секое српско барање на Стара Србија. На крајот двете страни се договориле да се усвои принципот на компензација но без назначување на областите што би биле добиени.[744] Според толкувањето на Кумундурос, тоа значело дека на Србија доколку не ја добиела Босна и Херцеговина, ќе и припаднела Стара Србија и нешто од Албанија, додека на Грција доколку не ги добиела Епир и Тесалија, дел од Македонија.[745] На 26 август 1867 год. бил потпишан договорот меѓу Србија и Грција, но без да успеат да постигнат согласност околу поделбата на Македонија на интересни сфери.

Според воената конвенција склучена на 28 февруари 1868 год. во Атина, на Македонија и било дадено големо стратешко значење во заедничката војна.[746] Како

[738] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.385
[739] Исто, стр.390
[740] Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр. 105
[741] С. Терзић, Србија и Грчка..., стр. 132
[742] Исто
[743] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.393
[744] Исто
[745] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи.., стр. 85
[746] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.515-519; Македонија во билатералните и мултилатералните

важни стратегиски точки биле назначени Солун, Битола, Велес, Скопје, Куманово, Призрен и Приштина, чиј што главен центар бил Битола. Според тоа најголема важност требало да се даде на комуникациите што воделе кон Битола, посебно на патиштата од Солун, Велес и Охрид.[747]

Големо стратегиско значење и било дадено на Македонија и во статијата за српските воени операции против османлиската држава изработена од Љубомир Ивановиќ во 1866 год. и доставена на разгледување во военото министерство со цел да послужи како воен план.[748] Во неа се истакнувала важноста на Македонија од воено-оперативно гледиште, посебно на Битола кој бил нагласен како центар во кој би се сконцентрирала османлиската војска што ќе оперирала во средишниот дел на Балканскиот Полуостров.[749] Од таму Османлиите можеле најбрзо да испратат трупи во Грција, Албанија и Србија, а од Солун преку Битола можело релативно лесно и брзо да им пристигнат на османлиите воени и материјални засилувања од Цариград. Македонските востаници и другите востанички сили би требало да дејствуваат во реони блиски до центарот на османлиските оперативни и резервни сили како би се прекинале нивните меѓусебни врски и врските со Македонија.

Со цел да го испита и подготви теренот во Македонија пред планираната воена акција против османлиската држава, министерот за војската Миливоје Блазнавац, во почетокот на 1867 год. во Македонија го испратил Стеван Бинички, поранешен австриски офицер.[750] Тој имал задача да го обиколи теренот во Албанија и да се спушти по долината на Вардар до Солун, а патем да ја посети и Битола. Дали била изведена и со какви резултати оваа акција, не е познато.[751]

Во април 1867 год., на средбата меѓу Игњатиев и Мариновиќ во Цариград, било решено да се испрати во Албанија и Македонија, Македонецот Стојан Везенков, со цел да подготви востание против османлиската држава.[752] Србија требало да се грижи за снабдувањето на востаниците, а подоцна и да го преземе раководството со востаничките операции.[753] Иако планираната акција не успеала, сепак, Везенков посетил повеќе македонски и албански градови и села, насекаде агитирајќи за

---

договори..., стр.70-73

[747]Според член 9 од Конвенцијата, Грција требало да ги прекине патните комуникации кај Солун што оттаму воделе кон Битола, Србија да ги прекине патните комуникации што воделе кон Велес а Албанија со својата местоположба требало да ги затвори комуникациите од Јадранско Море кон Вардар и Дрим, а посебно тие кон Битола. (Исто)

[748] Србија и ослободилачки покрети..., док.310; Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи.., стр.85

[749]Исто (Љ. Доклестиќ...)

[750]Р. Поплазаров, Ослободителните вооружени борби..., стр.177,178

[751] Исто

[752] Исто, стр.178

[753] Г. Јакшић- В. Вучковић, Спољна политика...,стр.414-415

востание. Тој и подоцна имал значајна улога во востаничките подготовки на српската влада, посебно во одржувањето на врските со албанските поглавари.[754]

Посебна важност на македонската територија и дал и Атанасиј Николиќ во својот мемоар „Сегашноста и иднината на Балканскиот Полуостров".[755] Во него тој предлагал при подготовките на заедничкото востание, Македонија поради својата важност да се подели на два дела и наместо еден повереник да се постават двајца и тоа еден за северниот дел а друг за јужниот дел од Македонија.[756]

Внимание на Македонија и посветил и „Српски одбор" основан од Гарашанин во почетокот на 1862 год. Започнатите српско-грчки преговори ја наметнале потребата од поставување на политички агент во Македонија кој освен информативно-разузнавачки задачи ќе требало да работи и на тоа „Македонските словени при решавањето на Источното прашање да се признаат за Словени а не за Грци".[757] Така, во 1862 год. во Македонија бил испратен Стефан Верковиќ.[758] Тој бил првиот неофицијален претставник на Србија во Македонија, кој вршел разни задачи од дипломатско-политички, воено-разузнавачки и етнографски карактер. Постојаното седиште на Верковиќ бил Серес од причини што овој дел од Македонија бил најмногу изложен на грцизација и од таму можел да собере важни информации за движењето на османлиската војска, како и за работата на бугарските револуционерни организации. Преку тајни канали, Верковиќ повремено му испраќал на Гарашанин извештаи за движењето на османлиската војска, за состојбата на македонскиот народ и за неговата борба за народен јазик во училиштата и

---

[754] Србија и ослободилачки покрети..., док. 349

[755] Исто, док.219

[756] Исто

[757] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи.., стр.86

[758] Според Климент Џамбазовски, Верковиќ прв пат бил испратен во Македонија како доверливо лице на Гарашанин т.е. „Тајна радња", во време на уставобранителите. (К. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците..., стр.60,61); Атанасиј Николиќ во описот на работата околу општата спогодба за востание и обединување (1860-1868), наведува дека Гарашанин „испратил некој Стефан Верковиќ, учител, со потекло од Босна, да оди во Серес под изговор да собира старини како што тоа го правел и дотогаш- како стари пари, ракописи, а меѓудругото да послужи како главен агент, ширејќи ја во Стара Србија намерата за општо востание за ослободување и обединување на Србите". (*Србија и ослободилачки покрети..., док.349*); *Притоа Николиќ објаснил и дека Верковиќ во тој крај работел до бомбардирањето на Белград, кога бил повикан во Белград за да добие нови инструкции.* (Исто); Иако од тука се гледа дека Верковиќ работел како повереник на Гарашанин уште пред 1862 год., спорно е дали тој од почетокот на неговиот пртестој во Македонија се занимавал со доверлива работа или само со фолклорна и антикварна работа. Љубиша Доклестиќ смета дека тврдењето на Николиќ не може да се прифати и дека Верковиќ како постојан агент на српската пропаганда почнал да работи од 1862 год. Според него, Гарашанин во 1844 год., му доверил на Верковиќ информативно-разузнавачка работа во Албанија, кој освен низ Албанија пропатувал и низ некои делови во Македонија, собирајќи основни политички, етнички и воени податоци. Од 1855 год. Верковиќ живеел во Серес и се занимавал со собирање на антиквитети, народни умотворби и етнографски податоци. (Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи.., стр.78,79, 86); Во предговорот на „Народне песме Македонски Бугара", Верковиќ наведува дека патувал повеќе од девет години по Македонија, заради истражување на „народните словенски" старини. (Стефанъ И. Верковићъ, Народне песме Македонски Бугара, књига прва, женске песме, Београд, 1860) Од ова произлегува дека Верковиќ во Македонија работел од 1850 год.

црквите.[759] Во март 1862 год. Верковиќ допатувал во Белград, каде од Атанасиј Николиќ добил инструкции за својата идна работа. Од раководството на тајната пропаганда му била дадена задача да обиколи неколку поважни македонски градови, да се запознае со положбата и да најде луѓе кои ќе ја сочинуваат тајната организација за пропаганда во Македонија.[760] Како „општ повереник" со седиште во Серес требало да организира три обласни „повереништва", во Серес, Битола и Велес со цел тие да контактираат со „повереништвата" во другите градови низ Македонија. Повереницитe и нивните луѓе имале за задача да го следат расположението на народот кон османлиските власти, соседните земји и особено кон Србија, да ги следат движењата и мерките на османлиската војска и властите и преку Верковиќ да го известуваат раководството во Белград.[761] Меѓу познатите соработници и познајници на Верковиќ биле Кузман Шапкарев, Венјамин Мачуковски, Теодосиј Гологанов, а одржувал врски и со Јордан Х. Константинов- Џинот, Рајко Жинзифов и други македонски дејци.[762]

Од горенаведеното може да заклучиме дека од 1862 год. Верковиќ ја спроведува пропагандата на Гарашанин за подготовка на едно востаничко движење меѓу македонското население и работи за ориентирање на неговата свест во полза на словенството и на засилување на антипатријаршиското движење во Македонија. Неговото делување во тој правец најдобри резултати постигнало во Серскиот санџак.[763] Меѓутоа неговата агитација, пред сè против грчкото влијание, постепено добива карактер на пробугарска културна и национална пропаганда. Имено, Верковиќ во текот на 60-тите години објавил две свои книги, Народне песме Македонски Бугара и Описание бъита Болгар населяющих Македонию, со цел да ја докаже „словенско – бугарската" припадност на народот во Македонија.[764] Во предговорот на својата книга Народне песме Македонски Бугара, објавена во Белград во 1860 год., наведувајќи ги границите на Македонија се обидува да докаже дека населението меѓу Шар Планина и Егејското Море не е грчко, туку „словено – бугарско".[765] Од тие причини, од страна на некои српски автори ќе биде окарактеризиран како бугарски платеник.[766] Иако ова не може да се земе како

---

[759]К. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците..., стр.102-103

[760]Р. Поплазаров, Ослободителните вооружени борби..., стр.157, 158

[761] Исто, стр.159

[762] Исто, стр.163,164

[763]Иван Катарџиев, Борба до победа т.1, Мисла, Скопје, 1983, стр.170-177

[764] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи.., стр. 89

[765]Стефанъ И. Верковићъ, Народне песме..., (предговор)

[766]Во екот на делувањето на српската пропаганда во Македонија, Спиридон Гопчевиќ во своето дело Стара Србија и Македонија, од 1890 год., дава голема критика за Верковиќевата активност во Македонија притоа

апсолутно точно, бидејќи Верковиќ сепак, бил српски повереник во Македонија, несомнено е дека неговото делување против грчкото влијание во Македонија, а во склад со тоа и истакнувањето на словенскиот карактер на Македонците, донекаде и направил услуга на бугарската пропаганда.

Судирите меѓу балканските држави околу Македонија, српскиот филилог Милош С. Милојевиќ ги предвидел уште кон крајот на 1865 / 1866 год. Запознат со работата на одредени руски кругови кои го потпомагале бугарското национално движење и ширењето на бугарското влијание во Македонија, Милојевиќ кон крајот на 1865 год. и почетокот на 1866 год. во весникот „Световид" објавил серија натписи под наслов „Пропагандите во Турција" со цел да го ангажира српското општествено мислење за преземање акции во Македонија, кои ќе се спротивстават на бугарското влијание.[767] Милојевиќ се обратил до Гарашанин со барање кнезот Михајло да ги заштити српските интереси надвор од границите на Србија со отворање на училишта и нивно снабдување со наставници и учебници. Тој предлагал во Стара Србија и Македонија да се испратат околу педесет учители, кои таму би ја ширеле српската идеја. До тоа не дошло бидејќи таа работа била препуштена на Министерство за просвета кое било на мислење дека иницијативата за отворање на училишта требала да произлезе од самото население.[768]

Српската влада, во текот на 60-тите години успеала да привлече во своите воени единици и голем број македонски доброволци. За одбележување е нивното учество во српските единици околу бомбардирањето на Белград во 1862 год. Најзабележителна улога меѓу нив имал војводата Иљо Малешевски.[769] Во редовите на српската војска војувале и Ѓорѓија Пулевски и Димитар Беровски.[770] Во вооружените судири учествувале и македонските ученици во тогашните средни училишта во Белград.[771]

Со цел да го засили своето политичко и културно влијание во Македонија, српската влада на молби на одделни лица и црковно-училишните општини од Македонија се заземала за нив кај Портата и кај Цариградската патријаршија заради

---

истакувајќи дека нанела голема штета на српските интереси во Македонија. (Спиридон Гопчевић, Стара Србија и Македонија, д.2, Београд, 1890, стр. 242-243)

[767]К. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците..., стр.122,123

[768]Исто

[769]Владимир Стојанчевић, Учешће јужнословенских добровољаца у догађајима око бомбардовања Београда 1862, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд, 1990, стр.317

[770]Р. Поплазаров, Ослободителните вооружени борби..., стр. 205

[771]Според В. Стојановиќ, во учебната 1861/1862 год. во белградските училишта се школувале неколку македонски ученици: Василие Попов(иќ), Константин Мустрев, Јосиф Ковачев(иќ), Ѓорѓе Тодоров(иќ), Ѓорѓе Костиќ, Настас Крстиќ, Симо и Ѓорѓи Кузманов(иќ), Димитрије Петков(иќ). (В. Стојанчевић, Учешће јужнословенских добровољаца..., стр.317-318)

заштита на нивните интереси. Молбите во најголем дел биле барања за материјална и парична помош, што Србија без знаење на османлиските власти им ја испраќала. Помошта се состоела во учебници, книги, издржување на училиштата односно учителите, школување на момчиња од сите краеви на Македонија, парична помош и други потреби на манастирите и сл. Меѓу првите српски „национални работници" во Македонија кои пренесувале учебници, книги, доверливи писма, работеле во црквите и манастирите во корист на ширењето на српската идеја, а затоа добивале парична награда од српската влада, бил трговецот Јосиф Симонов(иќ) од Дебар.[772]

Овие појави на внесување на српски национални обележја не биле резултат на организирана и смислена српска национална дејност во Македонија. Активностите на српската политика во насока на србизирање на македонскиот народ стануваат интензивни по 1868 год. а посериозен организиран настап добиваат по 1878 год.

[772]Меѓу први активисти уште се споменуваат и Коста Танасков(иќ) и Петар Стојков(иќ). (Славиша Недељковић, Деловање одбора за школе и учитеље у српским областима у Македонији од 1868 до 1876 год., Вардарски зборник 8, САНУ, Београд, 2011, стр.287)

# Заклучок

Кога би ги сумирале резултатите од надворешната политика на кнезот Михајло ни се наметнува заклучокот дека оваа политика претставува чекор понапред во борбата на Србија за својата независност. Сонот за надминување на тесните граници и стремежот за самостоен државен развиток се главни двигатели на српската надворешна политика во време на кнезот Михајло. Борбата за целосно ослободување од зависноста на Портата и активностите околу создавањето на првиот балкански сојуз го обележуваат седумгодишното владеење на кнезот Михајло, оставајќи длабока трага во животот на Србија.

Иако условите како во Србија така и во меѓународните односи не биле доволно созреани за остварување на неговите надворешно политички цели, сепак нивното поставување има големо значење, и е за одбележување во српската и балканската историја. Револуционерното расположение на христијанските народи во Империјата, засилено со зголемени политички и културни врски и револуционерна пропаганда, биле дел од политичките пресметки на кнезот во неговиот план за рушење на османлиската држава. Друг важен момент на кој сметал кнезот Михајло е мислата за слабоста на Империјата и способноста на Србија и останатите балкански народи сами да се справат со неа. Голема надеж полагал во склучување на сојуз со балканските народи, кој требало да ја направи Србија средиште околу кое ќе се обединат балканските народи и ќе и осигура доминантна положба во идната балканска заедница.

Резултатите кои ги дава неговата надворешна политика на полето на балканските односи се сведуваат на склучување договори, конвенции, испраќање агенти по османлиските покраини, но истите не успеале да ги отргнат несогласувањата т.е. судирите на интереси меѓу балканските држави. Нивните експанзионистички политики како главен објект на спогодување и спорови околу поделбата на интересните сфери ја имаат Македонија, без која не можело да се замисли остварување на големодржавните планови. Надворешната политика која ја води Михајло, во насока на остварување на сонот за „Пиемонд" на Балканот, или поточно речено хегемон на Балканот не може да биде реализирана доколку не ја има Македонија, цела или најголем нејзин дел. Меѓусебната недоверба на балканските држави која произлегува од заедничките интереси споменати претходно,

меѓу другите фактори, како економската и воената слабост како и неповолната меѓународна ситуација, е пресудна за оневозможување реализација и спроведување во пракса на дипломатските активности.

Својата надворешно политичка активност ја започнал со обидите за решавање на прашањето за иселување на муслиманското население од Србија. Уставните промени прифатени на Преображенското собрание, создавањето на народната војска и воените подготовки на Србија, ги влошувале српско-османлиските односи, чија заостреност својата кулминација ја достигнува во летото 1862 год. Расплетот од тие настани предвидувал помалку за Србија од она што барала нејзината влада. Но и покрај тоа, потребата османлиските посади да ги напуштат тврдините била постојано истакнувана од страна на Србите и нивните пратеници кај Големите сили. Конечно, благодарејќи на добро искористената меѓународна ситуација, активностите на кнезот Михајло околу добивањето на тврдините добиле позитивен исход. Така, во април 1867 год. султанот му го предал заповедништвото над тврдините во Србија и до почетокот на мај Србија ја напуштиле и последните одреди на османлиска војска. Ова било најголем успех во неговата надворешна политика.

Идејата за балкански сојуз имала значајно место во српската политика од 60-те години. Договорот за сојуз со Грција бил темел на политиката за балканска спогодба. Врз него Србија ја градела својата стратегија за големата ослободителна војна против османлиската држава. Преговорите меѓу Гарашанин и Рениерис во Цариград во текот на 1861 год., биле прво официјално соочување на српската и грчката национална програма и прво соочување на нивните големодржавни планови со територијални аспирации кои се протегаат на ист простор. Со оглед на тоа, големите претензии на Грција на север се „оправдана" причина за повлекувањето на Србите од овие првични преговори. Крупните несогласувања околу прашањето за судбината на османлиското наследство, кои во основа ја имале Македонија како главен предмет за причина за спорови и спогодувања, привидно беа решени со потпишувањето на Договорот за сојуз, на 26 август 1867 год. Конечниот исход од долгите српско-грчки преговори резултирал со општа согласност околу минималните барања, односно Србија да ја добие Босна и Херцеговина а Грција Епир и Тесалија, притоа не предвидувајќи поделба на спорните територии.

Во текот на 1861/1862 год. биле започнати преговори и со останатите балкански народи. Планираната војна со османлиската држава, која не можела да започне пред завршувањето на воените и политичките подготовки, како и не биде осигурано невмешување на големите сили, претпоставувала меѓу другото и сојуз со

останатите балкански народи. Била потребна општа балканска акција, подигната во вистински момент, наспроти локалните буни кои ја трошеле силата. Од таа причина кнезот Михајло се обидувал да го разубеди црногорскиот кнез Никола, како и албанските, бугарските и грчките водачи во штетноста од локалните акции и да ја истакне нужноста од нивна спогодба со Србија. На 5 октомври 1866 год. српскиот и црногорскиот кнез се обврзале на согласна и искрена работа како би се подготвило востание против Империјата, кое ќе донело ослободување на српскиот народ и негово обединување со Црна Гора во голема српска држава на чело со кнезот Михајло како нејзин владетел. Настојувајќи однапред да ја осигура превласта и доминантната положба на Србија во идната држава, политиката на кнезот Михајло предизвикала недоверба кај црногорскиот владетел. Од друга страна, и поради нецелосното остварување на желбите и интересите на кнезот Никола околу наследноста на српскиот престол, српскиот кнез не може да смета на апсолутна сигурност дека одредбите од договорот од црногорска страна ќе бидат испочитувани.

Српско-бугарската соработка која во текот на 1861/1863 год. завршила со неуспех и меѓусебна недоверба, се интензивирала во текот на 1867 год. Кнезот Михајло и Гарашанин настојувале да ги вовлечат Бугарите во планираната општо балканска акција, пред се поради нивната значајна географско-стратешка положба од каде би произлегувала и нивната задача во спречување на османлиското снабдување од Бугарија и попречување на сообраќајните врски. Меѓутоа непостоењето на единство во бугарските емигрантски организации ќе предизвика недоверба и оддолговлекување на спогодбата. Еден дел од бугарската емиграција во Букурешт обединет околу т.н. Добродетелна дружина, на 17 април 1867 год. усвоиле акт наречен Протокол со кој се предвидувало соединување на двата народа во заедничка држава под името „Југословенско царство", на чело со кнезот Михајло. Гарашанин го поздравил и поддржал предлогот на бугарската дружина, но во исчекување на исходот од преговорите во Атина, откажал да потпише формален договор. Потпишувањето на спогодбата за обединување ја оставил за подоцна кога одборот меѓу другото, би ја придобил согласноста за обединување од целиот бугарски народ односно би воспоставил единство со другите бугарски емигрантски организации.

Кнезот Михајло одржувал врски и со водачот на Хрватската народна партија, бискупот Штросмајер, на кого во март 1867 год. му поднел предлог за заедничка соработка за кревање востание во Босна и создавање на југословенска држава. Разочаран во дуалистичката политика на австрискиот двор, Штросмајер се согласил

со понудената соработка.

Српско-романските односи, чије позитивен тек бил неопходен за одржување на потребните трговски врски и помошта околу преносот на оружје, резултираат со склучување на Договор за зацврстување на меѓусебното пријателство, соседските и трговските врски меѓу двете држави, во февруари 1868 год. Поради постојаната нестабилна внатрешна ситуација во Романија, Гарашанин избегнувал склучување на политички договор.

Надворешно-политичките планови на кнезот Михајло и во склоп на нив и претходно споменатото политичко и воено обединување на балканските држави и народи, произлегуваат од објективните околности во српскиот внатрешен развој. Прашањето е колку Србија реално ги оценила своите можности за таква голема акција, ако се земе во предвид дека српскиот граѓански слој се уште не бил идеолошки изграден за водење експанзионистичка политика што на претходно споменатите национално ослободителни планови им дава белег на неразвиеност. Ниедна од претпоставките на која се засновала идејата за акција против османлиската држава не била доволно реална. Србија била воено неподготвена а ја потценувала и воената сила на османлиската држава. Од друга страна и материјалната, воената и моралната состојба на балканските народи била таква што идејата за општо востание била само илузија.

И покрај тоа што навидум изгледало дека во време кога се водат војните за обединување на Италија и Германија се создадени поволни услови за решавање на Источното прашање во корист на балканските народи, меѓународните околности говорат сосема спротивно. 1866 год., кога започнува процесот на најголема надворешно политичка активност на Србија, претставува пресвртница во меѓународните односи бидејќи на политичката сцена се појавува Прусија, како сериозна опасност за опстанокот на постоечките граници во Европа. Експанзионистичките интереси на Австро-Унгарија кон југозапад и север се прекинати па своите погледи ги насочува кон југ а најпрво кон Босна и Херцеговина. На овој начин, Австро-Унгарија претставува пречка за остварување на аспирациите на Србите, засновани на големосрпската идеја за обединување на јужното словенство, која предвидувала меѓу другото и присоединување на Босна и Херцеговина. Австрија несакајќи избувнување на судири и на Балканот, постојано и советувала смиреност на Србија. Од друга страна, кнезот Михајло и Гарашанин знаејќи дека судирот со Австрија би значел и судир со османлиската држава решиле да ја држат Србија настрана од европските судири, како поради советот на Русија да

не се предизвикуваат немири на Балканот, така и поради нејзината воената неподготвеност да војува на две страни. Во времето кога на европската сцена се исцртуваат два спротивставени табори, се забележува внимателност во политиката на кнезот Михајло. Размислувањето кој од нив ќе биде најпогоден за остварување на српските интереси даваат обележје на колебливост во неговата политика. Понудата на Босна и Херцеговина на средбата во Иванка придонесува за нерешителноста која почнал да ја манифестира, што како последица ќе ги има обвинувањата дека ја напушта големата национална идеја. Сомневањата дека кнез Михајло отстапил од дотогашната политика уште повеќе се зголемиле со отпуштањето на Гарашанин од должноста претседател на владата и министер за надворешни работи. Неговата смрт го остава нерасветлено прашањето дали кнезот Михајло бил спремен големата политика да ја замени со „мала" српска политика која неможе да му ја донесе посакуваната господаречка положба на Балканот.

Кнезот Михајло ја подигнува националната свест на Србите до дотогаш невидени висини, „фрлајќи" ја во народот идејата за „национално ослободување и обединување". Српската историја националното движење го изедначува со личноста на кнезот Михајло а наведеното „ослободување и обединување" го смета за негов завет и оставштина.

## Извори и литература

### *а) Извори*


- Вучковић Ј. Воислав, Политичка акција Србије у јужнословенским покрајинама Хабсбуршке Монархије (1859-1874), Београд, 1965
- Грађа за историју македонског народа из архива Србије, т. II, књ.1 (1856-1863), Београд, 1981
- Грађа за историју македонског народа из архива Србије, т. II, књ.2 (1864-1868), Београд, 1982
- Записи Јеврема Грујића, књ.III, Београд, 1923
- Записи седница Министарског савета Србије, 1862-1868, приредио Никола Шкеровић, Београд, 1952
- Македонија во билатералните и мултилатералните договори на Балканските држави 1861-1913, документи, редакција и коментар Др. Михајло Миноски, Скопје, 2000
- Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Знаменита документа из историје српског народа 1538-1918, Нови Сад, 2007
- Начертаније Илије Гарашанина, програм спољашње и националне политике Србије на концу 1844.године,(приступ написао Душан Т.Батаковић, приредио Мирослав Јосић Вишњић), Библиотека Акта, Београд, 1991
- Писма Илије Гарашанина Јовану Мариновићу, књ.II (1859-1874 године), средио Ст. Ловчевић, Београд, 1931
- Србија и ослободилачки покрети на Балкану од Париског мира до Берлинског Конгреса (1856-1878), књ.I (1856-1866), приредили Василије Крестић и Радош Љушић, Београд 1983
- Преписка између Кнеза Михаила Обреновића III и српскога заступника у Цариграду Јов.Ристића 1861-1867, са уводом и једним додатком од Јов.Ристића, Београд, 1897
- Петар Поповић, Односи Србије и Црне Горе у XIX веку: 1804-1903, Београд, САНУ, 1987

*б) Литература*


- Алексић Лилјана, Став Француске према Србији за време друге владе кнеза Милоша и Михаила (1858-1868), Београд, 1957
- Верковићъ Стефанъ И, Народне песме Македонски Бугара, књига прва, женске песме, Београд, 1860
- Виноградов В.Н, Международные отношения на Балканах: 1856-1878,Москва, 1986
- Гавриловић Никола, Српско-румунски дипломатски односи у доба борбе српског народа са Турцима за независност (1839-1878), Србија и ослобођење српског народа у Турској 1804-1912, зборник радова са научног скупа одржаног 2. и 3. децембра 1999 године, Београд, 2003
- Gleni Miša, Balkan 1804-1999: nacionalizam, rat i velike sile, Beograd, 2001
- Гопчевић Спиридон, Стара Србија и Македонија, д.1, д.2, Београд, 1890
- Доклестиќ Љубиша, Македонците во Србија и нивното учество во нејзиниот стопански и општествен живот во XIX век, ГИНИ XIII/1-2, Скопје, 1969
- Доклестиќ Љубиша, Српско-македонските односи во 19 век, Нова македонија, Скопје, 1973
- Dragnich N.Alex, Jovan Ristiћ and Serbia's struggle for independence and democracy, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian studies, v.5, n.3, 1990
- Dragnich N. Alex, Leadership and Politics: Nineteenth Century Serbia, The Journal of Politics, v.37, n. 2, (May, 1975)
- Екмечић Милорад, Дуго кретање између клања и орања Историја Срба у Новом веку (1492-1992), (друго, допуњено издање), Београд, 2008
- Живановић Живан, Политичка историја Србије у другој половини XIX века,књ.II (1858-1878), Београд,1924
- Зундхаусен Холм, Историја Србије од 19. до 20. века, (превео с немачког Томислав Бекић), Clio, 2009
- Игнятовић Джордже, Договор князя Михаила с „Добродетельной дружиной о югославском царстве и некоторые события в 1867-68г., actes du premier congres international des studes balkaniques et sud-est europeenes, IV, Histoire (XVIII-XIX ss.), Sofia, 1969

- Јакшић Гргур и Вучковић Војислав, Спољна политика Србије за владе кнеза Михаила (први балкански савез), Београд, 1963
- Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија: 1830-1881, Скопје, 2005
- Јовановић М. Јован, Јужна Србија од крај на XVIII век до ослобођења, Београд, 1941
- Јовановић Слободан, Друга влада Милоша и Михаила, Београд, 1933
- Јовановић Радоман, Политички односи Црне Горе и Србије 1860-1878, Историјски институт СР Црне Горе у Титограду, Цетиње, 1977
- Катарџиев Иван, Борба до победа т.1, Мисла, Скопје, 1983
- Крестић Василије, Историја Срба у Хрватској и Славонији: 1848-1914, Београд, 1992
- Krestić Vasilije Đ., Srpsko-hrvatski odnosi i jugoslovenska ideja u drugoj polovini XIX veka, Beograd, 1988
- Лилић Борислава, Из прошлости српско-бугарских односа, Београд, 1999
- Манчев Кръсто, История на балканските народи, том 1 (1352-1878), Парадигма, София, 2006
- Мекензи Дејвид, Илија Гарашанин-државник и дипломата, Београд, 1987
- Мекензи Дејвид, Илија Гарашанин, српски народни вођ, 1843-1867, Илија Гарашанин: (1812-1874): зборник радова са Међународног научног скупа одржаног 9 и 10.12.1987, Београд, САНУ, 1991
- Meckenzie David, Jovan Marinović, Serbia's Outstanding European Diplomat 1821-93, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian Studies, v.20 n.1, 2006
- Meyer Martha, The Early Development of the Serbian and Romanian National Movements, 1800-1866: A Comparison, (Presented to the Department of History and the Honors College of the University of Oregon in partial Fulfillment of the requierements for the degree of Bachelor of Arts (Honors College), August, 1977
- Milosavljević Petar, The Serbian-Greek Convention of 1861, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, collection of reports from the second greek-serbian symposium, 1980, Belgrade, 1982
- Миноски Михајло, Македонија во српско-грчките преговори за поделба на интересни сфери во 1861/1862 год., Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј", Скопје, 1989
- Недељковић Славиша, Деловање одбора за школе и учитеље у српским

областима у Македонији од 1868 до 1876 год., Вардарски зборник 8, САНУ, Београд, 2011

- Petrovich Michael Boro, Karadzic and Nacionalism, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian studies, v.4, n.3, 1988
- Пироћанац С.М., Кнез Михаило и заедничка радња балканских народа, Београд, 1895
- Пироћанац С.М, Међународни положај Србије, Београд, 1893
- Поплазаров Ристо, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, ИНИ, Скопје, 1977
- Пржић Илија, Спољашна политика Србије (1804-1914), Београд, 1991
- Riker T.W., Michael of Serbia and the Turkish Occupation: I, The Slavonic and East European Reviev, v.12, n.34, (Jul.1933)
- Riker T.W., Michael of Serbia and the Turkish Occupation: III, The Slavonic and East European Reviev, v.12, n.36, (Apr.1934)
- Ристић Јован, Спољашњи односаји Србије новијега времена, књ. I (1848-1860), књ.II ( 1860-1868), Београд, 1887
- Ристић Јован, Последња година спољашне политике кнеза Михаила, Београд, 1895
- Sotirović Vladislav B., Serbia's Diplomatic Preparations for the creation of the first Balkan Alliance, 1861-64, Serbian Studies: Journal of the North American Society for Serbian studies, v.22 n.1, 2008
- Stavrianos L.S., Balkan federation. A history of the movement toward Balkan unity in modern times, Northampton, Mass, Dept. of history of Smith college, 1944
- Stavrianos L.S., The Balkans 1815-1914, Bershire, 1963
- Степановић Р. Милутин, Срби и Бугари у прошлости и садашњости, Београд, 1924
- Stoianovich Traian, The Pattern of Serbian Intellectual Evolution, 1830-1880, Comparative Studies in Society and History, v.1, n.3, (mar.1959)
- Стојанчевић Владимир, Гарашанинова политика ослобођења Срба у Турској концепција, методи и резултати, Илија Гарашанин: (1812-1874): зборник радова са Међународног научног скупа одржаног 9 и 10.12.1987, Београд, САНУ, 1991
- Стојанчевић Владимир, Георги Сава Раковски и питање бугарско-српске сарадње за ослобођење балканских народа од турске власти, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд,1990

- Стојанчевић Владимир, Обновљена српска држава и Арбанаси 1804-1876 год., Србија и Албанци у XIX и почетком XX века, циклус предавања 10-25 новембар 1987, Београд, 1990
- Стојанчевић Владимир, Политика Србије према Албанији у XIX веку, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд, 1990
- Стојанчевић Владимир, Историја српског народа, књ.V,т.1, од Првог устанка до Берлинског Конгреса:1804-1878, Београд, 1981
- Стојанчевић Владимир, Србија и Бугари 1804-1878, Београд, 1988
- Стојанчевић Владимир, Учешће јужнословенских добровољаца у догађајима око бомбардовања Београда 1862, Србија и ослободилачки покрет на Балканском Полуострову у XIX веку, Београд, 1990
- Страњаковић Драгослав, „Начертаније" Илија Гарашанина, Гласник историског друштва у Новом Саду IV/3, Сремски Карловци, 1931
- Страњаковић Драгослав, Политичка пропаганда Србије у југословенским покрајинама 1844-1858 године, Гласник Историјског друштва у Новом Саду IX,1936
- Терзић Славенко, Србија и Грчка:(1856-1903): борба за Балкан, Београд, 1992
- Трайков Веселин, Идеологически течения и програми в националноосвободителните движения на Балканите до 1878 година, София, 1978
- Трайков Веселин, Раковски и балканските народи, София, 1971
- Чакир Николае, Прилог питању о румунско-српским политичким односима у периоду 1867-1868 године, Матица Српска, прештампано из књиге Уједињена омладина српска, зборник радова, б.г.
- Чубриловић Васа, Историја политичке мисли у Србији XIX век, Београд, 1958
- Џамбазовски Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, ИНИ, Скопје, 2006
- Џамбазовски Климент, Најзначајни српски документи за Македонија, Македонски духовни конаци, Скопје, 2009
- Đorđevič Života, Čukur-česma 1862: studija o odlasku Turaka iz Srbije, Nolit, Beograd, 1983